ДИРЕКТИВА 2014/25/ЕУ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ

од 26 февруари 2014 година

за набавки на субјекти кои работат во секторите водостопанство, енергетика, транспорт и поштенски услуги и за укинување на Директива 2004/17/ЕЗ

(Текст со ЕЕО важност)

ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската унија, а особено член 53(1) и член 62 и член 114 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Европската комисија,

По проследување на нацрт законодавниот акт до националните парламенти,

имајќи го предвид мислењето на Европскиот економски и социјален комитет ([1]),

имајќи го предвид мислењето на Комитетот за региони ([2]),

Постапувајќи во согласност со редовната законска постапка ([3]),

со оглед на тоа што:

(1) Во однос на резултатите од работните документи на персоналот на Комисијата од 27јуни 2011 година со наслов „Извештај за оценка —влијание и ефективност на законодавството на ЕУ за јавни набавки“, се чини соодветно да се одржуваат правилата за набавки од страна на субјектите кои работат во секторите водостопанство, енергетика , транспорт и поштенски услуги, бидејќи националните органи се уште се во можност да влијаат на однесувањето на овие субјекти, вклучувајќи го учеството во нивниот капитал и претставувањето во административните, управните или супервизорските тела на субјектите. Друга причина да се продолжи да се регулира набавката во овие сектори е затворената природа на пазарите на кои работат лицата од овие сектори, што се должи на посебни или ексклузивни права дадени од страна на земјите-членки во однос на набавката, обезбедувањето или работењето на мрежите за обезбедување на засегнатата услуга.

(2) Со цел да се гарантира конкурентност за набавката од страна на субјектите кои работат во секторите водостопанство, енергетика, транспорт и поштенски услуги, одредби треба да се подготват за координирање на постапките за јавни набавки во однос на договорите над одредена вредност. Ваквата координација е потребна за да се обезбеди ефектот на начелата од Договорот за функционирањето на Европската унија (ДФЕУ), а особено слободното движење на стоки, слободата на основање и слободата на давање услуги, како и начелата кои произлегуваат од истите како еднаков третман, недискриминација, взаемно признавање, пропорционалност и транспарентност. Во

[1]Сл. весник С 191, 29 јуни 2012 година, стр. 84.
[2]Сл. весник С 391, 18 декември 2012 година, стр. 49.
[3]Ставот на Европскиот парламент од 15 јануари 2014 година (се уште необјавен во Службениот весник), и одлука на Советот од 11 февруари 2014 година.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

однос на природата на погодените сектори, координацијата на постапките за јавни набавки на ниво на Унијата треба, применувајќи ги овие начела, да се воспостави рамка за здрава деловна практика и треба да се овозможи максимална флексибилност.

(3) За набавките чија вредност е пониска од праговите за примена на одредбите на Унијата за координација, препорачливо е да се потсети на судската пракса на Судот на правдата на Европската унија во однос на правилната примена на правилата и начелата од ДФЕУ.

(4) Јавните набавки имаат клучна улога во Стратегијата Европа 2020, утврдена во Соопштението на Комисијата од 3 март 2010 година насловено „Европа 2020 година, стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст“ (“Стратегија Европа 2020 за паметен, одржлив и инклузивен раст“), како еден од инструментите на пазарот со цел да се постигне паметен, одржлив и инклузивен раст, истовремено обезбедувајќи најефикасна употреба на јавните средства. За таа цел, правилата за јавни набавки донесени во согласност со Директива 2004/17/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот ([1]) и Директива 2004/18/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот ([2]) треба да се ревидираат и модернизираат со цел да се зголеми ефикасноста на јавната потрошувачка, олеснувајќи го особено учеството на малите и средни претпријатија (МСП) во јавните набавки и да овозможат набавувачите да ја подобрат употребата на јавните набавки во поддршката на заедничките општествени цели. Исто така, постои потреба од разјаснување на основните поими и концепти за да се обезбеди подобра правна сигурност и да се вклучат одредени аспекти на поврзаната судска пракса на Судот на правдата на Европската унија.

(5) При спроведувањето на оваа директива, Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост ([3]) треба да се земат предвид, особено во однос на изборот на средствата за комуникација, техничките спецификации, критериумите за доделување и условите за извршување на договорот.

(6) Соодветно е известувањето за јавната набавка да е што е можно послично на оние кои се применуваат во согласност со Директива 2014/24/ЕУ на Европскиот парламент на Советот ([4]), имајќи ги предвид спецификите на секторите опфатени со оваа директива.

(7) Треба да се повтори дека ништо од оваа директива не ги обврзува земјите-членки да склучуваат договори или екстернализираат услуги кои сакаат да ги обезбедат за себе или за организирање на друг начин освен набавки во рамки на значењето на оваа директива. Давањето услуги врз основа на закони, прописи или договори за работа, не треба да биде опфатено. Во некои земји-членки, ова може на пример да биде случај за давање одредени услуги на Заедницата, како што е

[1]Директива 2004/17/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 31 март 2004 година за координација на постапките за набавки на субјектите кои работат во секторите водостопанство, енергетика, транспорт и поштенски услуги (Сл. весник L 134, 30 април 2004 година, стр. 1).
[2]Директива 2004/18/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 31 март 2004 година за координација на постапките за договори за јавни работи, договори за јавни набавки и договори за јавни услуги (Сл. весник L 134, 30 април 2004 година, стр. 114).
[3]Одобрено со Одлуката 2010/48/ЕЗ на Советот од 26 ноември 2009 година во однос на заклучокот, од Европската заедница, на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост (Сл. весник L 23, 27 јануари 2010 година, стр. 35).
[4]Директива 2014/24/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2014 година за јавни набавки (вид страница 65 од овој Службен весник).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

снабдувањето со вода за пиење.

(8) Исто така соодветно е да се потсети дека оваа директива не треба да влијае на законодавството за социјално осигурување на земјите-членки. Ниту пак, треба да се занимава со либерализација на услугите од општ економски интерес, за јавни или приватни субјекти, или со приватизација на јавни субјекти кои даваат услуги.

Исто така, треба да се потсети дека земјите-членки се слободни да организираат давање задолжителни социјални или други услуги, како што се поштенските услуги или услуги од општ економски интерес или нестопански услуги од општ интерес или нивна комбинација. Потребно е да се разјасни дека неекономски услуги од општ интерес не треба да спаѓаат во рамки на оваа директива.

(9) Конечно, треба да се потсети дека оваа директива не е во спротивност со слободата на националните, регионалните и локалните власти да се дефинираат, во согласност со правото на Унијата, услуги од општ економски интерес, нивниот обем и карактеристиките на услугата која треба да се обезбеди , вклучувајќи ги и условите во однос на квалитетот на услугата, со цел да ги извршуваат целите на сопствената јавна политика. Оваа директива, исто така, треба да не е во спротивност со надлежноста на националните, регионалните и локалните власти за набавка, нарачка и финансиски услуги од општ економски интерес во согласност со член 14 од ДФЕУ и Протокол бр. 26 за услуги од општ интерес приложен кон ДФЕУ и Договорот за Европската унија (ДЕУ). Освен тоа, оваа директива не се занимава со финансирање на услуги од општ економски интерес или со системи на помош доделени од страна на земјите-членки, особено во социјалнатата сфера, во согласност со правилата на ЕУ за конкурентност.

(10) Договорот треба да се смета како договор за работа само ако неговиот предмет специфично опфаќа извршување на активностите наведени во Анекс I, дури и ако договорот опфаќа давање други услуги потребни за извршувањето на вакви активности. Договорите за услуги, особено во областа на услугите за управување со имот, може во одредени околности, да вклучуваат и договори за работа. Сепак, доколку ваквите работи се споредни во однос на главниот предмет на договорот, и претставуваат можна последица од истиот или негово дополнување, фактот дека ваквите работи се вклучени во договорот не го оправдува квалификувањето на договорот за услуги како договор за работа.

Сепак, со оглед на разновидноста на договорите за работа, договорните субјекти треба да бидат способни да обезбедат договори за идејно решение и извршување на работите кои треба да се доделат или одвоено или заедно. Оваа директива не е наменета за да се пропише ниту заедничко ниту одвоено доделување на договори.

(11) Реализацијата на работата која одговара на барањата утврдени од страна на договорниот орган кој бара лицето во прашање да преземе мерки за да се утврди природата на работата или, во најмала рака, имаат решавачко влијание врз неговиот дизајн. Без разлика на тоа дали договарачот остварува се или дел од работата со негови сопствени средства или гарантира нивна реализација преку други средства, не треба да се менува класификацијата на договорот како договор за работа, додека изведувачот не преземе директна или индиректна обврска со која законски гарантира дека работата ќе се реализира.

(12) Поимот „договорни органи“, а особено телата регулирани со јавното право“ се

разгледани во неколку наврати во судската пракса на Судот на правдата на Европската унија. За да се појасни дека во опсегот на оваа директива *ratione personae* треба да остане непроменет, потребно е да се зачуваат дефинициите на кои судот се базира и да се вклучи одреден број на објаснувања дадени од страна на судската пракса како клуч за разбирање на самите дефиници, без намера за промена на разбирањето на концептот како што беше објаснето од страна на судската пракса.

За таа цел, треба да се појасни дека телото кое работи во нормални услови на пазарот, со цел да достигне профит, и да се носи со загубите кои произлегуваат од вршењето на дејноста не треба да се смета како „тело регулирано со јавно право“, бидејќи формирано е за да ги исполни потребите од општ интерес или му се доделени задачи на состанокот, може да се смета за индустриска или комерцијална природа. Слично, состојбата во однос на потеклото на финансирање на телото се смета, исто така, како што е испитано во судската пракса, што е разјаснето, inter alia, дека финансирањето за „најголем дел“ значи за повеќе од половина, и дека ваквото финансирање може да вклучува плаќања од страна на корисниците кои се наметнати, пресметани и наплатени во согласност со правилата на јавното право.

(13) Во случај на мешовити договори, правилата кои се применуваат треба да се одредени во однос на главниот предмет на договорот, каде што различни делови кои го сочинуваат договорот објективно не може да се одделат. Ова мора да биде разјаснето како договорните субјекти треба да утврдат дали различните делови можат да се одделат или не. Ваквото појаснување треба да биде врз основа на релевантната судска пракса на Судот на правдата на Европската унија. Одредувањето треба да се врши врз основа на случај-по-случај, во кој се изразени или се претпоставува дека намерите на договорниот субјект да се однесуваат на различни аспекти кои ги сочинуваат мешовитите договори како неделиви не треба да бидат доволно, но треба да бидат поддржани од објективни докази способни за оправдување и утврдување на потребата за склучување на еден договор. Со ваквата оправдана потреба да се склучи еден договор може да биде присутен на пример во случај на изградба на еден објект, од кои дел е да се користи директно од страна на договорниот субјект, а друг дел да работи на основа на концесии, на пример за да се обезбеди паркинг место за јавноста.
Треба да се разјасни дека потребата за склучување на еден договор може да се должи на причини и од техничка природа и од економска природа.

(14) Во случај на мешовити договори, кои може да бидат поделени, договорните субјекти се секогаш слободни за доделување посебни договори за одделни делови на мешовити договор, во кој случај одредби кои важат за секој посебен дел треба да се определуваат исклучиво во однос на на карактеристиките на тој специфичен договор.
Од друга страна, кога договорните субјекти избираат да се вклучат и други елементи во јавната набавка, без оглед на нивната вредност и без разлика на правниот режим на додадените елементи поинаку би биле предмет, главното начело треба да биде дека, кога договор треба да се додели во согласност со одредбите од оваа директива, доколку е доделена, тогаш оваа директива треба да продолжи да се применува на целосниот мешан договор.

(15) Сепак, треба да се дефинира посебна одредба за мешовити договори кои вклучуваат одбранбени и безбедоносни аспекти или делови кои не спаѓаат во рамки на опсегот на ДФЕУ. Во вакви случаи, непримена на оваа директива треба да биде можна под услов доделувањето на еден договор да е од оправдани објективни причини и дека одлуката за доделување еден договор не се зема за целите на договори за исклучување

од примената на оваа директива, или од Директива 2009/81/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот ([1]). Треба да се разјасни дека на договорните органи не треба да се спречи изборот да ја применуваат оваа директива на одредени мешовити договори наместо примена на Директива 2009/81/ЕЗ.

(16) Понатаму, договори може да се доделуваат за целите на исполнување на условите за неколку активности, што е предмет на различни законски режими. Треба да се разјасни дека правниот режим што се применува на еден договор наменет да опфати повеќе активности треба да подлежи на правилата применливи на активноста за која е првично наменет. Одредување на активноста за која е наменет договорот може да се заснова на анализа на условите кои мора да ги исполни специфичниот договор, што се врши од страна на договорниот субјект за целите на проценка на вредноста на договорот и подготвување на документи за јавни набавки. Во одредени случаи, како што е купување едно парче опрема за целите на спроведување на активностите за кои информациите со кои се овозможува проценка на соодветните стапки на искористеност не би биле достапни, би можело да биде објективно невозможно за да се утврди за која активност првично е наменет договорот. Правилата кои се применуваат во такви случаи треба да бидат наведени.

(17) Треба да се појасни дека идејата за „економските оператори“ треба да се толкува пошироко со што ќе ги вклучи сите лица и/или субјекти кои нудат извршување на работите, понуда на производи или давање услуги на пазарот, без оглед на правната форма под која тие избрале да работат. Така, фирми, ограноци, подружници, партнерства, друштва за соработка, друштва со ограничена одговорност, универзитети, јавни или приватни, како и други форми на субјектите од физички лица, треба да спаѓаат во рамки на поимот економски оператор, без разлика дали се или не се правни лица во сите околности.

(18) Треба да се разјасни дека групите на економски оператори, вклучувајќи, каде што тие доаѓаат заедно во форма на привремено здружение, може да учествуваат во постапките за доделување без да биде потребно за нив да се користи соодветна правна форма. До степенот до кој тоа е неопходно, на пример, каде што е потребна солидарна одговорност, може да биде потребна една специфична форма кога на ваквите групи е доделен договорот.

Исто така, треба да се разјасни дека договорните субјекти треба да бидат способни јасно да дефинираат како групи на економски оператори треба да ги исполнат критериумите и условите за квалификација и квалитативна селекција утврдени во оваа директива, кои се бараат од економските оператори кои учествуваат.

При спроведувањето на договорите од страна на групи на економски оператори може да се бара утврдување на услови кои не се наметнати на одделни учесници. Ваквите услови, кои треба да бидат оправдани со објективни причини и да бидат пропорционални, може да вклучуваат, на пример именување на заедничка застапеност или водечки партнер за целите на постапката за јавна набавка или да бараат информации за нивниот состав.

---

[1]Директива 2009/81/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 13 јули 2009 година за координација на постапките за доделување на договори за одредени работи, договори за набавка и услуги од страна на договорни органи или субјекти во областа на одбраната и безбедноста, и за измена на Директиви 2004/17/ЕЗ и 2004/18/ЕЗ (Сл. весник L 216, 20 август 2009 година, стр. 76).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

(19) За да се обезбеди реално отворање на пазарот и праведна рамнотежа во примената на прописите за јавни набавки во секторите за вода, енергетика, транспорт и поштенски услуги, потребно е опфатените субјекти да се идентификувани на друга основа освен нивниот правен статус. Треба да се гарантира, според тоа, дека еднаквиот третман на договорните субјекти кои работат во јавниот сектор и оние што работат во приватниот сектор нема да се прекрши. Исто така, неопходно е да се гарантира, во согласност со член 345 од ДФЕУ, дека правилата со кои се регулира системот на имотна сопственост во земјите-членки не се доведуваат во прашање.

(20) Поимот специјални или ексклузивни права е од централно значење за дефинирање на опсегот на оваа директива, со оглед на тоа што субјекти кои не се ниту договорни органи, ниту јавни претпријатија во рамки на значењето на оваа директива се предмет на одредбите само до степен до кој тие користат една од активностите опфатени врз основа на тие права. Затоа е потребно да се појасни дека правата кои им се доделени со помош на постапката врз основа на објективни критериуми, особено во согласност со законодавството на Унијата, а за кои соодветен публицитет е обезбеден не претставуваат посебни или ексклузивни права за целите на оваа директива.

Ова законодавство треба да ја вклучува Директива 2009/73/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот ([1]), Директива 2009/72/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот ([2]), Директива 97/67/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот ([3]), Директива 94/22/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот ([4]) и Регулатива (ЕЗ) бр. 1370/2007 на Европскиот парламент и на Советот ([5]).

Исто така, треба да се појасни дека списокот на закони не е сеопфатен и дека правата во каква било форма, вклучувајќи и по пат на актите на концесија, кои им се доделени со помош на други постапки врз основа на објективни критериуми и за кои е обезбеден соодветен публицитет не претставуваат посебни или ексклузивни права за целите на дефинирање на обемот на оваа директива *ratione personae.* Концептот на ексклузивни права, исто така, треба да се користи во контекст на одредувањето дали употребата на постапката со преговарање без претходен повик за прибирање би била оправдана поради тоа што работи, добра или услуги може да бидат обезбедени само од страна на одреден економски оператор, поради заштита на одредени ексклузивни права.

Сепак, имајќи ги предвид различните *ratio legis* покрај овие одредби, треба да се појасни дека идејата за ексклузивни права не треба да го има истото значење во двата контексти. Исто така, треба да се разјасни дека субјектот, кој доби ексклузивно право

[1]Директива 2009/73/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 13 јули 2009 година во однос на заедничките правила за внатрешниот пазар на природен гас и за укинување на Директива 2003/55/ЕЗ (Сл. весник L 211, 14 август 2009 година, стр. 94).
[2]Директива 2009/72/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 13 јули 2009 година во однос на заедничките правила за внатрешниот пазар на електрична енергија и за укинување на Директива 2003/54/ЕЗ (Сл. весник L 211, 14 август 2009 година, стр. 55).
[3]Директива 97/67/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 15 декември 1997 година за заеднички правила за развој на внатрешниот пазар на поштенските услуги на Заедницата и за подобрување на квалитетот на услугата (Сл. весник L 15, 21 јануари 1998 година, стр. 14).
[4]Директива 94/22/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 30 мај 1994 година за условите за одобрување и користење на овластувања за, истражување и производство на јаглеводороди (Сл. весник L 164, 30 јуни 1994 година, стр. 3).
[5]Регулатива (ЕЗ) бр. 1370/2007 на Европскиот парламент и на Советот од 23 октомври 2007 година за јавни патнички транспортни железнички и патни услуги и за укинување на Регулативи (ЕЕЗ) бр. 1191/69 и 1107/70 на Советот (Сл. весник L 315, 3 декември 2007 година, стр. 1).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

да ја обезбеди дадената услуга во одредена географска област по постапка базирана на објективни критериуми за соодветна транспарентност кои се гарантирани нема, доколку приватно тело, биде договорен субјект самиот, но сепак, би било само субјект кој би можел да ја обезбеди засегнатата услуга во таа област.

(21) Одредени субјекти кои се активни во областа на производството, преносот или дистрибуција и на топлина и на ладење. Може да има мала неизвесност за тоа кои правила важат соодветно затоплина и ладење и поврзани активности. Според тоа, треба да се разјасни дека договорните органи, јавните претпријатија и приватните компании, кои се активни во секторот за греење се предмет на оваа директива, сепак, во случај на приватни претпријатија, за дополнителен услов да работат врз основа на специјални или ексклузивни права. Од друга страна, договорните органи кои работат во областа на ладење се предмет на правилата од Директива 2014/24/ЕУ, при што јавните претпријатија и приватните претпријатија, без оглед на тоа дали овие последниве функционираат врз основа на специјални или ексклузивни права, не се предмет на правилата за јавни набавки. Конечно треба да се појасни дека договорите доделени за извршување и на договорите за греење и ладење треба да бидат испитани во согласност со одредбите за договорите за извршување на повеќе активности за да се утврдат со кои правила за јавни набавки, доколку ги има, ќе се регулира нивното доделување.

(22) Пред предвидување на каква било промена на примена на оваа директива и Директива 2014/24/ЕУ за овој сектор, ситуацијата на секторот за ладење треба да се испитува со цел да се добијат доволно информации, особено во однос на конкурентната ситуација, степенот на прекугранични јавни набавки и мислењата на заинтересираните страни. Со оглед дека примената на Директива 2014/23/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот ([1]) во овој сектор би можела да има значително влијание во однос на пазарот на отворање, би било соодветно да се спроведе испитувањето при проценка на влијанието на Директива 2014/23/ЕУ.

(23) Без на кој било начин да се проширува опсегот на оваа директива, треба да се појасни дека производството, трговијата на големо и мало на електрична енергија се опфатени кога оваа директива се однесува на набавка на електрична енергија.

(24) Договорните субјекти кои работат во секторот за вода за пиење, исто така, може да се занимаваат со други активности поврзани со вода, како што се проекти во областа на хидраулични техники, наводнување, одводнување на земјиште или отстранување и преработка на отпад. Во вакви случаи, договорните субјекти треба да бидат способни да ги применуваат постапките за јавни набавки предвидени во оваа директива во однос на сите нивни активности во однос на водата, во зависност од тоа кој дел од циклусот на водата е засегнат. Сепак, правилата за јавни набавки од типот предложен за снабдувањето со производи се несоодветни за купување вода, со оглед на потребата да се купува вода од извори во близина на областа во која што ќе се користи.

(25) Соодветно е да се исклучи јавната набавка за целите на истражување на нафта и гас, како што овој сектор постојано е предмет на конкурентскиот притисок дека дисциплината зајавни набавки, изведена со правилата за јавни набавки на Унијата веќе не е потребна.
Како што екстракција на нафта и гас продолжува да спаѓа во рамки на оваа директива,

[1]Директива 2014/23/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2014 година за доделување на договорите за концесија (види страница 1 од овој Службен весник).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

може да има потреба да се прави разлика помеѓу истражување и екстракција. Притоа, под „истражување“ треба да се сметаат активностите кои се преземаат со цел да се провери дали нафта и гас се присутни во дадена зона, и, доколку е така, дали е тоа комерцијално експлоатирачки, при што „извлекување“ треба да се смета како „производство“ на нафта и гас. Во согласност со воспоставената практика во случаи на спојување, „производство“ треба да се смета, исто така, за да се вклучи „развој“, односно поставување на соодветна инфраструктура за идното производство (нафтени платформи, цевководи, терминали и др.)

(26) Договорните органи кои треба да ги искористат сите можни средства кои стојат на располагање, според националното законодавство, со цел да се спречат нарушувањата во постапките за јавни набавки кои што произлегуваат од судирот на интереси.
Ова може да вклучува постапки со цел да се идентификува, да се спречи и да се поправи судирот на интереси.

(27) Одлука 94/800/ЕЗ на Советот ([1]), одобрена особено во Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки, („ГПА“). Целта на ГПА е да се воспостави мултилатерална рамка за балансирани права и обврски во однос на јавните договори со цел постигнување либерализација и експанзија на светската трговија. За договорите опфатени со Анекси 3, 4 и 5 и општите белешки кон Додаток I на Европската унија кон ГПА, како и други релевантни меѓународни договори со кои Унијата е обврзана, договорните субјекти треба да ги исполнат обврските од тие договори, со примена на оваа директива на економските оператори од трети земји кои се потписнички на договорите.

(28) ГПА се однесува на договорите над одредени прагови, утврдени во ГПА и изразени како специјални права на влечење. Праговите утврдени со оваа директива треба да се усогласат за да се осигура дека тие одговараат на еквивалентите на еврото на праговите на ГПА. Одредба, исто така,треба да се направи за периодични прегледи на праговите изразени во евра со цел да ги прилагоди, со помош на чисто математичка операција, на можните варијации во вредноста на еврото во однос на оние специјални права на влечење.

Покрај овие периодични математички прилагодувања, зголемување на износите пропишани во ГПА треба да се истражи во текот на следната рунда преговори за истото.

За да се избегне множење на праговите, уште попотребно е, без да е во спротивност со меѓународните обврски на Унијата, да продолжат да се применуваат истите прагови на сите договорни субјекти, без разлика на секторот во кој работат.

(29) Треба да се појасни дека, за проценка на вредноста на договорот, сите приходи треба да бидат земени предвид, дали добиени од договорниот субјект или од трети страни.

Исто така, треба да се појасни дека, за целите на пресметка на праговите,

[1]Одлука 94/800/ЕЗ на Советот од 22 декември 1994 година во однос на склучување во име на Европската заедница, во однос на прашања во рамки на сопствената надлежност, на договорите постигнати во Уругвајската рунда на мултилатерални преговори (1986-1994) (Сл. весник L 336, 23 декември 1994 година, стр. 1).

известувањето за слични набавки треба да се сфати како производи кои се наменети за идентични или слични цели, како што се снабдувањето на широк спектар на храна или разни делови на канцелариски мебел.
Обично, економски оператор активен во засегнатата област веројатно ќе спроведува такви набавки, како дел од неговата вообичаена палета на производи.

(30) За целите на проценка на вредноста на дадена набавка, треба да се појасни дека тоа треба да им биде дозволено за да се базира проценката на вредноста на поделбата на набавка, само кога тоа е оправдано од објективни причини. На пример, тоа би можело да биде оправдано за да се процени вредноста на договорот на ниво на посебна оперативна единица на договорниот субјект, под услов засегнатата единица да е независно одговорна за своите набавки. Ова може да се преземе кога посебна оперативна единица независно ја води постапката за јавни набавки и донесува одлуки за купување, има посебна буџетска линија на располагање за набавките во прашање, го склучува договорот независно и финансира од буџетот што го има на располагање. Поделба не е оправдана кога договорниот субјект само организира јавна набавка на децентрализиран начин.

(31) Ова се однесува на земјите-членки, оваа директива не се применува на набавките водени од страна на меѓународни организации во свое име и за своја сметка. Постои, сепак, потреба да се разјасни до кој степен оваа директива треба да се применува за јавни набавки регулирани со посебни меѓународни правила.

(32) Треба да се потсети дека арбитража и порамнување и други слични форми на алтернативно решавање на спорови обично ги предлагаат органите или поединците кои се согласиле, или избрани, на начин кој не може да биде регулиран со прописите за јавни набавки. Треба да се појасни дека оваа директива не важи за договори за услуги за обезбедување на такви услуги, без оглед на нивната деноминација, според националното законодавство.

(33) Одреден број на правни услуги се извршени од страна на давателите на услуги кои се назначени од страна на судот на земја-членка, вклучува застапување на клиенти во судски постапки од страна на адвокати, мора да бидат обезбедени од страна на нотарите или се поврзани со работата на официјалниот орган. Ваквите правни услуги обично ги обезбедуваат органи или поединци кои се именувани или се избрани на начин кој не може да биде регулиран со прописите за јавни набавки, како на пример, назначувањето на државни адвокати во одредени земји-членки. Овие правни услуги затоа треба да бидат исклучени од опсегот на оваа директива.

(34) Соодветно е да се наведе дека известувањето за финансиски инструменти како што е наведено во оваа директива има исто значење како и во другите прописи за внатрешниот пазар и, во однос на неодамнешното создавање на Европскиот фонд за финансиска стабилност и Европскиот механизам за стабилност, треба да се пропише дека активностите спроведени со тој објект и механизмот треба да бидат исклучени од опсегот на оваа директива. Конечно треба да се појасни дека кредитите, без разлика дали се или не во врска со издавање на хартии од вредност или други финансиски инструменти или други операции со истите, треба да бидат исклучени од опсегот на оваа директива.

(35) Треба да се потсети дека член 5(1) од Регулатива (ЕЗ) бр. 1370/2007 на

Европскиот парламент и на Советот ([1]) јасно предвидува дека Директиви 2004/17/ЕЗ и 2004/18/ЕЗ се применуваат, односно, служат на договори и договори за јавни услуги за јавни патнички транспортни услуги со автобус или трамвај, при што Регулатива (ЕЗ) бр. 1370/2007 се однесува на концесии за услуги за јавен превоз на патници со автобус или трамвај. Следствено треба да се потсети дека таа регулатива продолжува да се применува на договори за јавни услуги, како и да служи на концесиите за јавен превоз на патници со железница или метро.
За да се разјаснат односите помеѓу оваа директива и Регулатива (ЕЗ) бр. 1370/2007, треба да се гарантира јасно дека оваа директива не треба да се применува за договори за услуги за обезбедување на услугите на јавниот превоз на патници со железница или метро, доделување кое продолжува да биде предмет на таа регулатива. Како што Регулатива (ЕЗ) бр. 1370/2007 остава националното законодавство да отстапи од правилата утврдени во оваа регулатива, земјите-членки треба да можат да продолжат да обезбедуваат во нивното национално законодавство кои договори за услуги за јавен превоз на патници од железница или метро кои треба да се доделат со постапката за доделување договор по своите општи правила за јавни набавки.

(36) Оваа директива не треба да се однесува на одредени услуги за итни случаи, што се вршат од страна на непрофитни организации или здруженија, со оглед на посебната природа на овие организации ќе биде тешко да се зачува истата доколку даватели на услуги мора да бидат избрани во согласност со постапките утврдени во оваа директива. Сепак, исклучувањето не треба да оди подалеку од она што е неопходно. Според тоа, треба да се утврди експлицитно дека за транспорт на пациенти, услуги на брза помош не треба да бидат исклучени. Во овој контекст уште попотребно е да се разјасни дека ЦПВ група 601 „патни транспортни услуги “ не опфаќа услуги на брза помош, може да се најде во ЦПВ класа 8514. Затоа, треба да се појасни дека услугите, кои се опфатени со ЦПВ код 85143000-3, кој се состои исклучиво од услуги на брза помош за транспорт на пациенти треба да биде предмет на посебен режим утврден за социјални и други специфични услуги („благ режим“); Како резултат на тоа, мешовити договори за обезбедување на услуги на брза помош воопшто, исто така, ќе бидат предмет на благиот режим доколку вредноста на услуги на брза помош за транспорт на пациенти е поголема од вредноста на другите услуги на брза помош.

(37) Во одредени случаи, договорниот орган или здружение на договорни органи може да биде единствен извор за одредена услуга, во однос на обезбедувањето на ексклузивното право кое го ужива во согласност со законите, регулативите или објавените административни одредби, кои се компатибилни со ДФЕУ. Треба да се разјасни дека оваа директива не треба да се применува за доделување на договори за услуги на договорниот орган или здружение.

(38) Постои значителна правна несигурност за тоа колку договори склучени помеѓу договорните органи треба да бидат опфатени со прописите за јавни набавки. Релевантната судска пракса на Судот на правдата на Европската унија се толкува различно помеѓу земјите-членки, па дури и помеѓу договорните органи. Како што судската пракса подеднакво ќе се применува на јавните органи, работејќи во секторите опфатени со оваа директива, потребно е да се гарантира дека истите правила важат и се толкуваат на ист начин како во оваа директива и Директива 2014/24/ЕУ .

[1]Регулатива (ЕЗ) бр. 1370/2007 на Европскиот парламент и на Советот од 23 октомври 2007 година за јавни патнички транспортни железнички и патни услуги и за укинување на Регулативи (ЕЕЗ) бр. 1191/69 и 1107/70 на Советот (Сл. весник L 315, 3 декември 2007 година, стр. 1).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

(39) Повеќе договорни субјекти се организирани како економска група која може да вклучува група одделни претпријатија; често секое од овие претпријатија има специјализирана улога во целокупниот контекст на економската група. Затоа е потребно да се исклучат одредени услуги, набавки и работи доделени на поврзано претпријатие чија главна активност е обезбедувањето на овие услуги, набавки или работи на групата чиј дел е, наместо нивно нудење на пазарот. Исто така, потребно е да се исклучат одредени услуги, набавки и работи доделени од страна на договорен субјект на заедничко вложување кое е основано од страна на одреден број договорни субјекти со цел спроведување на активности опфатени со оваа директива и чиј дел е тој субјект. Сепак, потребно е да се гарантира дека ова изземање нема да доведе до нарушување на конкуренцијата во корист на претпријатијата или заедничките вложувања кои се поврзани со договорните субјекти; потребно е да се утврди соодветен сет на правила, особено во однос на максималните ограничувања во рамки на кои претпријатијата може да добијат дел од својот промет од пазарот и над кои тие ќе ја изгубат можноста од доделени договори без повик за конкуренција, составот на заедничките вложувања и стабилноста на врските помеѓу тие заеднички вложувања и договорни субјекти од кои тие се составени.

(40) Исто така, потребно е да се разјасни интеракцијата на одредбите за соработка помеѓу јавните власти и одредбите за доделување на договори на поврзаните претпријатија или во контекст на заедничките вложувања.

(41) Претпријатија треба да се сметаат за поврзани со директно или индиректно доминантно влијание помеѓу договорниот субјект и засегнатото претпријатие или каде што се предмет на доминантно влијание на друго претпријатие; во овој контекст, учество на приватниот сектор треба, само по себе, да не е релевантно. За верификација на тоа дали претпријатието е поврзано со даден договорен субјект треба да биде лесно да се изврши како што е можно. Како резултат на тоа, а со огледна можното постоење на такво директно или индиректно доминантно влијание веќе би требало да биде потврдено за целите на одлучувањедали годишните сметки на претпријатијата и засегнатите субјекти треба да се консолидираат, треба да се смета дека претпријатијата се поврзани со нивните годишни сметки кои се консолидирани, Сепак, правилата на Унијата за консолидирани сметки не се применливи во одреден број на случаи, на пример поради големината на засегнатите претпријатија или поради одредени услови кои се однесуваат на нивната правна форма кои не се исполнети.
Во вакви случаи, каде што Директива 2013/34/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот ([1]) не се применува, ќе биде потребно да се испита дали директно или индиректно доминантно влијание е присутно, ако се земе предвид сопственоста, финансиското учество или правилата со кои се регулираат претпријатија.

(42) Кофинансирање на програмите за истражување и развој на индустриски извори треба да се охрабрува. Следствено треба да се појасни дека оваа директива се однесува само каде што не постои такво кофинансирање и каде што исходот од активноститесе однесува на засегнатиот договорен орган. Ова не треба да ја исклучи можноста дека давателот на услугата, кој ги спроведува овие активности, може да издаде сметка за

[1]Директива 2013/34/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 јуни 2013 година за годишните финансиски извештаи, консолидираните финансиски извештаи и сродните извештаи на одредени видови на претпријатија, за изменување на Директива 2006/43/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Директиви 78/660/ЕЕЗ и 83/349/ЕЕЗ на Советот (Сл. весник L 182, 29 јуни 2013 година, стр. 19).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

истото додека договорниот орган го задржува ексклузивното право да ги користи резултатите од истражувањето и развојот во извршувањето на своите работи. Сепак фиктивно споделување на резултатите од истражувањето и развојот или чисто симболично учество во надомест на давателот на услуги не треба да биде пречка за примена на оваа директива.

(43) Оваа директива не треба да се применува ниту на договори наменети да го овозможат вршењето на дејноста која е предмет на оваа директива, ниту за идејни решенија организирани за извршување на таква активност, доколку во земјата-членка во која оваа активност се врши, таа е директно изложена на конкуренцијата на пазарите до кои пристапот не е ограничен. Затоа, потребно е да се одржува постапката, применлива за сите сектори, или нивни делови, опфатени со оваа директива, која ќе им овозможи на ефектите од постојното или идно отворање за конкуренција да биде земена предвид. Ваквата постапка треба да обезбеди правна сигурност за засегнатите субјекти, како и соодветен процес на донесување одлуки, обезбедувајќи, во краток временски рок, еднообразна примена на правото на Унијата во оваа област. За доброто на правна сигурност треба да се појасни дека сите одлуки донесени пред денот на влегување во сила на оваа директива во однос на применливоста на соодветните одредби утврдени во член 30 од Директива 2004/17/ЕЗ продолжи да се применува.

(44) Директната изложеност на конкурентноста треба да се процени врз основа на објективни критериуми, земајќи ги предвид специфичните карактеристики на деловите од засегнатиот сектор.
Оваа проценка е, сепак, ограничена со применливи кратки рокови и од потребата да се потпира на информации достапни на Комисијата - и од веќе достапни извори или од информациите добиени во контекст на примената во согласност со член 35 — кој не може да се дополни со повеќе времени методи, вклучувајќи и, во одредено време, јавни прашања адресирани до засегнатите економски оператори.
Проценката на директна изложеност на конкурентноста која може да се врши во контекст на оваа директива е последица на тоа без да е во спротивност со полноправната примена на Законот за конкуренција.

(45) Проценувајќи дали одреден сектор, или делови од истиот, директно е изложен на конкуренцијата треба да се испита во однос на специфичната област во која активноста или засегнатите делови од истата, се спроведува од страна на релевантните економски оператори, таканаречен „релевантен географски пазар“. Како што известувањето е од клучно значење за проценката, треба да се даде соодветна дефиниција, врз основа на постојните поими на правото на Унијата. Исто така, треба да се појасни дека релевантниот географски пазар не може да се совпаѓа со територијата на засегнатата земја-членка; последователно, треба да биде можно да се ограничат одлуките во однос на применливоста на ослободувањето на делови од територијата на засегнатата земја-членка.

(46) Спроведувањето и примената на соодветно законодавство на Унијата отворајќи одреден сектор, или негов дел, треба да се смета дека обезбедува доволно причини да се претпостави дека постои слободен пристап до пазарот во прашање. Таквото соодветно законодавство треба да се идентификува во анекс кој може да се ажурира од страна на Комисијата. При ажурирање на овој анекс, Комисијата треба да го земе предвид можното усвојување на мерки што вклучуваат вистинско отворање за конкуренција на секторите, различни од оние за кои законодавството веќе е наведено во тој анекс, како што е она за националниот железнички превоз на патници.

(47) Кога слободниот пристап на одреден пазар не се претпоставува врз основа на примена на соодветно законодавство на Унијата, треба да се покаже дека, de jure и de facto, ваквиот пристап е слободен. Кога земјата-членка ја проширува примената на правниот акт на Унијата отворајќи одреден сектор за конкуренција на ситуации кои се надвор од опсегот на тој правен акт, на пример, со примена на Директива 94/22/ЕЗ за секторот за јаглен или Директива 2012/34/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот ([1]) за патнички услуги на национално ниво, оваа околност, треба да се земе предвид при одредувањето дали пристапот до засегнатиот сектор е слободен.

(48) Независни државни органи, како што се секторските регулатори или органи за конкуренција, обично поседуваат специјализирани знаења, информации и знаења кои ќе бидат релевантни при оценувањето дали одредена активност или делови од истата се директно изложени на конкуренцијата на пазарите на кои пристапот не е ограничен. Барањата за изземање, затоа, треба како што е соодветно да бидат придружени со, или ја вклучат, неодамнешната позиција на конкурентната ситуација во засегнатиот сектор, усвоена од страна на независен национален орган кој е надлежен во однос на засегнатата активност.

Во отсуство на образложен и поткрепен став донесен од страна на независен национален орган кој е надлежен во однос на засегнатата активност, повеќе време ќе биде потребно за проценка на барањето за изземање. Периодите во рамки на кои Комисијата мора да ги спроведе своите проценки на таквите барања треба да се изменат соодветно.

(49) Комисијата треба секогаш да биде обврзана да ги испита барањата, кои се во согласност со деталните правила за примена на постапките за утврдување дали одредена активност, или делови од истата, е директно изложена на конкуренцијата на пазарите на кои пристапот не е ограничен. Треба, сепак, да се разјасни дека комплексноста на таквите барања може да биде таква што не мора секогаш да биде можно да се обезбеди донесување, во рамки на применливите рокови, на акти за спроведување за утврдување дали одредена активност или делови од истата се директно изложени на конкурентноста на пазарите на кои не е ограничен пристапот.

(50) Треба да се разјасни дека Комисијата треба да има можност да бара од земјите-членки или договорните субјекти да обезбедат или да ги дополнат или појаснат информациите. Комисијата треба да постави соодветен временски рок за тоа, имајќи ја предвид потребата да се исполнат утврдените рокови за донесување на акти за спроведување на Комисијата, земајќи ги предвид факторите како што се сложеноста на бараната информација и дали информацијата е лесно достапна.

(51) Вработувањето и работата придонесуваат за интеграција во општеството и се клучни елементи во гарантирањето на еднакви можности за сите. Во овој контекст, заштитени работилници може да имаат важна улога. Истото важи и за другите социјални бизниси чија главна цел е поддршка на социјалната и професионалната интеграција или реинтеграција на лицата со хендикеп и обесправените лица, како што се невработени, членови на маргинализираните малцинства или на друг начин социјално маргинализираните групи. Сепак, таквите работилници или бизниси не би

[1]Директива 2012/34/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 21 ноември 2012 година за воспоставување на единствена Европски железничка област (Сл. весник L 343, 14 декември 2012 година, стр. 32).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

можеле да бидат во можност да добијат договори под нормални услови на конкуренција. Како резултат на тоа, потребно е да се гарантира дека земјите-членки треба да можат да го задржат правото да учествуваат во постапките за јавна набавка или за одредени групи од истите за такви работилници или бизниси или ограничување на извршување на договори во контекст на заштитни програми за вработување.

(52) Во однос на соодветната интеграција на животната средина, социјалните и работничките барања во постапките за јавни набавки што е од особено значење дека земјите-членки и договорните субјекти преземаат соодветни мерки за да се обезбеди усогласеност со обврските во областа на животната средина, социјалните и законот за работни односи кои се однесуваат на местото каде што се изведуваат работите или услугите кои се обезбедуваат и се резултат на закони, регулативи, уредби и одлуки, како на национално така и на ниво на ЕУ, како и од колективните договори, под услов таквите прописи, и нивната примена, да се во согласност со законодавството на Унијата. Исто така, обврските кои произлегуваат од меѓународните договори ратификувани од страна на сите земји-членки и се наведени во Анекс XIV треба да се применуваат во текот на извршувањето на договорот. Сепак, ова не треба во ниеден случај да ја спречи примената на условите за вработување кои се поповолни за работниците.

Релевантните мерки треба да се применуваат во согласност со основните начела на правото на Унијата, особено со цел да се обезбеди еднаков третман. Таквите соодветни мерки треба да се применуваат во согласност со Директива 96/71/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот ([1]) и на начин кој обезбедува еднаков третман и не ги дискриминира директно или индиректно економските оператори и работниците од другите земји-членки.

(53) Услугите треба да се обезбедат на местото на кое карактеристично се спроведуваат истите. Кога услугите се обезбедуваат на далечина, на пример услуги преку центри за комуникација, овие услуги треба да се сметаат за обезбедени во местото каде што услугите се извршени, без оглед на местата и земјите-членки на кои услугите се насочени.

(54) Релевантните обврски може да се огледаат во договорните клаузули. Исто така, треба да биде можно да се вклучат клаузули кои гарантираат усогласеност со колективни договори во согласност со правото на Унијата при јавни договори. Неусогласеност со релевантните обврски може да се смета за сериозно недоразбирање за делот на засегнатиот економски оператор, кој подлежи на исклучување на тој економски оператор од постапката за доделување на јавен договор.

(55) Контрола на почитувањето на еколошките, социјалните и работничките одредбите на законот треба да се изврши во релевантните фази на постапката за јавна набавка, при примената на општите начела за избор на учесници и доделување на договори, при примената на критериумите за исклучување и при примената на одредбите во однос на невообичаено ниските понуди. Неопходната верификација за таа цел треба да се врши во согласност со релевантните одредби од оваа директива, особено оние со кои се регулираат средствата за доказ и самодекларации.

[2]Одлука на Комисијата 2009/767/ЕЗ на Советот од 16 октомври 2009 година за одредување мерки за олеснување на користењето на постапките по електронски пат преку единствените точки за контакт во согласност со Директива 2006/123/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за услуги на внатрешниот пазар (Сл. весник L 274, 20 октомври 2009, стр. 36).

[3]Одлука на Комисијата 2011/130/ЕУ на 25 Февруари 2011 воспоставување на минимални барања за прекугранична обработка на документи електронски потпишани од страна на надлежните органи во согласност со Директива 2006/123/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за услугите на внатрешниот пазар (Службен весник L 53, 2011/02/26, стр. 66).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Комисијата ќе бидат овластени да донесуваат делегирани акти во согласност со член 103 од измени листата утврдени во (а) точките до (г) од вториот потстав од став 1 на овој член, каде технолошкиот развој Рендерирање продолжи исклучоци од употребата на електронски начин на комуникацијанесоодветни или, во исклучителни случаи, каде што мора да се обезбедат нови исклучоци за, бидејќи на технолошките достигнувања.

За да се обезбеди интероперабилност на технички формати, како и на процесот и пораки стандарди, особено во прекугранично контекст, Комисијата треба да бидат овластени да донесуваат делегирани акти во согласност со член 103 за да се утврди задолжително користење на ваквите специфични технички стандарди, особено во однос на употребата на електронско поднесување, електронски каталози и средства за електронска проверка, само таму каде што техничките стандарди кои се целосно тестирани и одобрени како и нивната корисност во практиката. Пред да направите употреба на сите технички стандард задолжително, Комисијата, исто така, треба да внимателно да се разгледа на трошоците што ова може да подразбира, особено во однос на адаптации на постоечки е-набавки решенија, вклучувајќи ја инфраструктурата, процеси или софтвер.

Член 41

Номенклатури

1. Секоја референци за номенклатури во контекст на јавни набавки се направени со користење поимник Заеднички набавки (ЦПВ) како што е усвоен со Регулатива (ЕЗ) бр 2195/2002.

2. Комисијата ќе бидат овластени да донесуваат делегирани акти во согласност со член 103 да се прилагодат на ЦПВ кодови се наведени во оваа директива, кога промените во номенклатурата ЦПВ треба да се гледа во оваа директива и тие не подразбираат модификација на опсегот на оваа директива.

Член 42

Судир на интереси

Земјите-членки обезбедуваат дека договорните органи да преземат соодветни мерки за ефикасно да се спречи, да се идентификува и отстрани конфликт на интереси што произлегуваат во спроведувањето на постапките за јавни набавки за да се избегне било нарушување на конкуренцијата и да се обезбеди еднаков третман на економските оператори.

Концептот на судир на интереси барем ќе ја покрие секоја ситуација, каде членовите на персоналот на договорниот орган или на давател на јавни набавки на услуги кои делуваат во име на договорниот орган, кои се вклучени во спроведувањето на постапката за јавна набавка или да влијае на исходот на таа постапка има, директно или индиректно, финансиски, економски или други лични интереси кои може да се смета за компромис нивната непристрасност и независност во контекст на постапката за јавна набавка.

НАСЛОВ II

НАЧЕЛА КОИ СЕ ПРИМЕНУВААТ НА ДОГОВОРИТЕ

ПОГЛАВЈЕ 1

Постапки

Член 43

Услови во врска со ВДЈН и други меѓународни договори

Бидејќи се опфатени со Анексите 3, 4 и 5 и Општите известувања кон Европската унија Додаток I на ВДЈН и од други меѓународни договори со кои Унијата е обврзана, договорните субјекти во рамките на значењето на член 4(1)(a) се доделува на работи, стоки, услуги и економски оператори од потписниците на овие договори, третман не помалку поволен од третманот што се дава на работи, стоки, услуги и економските оператори на Унијата.

Член 44

Избор на постапки

1. При доделување договори за набавки, работи или услуги, договорните субјекти ги применуваат постапките приспособени да бидат во согласност со оваа директива, под услов, без да е во спротивност со член 47, повик за прибирање понуди да се објавува во согласност со оваа директива.

2. Земјите- членки треба да обезбедат дека договорните субјекти може да применуваат отворени или ограничени постапки или преговарачки постапки со претходен повик за прибирање понуди како што е регулирано во оваа директива.

3. Земјите- членки треба да обезбедат дека договорните субјекти можат да применат конкурентски дијалог при прибирање понуди и партнерства за иновации како што е регулирано во оваа директива.

4. Повикот за прибирање понуди може да се направи со едно од следните средства:

(a) периодично индикативно известување во согласност со член 67 кога договорот е доделен преку граничена или преговарана постапка;

(b) известување за постоење на квалификациски систем во согласност со член 68, кога се доделува договор со ограничена или преговарачка постапка или со конкурентски дијалог или партнерство за иновации;

(c) со известување за договор во согласност со член 69.

Во случајот наведен во точка (a) на овој став, економските оператори што го изразија својот интерес по објавувањето на периодичното индикативно известување потоа ќе бидат поканети да го потврдат својот интерес во писмена форма со покана за да се потврди интересот во согласност со член 74.

5. Во одредени случаи и околности изрично наведени во член 50, земјите-членки може да пропишат дека договорните субјекти може да спроведат преговарачка постапка без претходен повик за прибирање понуди. Земјите-членки не треба да овозможат примена на таа постапка во кој било друга случај од оние наведени во член 50.

Член 45

Отворена постапка

1. Во отворена постапка секој заинтересиран економски оператор може да достави понуда, како одговор на повикот за прибирање понуди.

Минималниот временски рок за прием на понудите ќе биде 35 дена од датумот на кој е испратено известувањето за договор.

Тендерот ќе биде придружен со информации за квалитативна селекција што се бара од страна на договорниот субјект.

2. Кога договорните субјекти имаат објавено периодично индикативно известување што самото не се користи како средство за повик за прибирање понуди, минималниот рок за прием на понудите, како што е утврдено во вториот потстав од став 1 на овој член, може да се намали на 15 дена, под услов сите од следниве услови да се исполнети:

(a) периодичното индикативно известување вклучува, покрај информации што се бараат со Дел I од Дел А од Анекс VI, сите податоци во согласност со Дел II од Дел А од Анекс VI, доколку вторите информации биле достапни во времето кога периодичното индикативно известување беше објавено;

(b) периодичното индикативно известување било испратено за објавување помеѓу 35 дена и 12 месеци пред датумот на кој е испратено известувањето за договор.

3. Кога состојбата на итност соодветно поддржана од страна на договорниот субјект доведува до неприменлив временски рок утврден во вториот потстав од став 1, може да утврди временски рок кој не смее да биде помал од 15 дена од датумот на кој е испратено известувањето за договор.

4. Договорниот орган може да го намали за пет дена крајниот рок за прием на понудите како што е наведено во вториот потстав од став 1 на овој член, ако прифаќа поднесени понуди по електронски пат, во согласност со првиот потстав од член 40(4) и член 40(5) и (6). *член 46*

Член 46

Ограничена постапка

1. Во ограничена постапка, секој економски оператор има право да поднесе пријава за учество, како одговор на повикот за прибирање понуди преку обезбедување на информации за квалитативна селекција што се бара од страна на договорниот субјект.

Минималниот временски рок за прием на барања за учество, како општо правило, да се дефинира на не помалку од 30 дена од датумот на кој е испратено известување за

договор или покана за потврдување интерес и во никој случај не е помал од 15 дена.

2. Само оние економски оператори што се поканети да го сторат тоа од страна на договорниот орган по неговата оценка на информации, доколку може да поднесе понуда. Договорните субјекти може да го ограничат бројот на соодветни кандидати кои ќе бидат поканети да учествуваат во постапката во согласност со член 78(2).

Крајниот рок за прием на понудите може да биде определен со меѓусебен договор меѓу договорниот субјект и избраните кандидати, под услов сите избрани кандидати да имаат еднакво време да се подготват и да ги достават своите понуди.

Во отсуство на договор за временскиот рок за прием на понудите, временскиот рок е најмалку 10 дена од датумот на кој е испратена поканата за учество на тендер.

Член 47

Преговарачка постапка со претходен повик за прибирање понуди

1. Во преговарачка постапка со претходен повик за прибирање понуди, секој економски оператор има право да поднесе пријава за учество, како одговор на повикот за прибирање понуди преку обезбедување на информации за квалитативна селекција што се бара од страна на договорниот субјект.

Минималниот временски рок за прием на барања за учество, како општо правило, да се дефинира на не помалку од 30 дена од денот на известувањето за договор или, каде што периодично индикативно известување се користи како средство за повик за прибирање понуди, поканата за да се потврди интересот била испратена и во никој случај не треба да биде помал од 15 дена.

2. Само оние економски оператори што се поканети од страна на договорниот орган по оценка на информации може да учествуваат во преговорите. Договорните субјекти може да го ограничат бројот на соодветни кандидати кои ќе бидат поканети да учествуваат во постапката во согласност со член 78(2).

Крајниот рок за прием на понудите може да биде определен со меѓусебен договор меѓу договорниот субјект и избраните кандидати, под услов сите тие да имаат исто време да се подготват и да ги достават своите понуди.

Во отсуство на договор за временскиот рок за прием на понудите, временскиот рок е најмалку 10 дена од датумот на кој е испратена поканата за учество на тендер.

Член 48

Конкурентски дијалог

1. Во конкурентен дијалог, секој економски оператор има право да поднесе пријава за учество, како одговор на повикот за прибирање понуди во согласност со точките (б) и (в) од член 44(4) преку обезбедување на информации за квалитативна селекција што се бара од страна на договорното лице.

Минималниот временски рок за прием на барања за учество, како општо правило, се утврдуваат на не помалку од 30 дена од денот на известувањето за договор или, каде што периодично индикативно известување се користи како средство за повик за прибирање

понуди, поканата за потврдување интерес беше испратена и во никој случај не треба да биде помал од 15 дена.

Само оние економски оператори кои се поканети од страна на договорниот орган по оценка на обезбедените информации, може да учествуваат во дијалогот. Договорните субјекти може да го ограничат бројот на соодветни кандидати кои ќе бидат поканети да учествуваат во постапката во согласност со член 78(2). Договорот се доделува врз единствена основа на критериумот за доделување на тендерот кој претставува најдобар сооднос на цена-квалитет, во согласност со член 82(2).

2. Договорните субјекти ќе ги наведат и дефинираат нивните потреби и услови во повикот за прибирање понуди и/или во описен документ. Во исто време и на исти документи, тие, исто така, ги утврдуваат и дефинираат на избраните критериуми за доделување и утврдување индикативна временска рамка.

3. Договорните субјекти ќе отворат, со учесниците избрани во согласност со релевантните одредби од членовите од 76 до 81, дијалог чија цел е да се идентификуваат и дефинираат средствата што најмногу одговараат за задоволување на нивните потреби. Тие можат да дискутираат за сите аспекти на набавката со избраните учесници во текот на овој дијалог.

Во текот на дијалогот, договорните субјекти обезбедуваат еднаков третман на сите учесници. За таа цел, тие нема да даваат информации на дискриминирачки начин, кој може да даде некои од учесниците предност во однос на другите.

Во согласност со член 39, договорните субјекти не смеат да им откриваат предложени решенија на други учесници или други доверливи информации што ги дал кандидатот или понудувачот кој учествува во дијалогот без негова согласност. Таков договор не е во форма на општо откажување, но мора да се даде во врска со намера за проследување на одредени информации.

4. Конкурентни дијалози може да се одвиваат во последователни фази со цел да се намали бројот на решенија за да се дискутираат во текот на фазата на дијалог со примена на критериумите за доделување утврдени во повикот за прибирање понуди или во описниот документ. Во повикот за прибирање понуди или описниот документ, договорниот субјект наведува дали ќе се користи таа опција.

5. Договорниот субјект го продолжува дијалогот сé додека не ги идентификува решението или решенијата кои можат да ги задоволат неговите потреби.

6. Откако ќе објави дека дијалогот е завршен и откако ќе ги информира останатите учесници, договорните субјекти бараат од нив да ги поднесат своите крајни понуди врз основа на решението или решенијата претставени и наведени во текот на дијалогот. Тие понуди треба да ги содржат сите елементи потребни и неопходни за извршување на проектот.

Тие понуди може да бидат разјаснети, специфицирани и оптимизирани на барање на договорниот субјект. Сепак, такво појаснување, спецификација, оптимизација или дополнителни информации не смеат да вклучуваат промени на основните аспекти на понудата или на набавката, вклучувајќи ги и потребите и условите утврдени во повикот за прибирање понуди или во описниот документ, каде варијациите на тие аспекти, потреби и

услови, најверојатно, ќе ја нарушат конкуренцијата или ќе имаат дискриминаторски ефект.

7. Договорните субјекти ги оценуваат пристигнатите понуди врз основа на критериумите за доделување утврдени во повикот за прибирање понуди или во описниот документ.

На барање на договорниот субјект, преговорите со понудувачот се сметаат како да доставиле понуда која претставува најдобар сооднос на цена-квалитет, во согласност со член 82(2) може да се врши за да потврдат финансиски обврски или други услови содржани во понудата со финализирање на условите на договорот, доколку такви преговори немаат ефект на материјално менување на основните аспекти на понудата или на набавката, вклучувајќи ги и потребите и барањата утврдени во повикот за прибирање понуди или во описниот документ и не ризикуваат нарушување на конкуренцијата или предизвикуваат дискриминација.

8. Договорните субјекти може да се определат награди или исплати за учесниците во дијалогот.

Член 49

Иновациско партнерство

1. Во иновациските партнерства, секој економски оператор има право да поднесе пријава за учество, како одговор на повикот за прибирање понуди во согласност со точките (б) и (в) од член 44(4) преку обезбедување на информации за квалитативна селекција што се бараат од страна на договорниот лице.

Во документите на набавката, договорниот субјект ја идентификува потребата за иновативни производи, услуги или работи, кое не може да се извршат со набавки на производи, услуги или работи кои веќе се достапни на пазарот. Тоа ќе наведе кои елементи од овој опис ги дефинираат минималните услови кои треба да бидат исполнети од страна на сите понуди. Индикациите треба да бидат доволно прецизни за да им овозможат на економските оператори да ги идентификуваат природата и обемот на потребното решение и да одлучат дали да побараат учествуво во постапката.

Договорниот орган може да одлучи да утврди иновациско партнерство со еден партнер или со повеќе партнери за спроведување на посебни истражувачки и развојни активности.

Минималниот временски рок за прием на барања за учество, како општо правило, се дефинира на не помалку од 30 дена од денот на кој известувањето за договорот е испратено и во никој случај не треба да биде помал од 15 дена. Само оние економски оператори што се поканети од страна на договорниот орган по проценка на информациите обезбедени можат да учествуваат во постапката. Договорните субјекти може да се ограничи бројот на соодветни кандидати ќе бидат поканети да учествуваат во постапката во согласност со член 78(2) .На договори се доделува врз единствена основа на критериумот за доделување на понуда која претставува најдобар сооднос на цена-квалитет во согласност со член 82(2).

2. Иновативното партнерство ќе се стреми за развој на иновативни производи, услуги или работи, а потоа и набавки на добиените стоки, услуги или работи, под услов тие да соодветствуваат на ниво на перформанси и максимална трошоци договорени помеѓу договорните субјекти и учесниците.

Иновативното партнерство ќе се структурира во последователни фази по редослед на чекори во процесот на истражување и иновации, кои можат да вклучат производство на производи, обезбедување на услугите или завршување на работите. Иновативното партнерство ќе постави средни цели кои треба да се постигнат од страна на партнерите и да обезбедат плаќање на надоместок во соодветни рати.

Врз основа на тие цели, договорниот орган може да одлучи по секоја фаза да го прекине иновациското партнерство или, во случај на иновациско партнерство со неколку партнери, за да се намали бројот на партнери преку прекинување на поединечните договори, доколку договорниот субјект е во документите за набавка ги има наведено можностите и условите за нивно користење.

3. Освен ако не е поинаку предвидено со овој член, договорните субјекти ќе преговараат со понудувачите за почетните и сите наредни понуди поднесени од нивна страна, освен за конечна понуда, за подобрување на содржината на истите.

Минималните услови и критериумите за доделување не смее да бидат предмет на преговори.

4. Во текот на преговорите, договорните субјекти ќе обезбедат еднаков третман на сите понудувачи. За таа цел, тие нема да даваат информации на дискриминаторски начин што на некои понудувачи може да им даде предност во однос на другите. Тие ќе ги известат сите понудувачи чии понуди не ги отстраниле, во согласност со став 5, во писмена форма за какви било промени во техничките спецификации или други документи за набавка освен оние за утврдување на минималните услови. По овие промени, договорните субјекти ќе обезбедат доволно време за понудувачите да ги изменат и повторно да ги достават изменетите понуди, како што е соодветно.

Во согласност со член 39, договорните субјекти не смеат да откриваат на други учесници доверливи информации што ги поднел кандидатот или понудувачот кој учествува во преговорите без негова согласност. Таков договор не е во форма на општо одбивање, но мора да се даде во врска со намерата за комуникација на одредени информации.

5. Преговорите во постапките за иновациско партнерство може да се одвива во последователни фази со цел да се намали бројот на понудите ќе се преговара со примена на критериумите за доделување утврдени во договорното известување, во поканата за потврдување интерес или во документите за јавни набавки. Во договорното известување, поканата за потврдување интерес или во документите за набавка, договорниот субјект наведува дали ќе ја користат таа опција.

6. Во изборот на кандидатите, договорните субјекти особено ги применуваат критериумите кои се однесуваат на капацитетот на кандидатите во областа на истражување и развој и на развивање и спроведување на иновативни решенија.

Само оние економски оператори кои се поканети од страна на договорниот орган по проценка на бараната информација можат да поднесат истражувачки и иновациски проекти во насока на задоволување на потребите идентификувани од страна на договорниот субјект кои не може да се исполнат од страна на постојните решенија.

Во документите за набавка, договорниот субјект ги дефинира аранжманите кои се применуваат за правата на интелектуална сопственост. Во случај на иновациско

партнерство со неколку партнери, договорниот субјект, во согласност со член 39, не открива на други партнери предложени решенија или други доверливи информации од страна на партнерот во рамките на партнерството без договор со тој партнер. Таков договор не е во форма на општо одбивање, но мора да се даде во врска со намерата за комуникација на одредени информации.

7. Договорниот субјект ќе се осигури дека структурата на партнерството, а особено времетраењето и вредноста на различните фази го покажуваат степенот на иновации на предложеното решение и редоследот на истражување и иновациски активности потребни за развој на иновативно решение, се уште не се достапни на пазарот. Проценетата вредност на стоките, услугите или работите кои се купени нема да бидат несоодветни во однос на инвестициите за нивниот развој.

Член 50

Употребата на преговарачката постапка без претходен повик за прибирање понуди

Договорните субјекти можат да користат преговарачка постапка без претходен повик за прибирање понуди во следниве случаи:

(a) кога не се доставени понуди или соодветни понуди или пријави за учество или соодветни пријави за учество се доставуваат во одговор на постапката со претходен повик за прибирање понуди, под услов првичните услови на договорот да не се значително променети;

Понудата се смета за несоодветна кога не е релевантна за договор, и ако без посуштински измени очигледно е дека не може да одговори на потребите и барањата на договорниот субјект наведени во документацијата за набавка. Барањето за учество ќе се смета дека не е погодно каде што односниот економскиот оператор треба или може да биде исклучен во согласност со членовите 78(1) или 80(1), или не ги исполнува критериумите за избор утврдени од договорниот субјект во согласност со членовите 78 или 80;

(b) кога договорот е само за целите на истражување, експеримент, студија или развој, а не за целите на обезбедување добивка или надоместување на трошоците за истражување и развој, и доколку доделувањето на таков договор не е спротивно на конкурентното доделување на подоцнежни договори кои ги бараат, особено, овие цели;

(c) каде работите, понудите или услугите може да бидат обезбедени само од одреден економски оператор за која било од следниве причини:

(i) целта на набавката е создавање или стекнување на уникатно уметничко дело или уметнички перформанси;

(ii) конкуренцијата е отсутна поради технички причини;

(iii) заштита на ексклузивни права, вклучувајќи ги и правата на интелектуална сопственост.

Исклучоците утврдени во (ii) и (iii) се применуваат само кога постои разумна алтернатива или постои замена и отсуството на конкуренција не е резултат на вештачко стеснување одредување на параметрите на набавката;

(d) колку што е строго неопходно, кога, од причини на крајна итност предизвикани од настани кои не можел да ги предвиди договорниот субјект, временските рокови пропишани за отворен повик, ограничен повик и постапка со преговарање со претходен повик за прибирање понуди, не можат да бидат исполнети. Околностите земени предвид за да оправдаат крајна итност не смеат во ниеден случај да му се припишат на договорниот орган;

(е) во случај на договори за набавки за дополнителни испораки од страна на првичниот доставувач, кои се наменети или како делумна замена на стоки или инсталации или како проширување на постојните стоки или инсталации, при што промената на понудувачот би го обврзала договорниот субјект да купи материјали што имаат различни технички карактеристики што би резултирало со некомпатибилност или несразмерни технички тешкотии во функционирањето и одржувањето;

(f) за нови работи или услуги кои се состојат од повторување слични работи или услуги кои се доделени на изведувачот на кој истите договорни субјекти му доделиле претходен договор, доколку таквите работи или услуги се во согласност со основниот проект за кој бил доделен првиот договор во согласност со постапката во согласност со член 44 (1).

Основниот проект ќе го наведе степенот на можните дополнителни работи или услуги и условите под кои тие ќе бидат доделени. Веднаш откако првиот проект е ставен на тендер, можната употреба на оваа постапка треба да биде откриена и вкупните проценети трошоци за подоцнежните работи или услуги кои ќе бидат земени предвид од страна на договорните субјекти кога ги применуваат членовите 15 и 16;

(е) за стоки понудени и купени на пазар на стоки;

(ж) за купувања на распродажба, каде што е можно да се набават стоки со искористување посебно поволна можност што е достапна само за многу кратко време по цена значително пониска од вообичаените пазарни цени;

(i) за набавка на стоки или услуги под посебно поволни услови или од доставувачот кој дефинитивно завршува со неговите деловни активности или ликвидаторот во постапка на стечај, аранжман со кредитори или слична постапка според националните закони или регулативи;

(s) кога договорот за услуги следува по повик за проектни понуди, организиран во согласност со оваа директива и треба да се додели, според правилата предвидени во повикот, на добитникот или на еден од добитниците на тој повик; во вториот случај, сите добитници ќе бидат поканети да учествуваат во преговорите.

ПОГЛАВЈЕ 1I

Техники и инструменти за електронски и збирни набавки

Член 51

Рамковни договори

1. Договорните субјекти можат да склучуваат рамковни спогодби, под услов тие да ги применуваат постапките предвидени во оваа директива.

Рамковниот договор значи договор меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или

повеќе економски оператори, чија цел е да се утврдат условите со кои се регулираат договорите што ќе бидат доделени во текот на одреден период, посебно во поглед на цените и, онаму каде што е соодветно, предвидените количини.

Рокот за рамковна спогодба не смее да надмине осум години, освен во исклучителни случаи соодветно оправдани, особено со предметот на рамковната спогодба.

2. Договори врз основа на рамковна спогодба се доделуваат врз основа на објективни прописи и критериуми, кои може да вклучуваат повторно отворање на конкуренцијата меѓу економските оператори од една страна во рамковната спогодба како што е заклучено. Овие правила и критериуми се утврдени во документите за набавка на рамковната спогодба.

Правилата и критериумите за целта наведени во првиот потстав се обезбедуваат еднаков третман на економските оператори кои се страни на договорот. Кога повторно отворање на конкуренцијата е вклучено, договорните субјекти ќе определат рок кој е доволно долг за да се овозможи понуди за секој посебен договор да се поднесат и договорните субјекти го доделуваат секој договор на понудувачот кој поднел најдобра понуда врз основа на критериумите за доделување утврдени во спецификациите на рамковната спогодба.

Договорните субјекти не смеат да користат рамковни спогодби несоодветно или на начин да се спречи, ограничи или наруши конкуренцијата.

Член 52

Динамични системи за набавки

1. За набавки кои често се користат, карактеристиките на кои, како што обично се достапни на пазарот, ги исполнуваат условите на договорните субјекти, тие можат да користат динамични системи за набавки. Динамичниот систем за набавки ќе биде управуван како целосно електронски процес и ќе биде отворен во текот на периодот на важење на системот за набавки до секој економски оператор кој ги задоволува критериумите за избор. Тоа може да се подели на категории на производи, работи или услуги кои објективно се дефинираат врз основа на карактеристики на набавката кои треба да се преземат во односната категорија. Таквите карактеристики може да вклучуваат повикување на максималната дозволена големина на следните специфични договори или со одредена географска област во која ќе се вршат последователни посебни договори.

2. Со цел да се врши набавка во рамките на динамичниот систем за набавки, договорните субјекти ги следат правилата на ограничената постапка. Сите кандидати кои ги исполнуваат критериумите за избор ќе бидат прифатени во системот, како и бројот на кандидати што се прифатени во системот не смее да биде ограничен во согласност со член 78(2). Кога договорните субјекти поделена на системот во категории на производи, услуги или работи во согласност со став 1 на овој член, ќе се определи применуваат критериуми за избор за секоја категорија.

И покрај член 46, се применуваат следниве рокови:

(а) минималниот временски рок за прием на барања за учество, како општо правило, се утврдуваат на не помалку од 30 дена од денот на известувањето за договор или, каде

што периодично индикативно известување се користи како средство за повик за прибирање понуди, поканата за потврдување интерес беше испратена и во никој случај не треба да биде помал од 15 дена. Дополнителни рокови за прием на барања за учество не се применуваат откако поканата за учество на тендер за прва специфична набавка во рамките на динамичен систем на набавки е испратена.

(a) Минималниот временски рок за прием на понудите ќе биде најмалку 10 дена од датумот на кој е испратено известувањето за понуда. Се применуваат вториот и третиот потстав од член 46(2).

3. Сите комуникации во контекст на динамичен систем за набавки се вршат преку електронски средства во согласност со член 40 (1), (3), (5) и (6).

4. За целите на доделување на договори во согласност со динамичен систем за набавки, договорните субјекти:

(a) објавува повик за прибирање понуди што појаснува дека динамичен систем на набавки е вклучен;

(b) во документите за набавка ја покажуваат најмалку природата и проценетата количина на купувањата кои се предвидени, како и сите потребни информации во врска со динамичен систем за набавки, вклучувајќи и начин на кој динамичниот систем за набавки работи, електронската опрема што се користи и аранжманите за техничка поврзаност и спецификациите;

(c) се укажува на каква било поделба на категории на производи, работи или услуги и карактеристики кои ги дефинираат;

(d) нудат неограничен и целосен директен пристап, додека системот е важечки, до документите за набавка во согласност со член 73.

5. Договорните субјекти ќе му дадат на кој било економски оператор, во целиот период на важење на динамичниот систем за набавки, можност да бара учество во системот според условите наведени во став 2. Договорните субјекти ги финализираат своите проценки за таквите барања во согласност со критериумите за избор во рок од 10 работни дена од денот на приемот. Тој рок може да се продолжи до 15 работни дена во одделни случаи, кога е оправдано, особено поради потребата да се испита дополнителна документација или на друг начин да се провери дали се исполнети критериумите за избор.

И покрај првиот потстав, додека поканата за понуда за првата специфична набавка според динамичниот систем за набавки не е испратена, договорните субјекти можат да го продолжат периодот на оценување доколку поканата за учество на тендер се издава во текот на подолг временски период на евалуација. Договорните субјекти во документите за набавка ја наведуваат должината на подолг период дека тие имаат намера да се пријават.

Договорните субјекти го информираат економскиот оператор во најраната можна прилика за тоа дали е или не е примен во динамичниот систем за набавки.

6. Договорните субјекти ги поканuваат сите примени учесници да достават понуда за секоја посебна набавка според динамичниот систем за набавки, во согласност со член 74.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Кога динамичниот систем за набавки е поделен на категории на дела, производи или услуги, договорните субјекти ги поканuваат сите учесници кои биле примени во категорија која одговара на конкретната набавка за да достават понуда.

Тие го доделуваат договорот на понудувачот кој ја поднел најдобрата понуда врз основа на критериумите за доделување на договор утврдени во известувањето за динамичен систем за набавки, во поканата за потврдување интерес, или, каде што средствата за повик за прибирање понуди е известување за постоењето на систем за квалификации, во поканата за учество на тендер. Тие критериуми може, кога е соодветно, подетално да се формулираат во поканата за учество на тендер.

7. Договорните субјекти кои, во согласност со член 80, ќе се применуваат основа за исклучување и критериуми за избор како што е предвидено со Директивата бр. 2014/24/ЕУ, може во било кое време во текот на периодот на важење на динамичен систем за набавки, да бараат примени учесници да достават обновени и ажурирани авто-декларации како што е предвидено во член 59(1) од оваа директива, во рок од пет работни дена од датумот на кој барањето се пренесува.

Ставовите од 2 до 4 на член 59 ќе се применуваат во текот на целиот период на важност на динамичниот систем за набавки.

8. Договорните субјекти го наведуваат периодот на важење на динамичниот систем за набавки во повикот за прибирање понуди. Тие ја известуваат Комисијата за какви било промени во периодот на важност, со користење на следните стандардни форми:

(а) кога периодот на важност се менува без прекин на системот, образецот се користи на почетокот за повикот за прибирање понуди за динамичен систем за набавки;

(б) кога системот е прекинат, за доделување на договорот наведен во член 70.

9. Не се наплатуваат трошоци пред или за време на периодот на важење на динамичниот систем за набавки на економските оператори кои се заинтересирани или странка во динамичниот систем за набавки.

Член 53

Електронски аукции

1. Договорните субјекти може да користат електронски аукции во кои новите цени, коригирани со намалување и/или нови вредности во врска со одредени елементи на понудите кои се презентирани.

За таа цел, договорните субјекти ги структурираат електронските аукции како повторувачки електронски процес, кој се случува по првична целосна евалуација на понудите, овозможувајќи да се рангираат понудите користејќи методи за автоматска евалуација.

Одредени договори за услуги и одредени договори за работа, чиј предмет се интелектуални дела, како што е проектна понуда за работи кои не можат да бидат рангирани со примена на методи за автоматско оценување, нема да бидат предмет на електронски аукции.

2. Во отворена или ограничена постапка или постапка со преговарање со претходен

повик за прибирање понуди, договорните субјекти може да одлучат на доделувањето на договорот да му претходи електронска аукција, при што содржината на документите за набавки, особено во техничките спецификации, може да се утврди со прецизност.

Во исти услови, електронска аукција може да се одржи на повторно отворање на понудите меѓу страните на рамковната спогодба како што е предвидено во член 51(2) и за отворање за конкуренција на договорите што ќе бидат доделени во рамките на динамичниот систем за набавки наведен во член 52.

3. Електронската аукција се заснова на еден од следниве елементи на понудите:

(a) единствено на цените кога договорот се доделува само врз основа на цената,

(b) на цените и/или на новите вредности на карактеристиките на понудите наведени во документите за набавка, кога договорот се доделува врз основа на најдобриот сооднос на цена-квалитет или понудата со најниска цена со помош на пристапот на цеовна ефикасност.

4. Договорните субјекти кои ќе одлучат да одржат електронска аукција го наведуваат овој факт во известувањето за договор, во поканата за потврдување интерес или, каде што известувањето за постоење систем за квалификации што се користи како средство за повик за прибирање понуди, во поканата за тендер. Документите за јавни набавки ги содржат најмалку информациите наведени во Анекс VII.

5. Пред да се продолжи со спроведување на електронска аукција, договорните субјекти ќе направат целосна првична целосна евалуација на понудите во согласност со критериумот или критериумите за доделување и со пондерите дадени за нив.

Понудата ќе се смета за прифатлива кога е поднесена од страна на понудувачите, кои не се исклучени во согласност со член 78(1) или 80(1) и кои ги исполнуваат критериумите утврдени во согласност со членовите 78 и 80, а чија понуда е во согласност со техничките спецификации без да бидат неправилни или неприфатливи или несоодветни.

Особено, понудите кои не се во согласност со документите за јавни набавки, кои се пристигнати со задоцнување, ткога има доказ за таен договор или за корупција, или кои биле пронајдени од страна на договорниот орган со невообичаено ниска цена, ќе се сметаат за неправилни. Особено понуди поднесени од понудувачите кои ги немаат потребните квалификации, и тендери чија цена го надминува буџетот на договорниот орган, како што е утврдено и документирано пред започнувањето на постапката за јавна набавка ќе се сметаат за неприфатливи.

Понудата се смета за несоодветна кога не е релевантна за договор, и ако без посуштински измени очигледно е дека не може да одговори на потребите и барањата на договорниот субјект наведени во документацијата за набавка. Барањето за учество ќе се смета дека не е погодно каде што односниот економскиот оператор треба или може да биде исклучен во согласност со членовите 78(1) или 80(1), или не ги исполнува критериумите за избор утврдени од договорниот субјект во согласност со членовите 78 или 80;

Сите понудувачи кои поднеле прифатливи понуди истовремено се повикуваат преку електронски средства да учествуваат во електронската аукција за користење, како на

одреден датум и време, за конекциите во согласност со упатствата утврдени во повикот. Електронската аукција може да се одвива во неколку последователни фази. Електронското наддавање не може да започне порано од два работни дена од датумот на кој се испратени поканите.

6. На поканата се наведува и исходот од целосната процена на релевантната понуда, извршена во согласност со коефициентот пропишан во првиот потстав од член 82(5).

Поканата, исто така, наведува математичката формула што ќе се користи во електронската аукција за да се утврди автоматско повторно рангирање врз основа на новите цени и/или нови вредности што биле поднесени. Освен каде што е економски најповолната понуда се идентификува врз основа на самата цена, таа формула го содржи коефициентот на сите критериуми формиран со цел да се одреди економски најповолната понуда, како што е наведено во известувањето кое се користи како средство за повик за прибирање понуди или во други документи за јавни набавки. За таа цел, кој било распон, сепак, однапред се намалува на конкретно наведена вредност.

Кога се дозволени алтернативи, утврдува посебна формула за секоја варијанта.

7. Во текот на секоја фаза од електронската аукција, договорните субјекти веднаш им доставуваат на сите понудувачи доволно информации за да им овозможат да го констатираат нивното релативно рангирање во секој момент. Тие, исто така, може да достават други информации во врска со други доставени цени или вредности, под услов тоа да е наведено во спецификациите. Тие, исто така, можат во секое време да го соопштат бројот на учесниците во таа фаза од аукцијата. Во никој случај, сепак, тие не можат да го откријат идентитетот на понудувачите во ниту една фаза од електронската аукција.

8. Договорните субјекти ја затвораат електронската аукција на еден или повеќе од следниве начини:

(а) по претходно наведени датум и време;

(b) кога не добиваат повеќе нови цени или нови вредности кои ги исполнуваат условите за минимални разлики, под услов тие да го имаат претходно наведено времето кое ќе дозволат да помине по приемот на последната апликација пред да ја затворат електронската аукција; или

(c) кога претходно наведениот број на фазите на аукцијата е завршен.

Кога договорните субјекти имаат намера да ја затворат електронската аукција во согласност со точка (в) од првиот потстав, по можност во комбинација со аранжманите утврдени во точка (б) од истиот, во поканата за учество на аукцијата се наведува временскиот распоред за секоја фаза од аукцијата.

9. По затворањето на електронската аукција, договорните субјекти го доделуваат договорот во согласност со член 82 врз основа на резултатите од електронската аукција.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Член 54

Елекронски каталози

1. Онаму каде што е потребно користење на електронски средства за комуникација, договорните субјекти може да побараат понудите да бидат презентирани во форма на електронски каталог или да вклучуваат електронски каталог.

Земјите-членки можат да го направат задолжително користењето на електронски каталози во врска со одредени видови на набавки.

Понудите презентирани во форма на електронски каталог може да бидат придружени со други документи, за комплетирање на понудата.

2. Електронските каталози ќе бидат утврдени од страна на кандидатите или понудувачите, со цел да учествуваат во дадена постапка за јавна набавка, во согласност со техничките спецификации и форматот што го утврдил договорниот субјект.

Понатаму, електронските каталози се во согласност со барањата за електронски алатки за комуникација, како и со сите дополнителни барања поставени од страна на договорниот субјект во согласност со член 40.

3. Кога презентацијата на понудите во форма на електронски каталози е прифатена или потребна, договорните субјекти:

(а) наведуваат во огласот, во поканата за потврдување интерес, или, каде што средството за повик за прибирање понуди е известување за постоењето на систем за квалификации, во поканата за учество на тендер или за преговарање;

(b) во документите за набавка ги покажуваат сите потребни информации во согласност со член 40(6) во врска со форматот, електронската опрема и аранжманите за техничка поврзаност и спецификациите за каталогот.

4. Кога рамковната спогодба е склучена со повеќе економски оператори, по поднесувањето на понуди во форма на електронски каталози, договорните субјекти може да пропишат дека повторно прибирање на понуди за одредени договори се одвива врз основа на ажурирани каталози. Во таков случај, договорните субјекти ќе користат еден од следниве методи:

(а) да повикаат понудувачи повторно да ги поднесат своите електронски каталози, адаптирани на односните услови на договорот; или

(б) да ги известат понудувачите кои имаат намера да ги соберат од електронски каталози кои веќе ги имаат доставено информациите потребни за сочинување понуди приспособени на условите на предметниот договор, под услов користењето на овој метод да е објавено во документите за набавка на рамковната спогодба.

5. Кога договорните субјекти повторно ги отвараат поднесените понуди за одредени договори во согласност со точка (б) од став 4, тие ќе ги известат понудувачите за датумот и времето во кои тие имаат намера да соберат информации кои се потребни за да претставуваат понуди приспособени на специфични односни договори и ќе и дадат на понудувачите можност да го одбијат таквото собирање на информации.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Договорните субјекти ќе овозможат соодветен период меѓу известувањето и вистинското собирање на информации.

Пред доделувањето на договорот, договорните субјекти ги претставуваат собраните информации на односниот понудувач за да му се даде можност да оспорат или потврдат дека понудата составена на тој начин не содржи никакви материјални грешки.

6. Договорните субјекти може да склучат договори врз основа на динамичен систем за набавки со барање на понуди за специфичен договор кој треба да биде претставен во форма на електронски каталог.

Договорните субјекти, исто така, можат да ги доделуваат договорите врз основа на динамичен систем за набавки во согласност со точка (б) од став 4 и став 5 доколку барањето за учество во динамичниот систем за набавки е придружено со електронски каталог во согласност со техничките спецификации и формат утврден од страна на договорниот субјект. Тој каталог ќе биде завршен подоцна од страна на кандидатите, кога тие се информирани за намерата на договорниот субјект да формира понуди со помош на постапката утврдена во точка (б) од став 4.

Член 55

Централизирани активности за набавки и централни тела за набавки

1. Земјите-членки можат да пропишат дека договорните субјекти можат да стекнат работи, стоки и/или услуги од централно тело за набавки нудејќи им централизирани активности за набавки наведени во точка (а) од точка (10) од член 2.

Земјите-членки може да пропишат дека договорните субјекти можат да се здобијат со работи, добра и услуги со користење на договори кои се доделуваат од страна на централно тело за набавки, со користење на динамични системи за набавки, управувано од страна на централно тело за набавки или со користење на рамковна спогодба склучена од страна на централното тело за набавки нудејќи централизирани набавки наведени во точка (б) од точка (10) од член 2. Кога динамичен систем на набавки кој е управуван од страна на централно тело за набавки може да се користи од страна на други договорни субјекти, ова ќе биде наведено во повикот за прибирање понуди со кој се утврдува динамичниот систем за набавки.

Во однос на првиот и вториот потстав, земјите-членки можат да предвидат дека одредени набавки треба да се направат за прибегнување кон централни тела за набавки или на едно или повеќе специфични централни тела за набавки.

2. Договорниот субјект ги исполнува своите обврски во согласност со оваа директива кога купува добра или услуги од централно тело за набавки нудејќи им на централизирана активност за набавки наведена во точка (а) на точка (10) од член 2.

Згора на тоа, договорниот субјект, исто така, ги исполнува своите обврски во согласност со оваа директива, каде што се стекнува со работи, стоки или услуги со користење на договори доделени од централно тело за набавки, со користење на динамичен систем за набавки управуван од страна на централно тело за набавки или со користење на рамковна спогодба склучена со централно тело за набавки понудата на активности со централизирано набавки наведени во точка (б) од точка (10) од член 2.

Сепак, договорниот субјект ќе биде одговорен за исполнување на обврските во согласност со оваа директива, во однос на деловите кои ги спроведува, како што се:

(a) доделување на договор за динамичен систем за набавки, кој е управуван од страна на централно тело за набавки; или

(b) спроведување на повторно прибирање на понуди од рамковната спогодба што е констатирано од страна на централно тело за набавки.

3. Сите постапки за јавни набавки спроведени од страна на централно тело за набавки се вршат со користење на електронски средства за комуникација, во согласност со условите утврдени во член 40.

4. Договорните субјекти можат, без примена на постапките предвидени во оваа директива, да доделуваат договори за услуги за обезбедување на централизирани активности за набавки на централно тело за набавки.

Таквите договори за услуги, исто така, може да вклучуваат обезбедување на помошни активности за набавки.

Член 56

Повремени заеднички набавки

1. Два или повеќе договорни субјекти можат да се договорат за заедничко извршување на одредени специфични набавки.

2. Кога водењето на постапката за јавна набавка во целост се врши заеднички во име и за сметка на сите договорни субјекти, тие се заеднички одговорни за исполнување на нивните обврски во согласност со оваа директива. Ова важи и во случај кога еден договорен субјект сам управува со постапката за набавка, кој дејствува во свое име и за сметка на други договорни субјекти.

Кога водењето на постапката за јавни набавки не се врши во целост во име и за сметка на договорните субјекти, тие се заеднички одговорни само за оние делови кои ги вршат заеднички. Секој договорен субјект има единствена одговорност за исполнување на своите обврски во согласност со оваа директива, во однос на деловите кои ги спроведува во свое име и за своја сметка.

Член 57

Набавки кои вклучуваат договорни субјекти на различни земји-членки

1. Без да е во спротивност со членовите од 28 до 31, договорните субјекти од различни земји-членки можат да делуваат заеднички во постапката за доделување на договори со користење на едно од средствата што се предвидени во овој член.

Договорните субјекти не смеат да користат средства што се предвидени во овој член, заради избегнување на примената на законските одредби на јавното право ј во согласност со правото на Унијата на кое тие се предмет во нивната земја-членка.

2. Една земја-членка не им забранува на договорните субјекти користење на централизирани активности за набавки понудени од страна на централни тела за набавки кои се наоѓаат во друга земја-членка.

Во однос на централизирани активности за набавки понудени од страна на централно тело за набавки кое се наоѓа во друга земја-членка од договорниот субјект, земјите-членки може, сепак, да изберат да се прецизира дека нивните договорни субјекти можат да ги користат само за централизирани активности за набавки како што е дефинирано или во точка (а) или во точка (б) од точка (10) од член 2.

3. Обезбедувањето на централизирани активности за набавки од страна на централно тело за набавки кое се наоѓа во друга земја-членка се спроведува во согласност со националните одредби на земјата-членка каде што се наоѓа централното тело за набавки.

Националните одредби на земјата-членка каде што се наоѓа централното тело за набавки, исто така, ќе се применуваат на:

(a) доделување на договор во рамките на динамичниот систем за набавки;

(b) вршењето на повторно прибирање на понуди од рамковната спогодба.

4. Неколку договорни субјекти од различни земји членки заеднички можат да доделат договор, да склучи рамковна спогодба или да работат на динамичен систем за набавки. Тие, исто така, можат да доделуваат договори врз основа на рамковна спогодба или за динамичен систем на набавки. Освен ако потребните елементи се регулирани со меѓународен договор склучен меѓу земјите-членки, договорните субјекти кои учествуваат ќе склучат договор со кој се утврдуваат:

(a) обврските на страните и релевантните важечки национални одредби;

(b) внатрешната организација на постапката за набавки, вклучувајќи го и управувањето со постапката, распределбата на работите, стоките или услугите кои треба да се набават и склучувањето на договори.

Договорниот субјект кој учествува ги исполнува своите обврски во согласност со оваа директива кога купува работи, стоки или услуги од договорниот субјект кој е одговорен за постапката за јавна набавка. При утврдувањето на одговорностите и применливиот национален закон, како што е наведено во точка (а), договорните субјекти кои учествуваат можат да доделат специфични одговорности меѓу нив и да ги утврдат применливите одредби од законите на која било од нивните земји-членки. Распределба на одговорностите и важечките национални закони се наведуваат во документите за набавка на заеднички доделени договори.

5. Кога неколку договорни субјекти од различни земји-членки формираат заеднички субјект, вклучувајќи ги Европското групирање за територијална соработка, во согласност со Регулативата (ЕЗ) бр. 1082/2006 на Европскиот парламент и на Советот[1] или на други субјекти основани со правото на Унијата, договорните субјекти кои учествуваат, со одлука на надлежен орган на заеднички субјект, да се договорат за

[1]Регулативата (ЕУ) бр. 1082/2006 на Европскиот парламент и на Советот од 5 јули 2006 година за Европското групирање за територијална соработка (Сл. весник L 210, 31.7.2006 година, стр. 19).

важечките национални правила за набавка во една од следниве земји-членки:

(a) националните одредби на земјата-членка во која заедничкиот субјект има регистрирано седиште;

(b) националните одредби на земјата-членка во која заеднички субјект ги извршува на своите активности.

Договорот наведен во првиот потстав може или да се применува за неодреден период, кога се конкретно определен во конститутивен акт на заеднички субјект, или може да биде ограничен на одреден временски период, одредени видови на договори или на еден или повеќе поединечни доделени договори.

ПОГЛАВЈЕ III

Спроведување на постапката

Оддел 1

П о д г о т о в к а

Член 58

Прелиминарни пазарни консултации

Пред започнување на постапка за јавни набавки, договорните субјекти можат да се спроведат пазарни консултации со поглед на подготовките за набавка и информирање на економските оператори на нивните планови и услови за набавки.

За таа цел, договорните субјекти можат на пример да побараат или прифатат совет од независни експерти или тела или од учесниците на пазарот. Тој совет може да се користи во планирање и спроведување на постапката за набавка, под услов таквиот совет да нема ефект на нарушувањето на конкуренцијата и да не резултира со повреда на начелата на недискриминација и транспарентност.

Член 59

Претходно вклучување на кандидати или понудувачи

Кога кандидат или понудувач или претпријатие поврзани со кандидат или понудувач го советувал договорниот субјект, без разлика дали во смисла на член 58 или не, или на друг начин биле вклучени во подготовката на постапката за јавна набавка, договорниот орган ќе преземе соодветни мерки да се осигура дека конкуренцијата не е нарушена со учество на тој кандидат или понудувач.

Таквите мерки вклучуваат комуникација со другите кандидати и понудувачи на релевантни информации разменети во контекст на, или како резултат од вклучувањето на кандидатот или понудувачот во подготовката на постапката за набавка и утврдување на соодветни временски рокови за прием на понуди. Кандидатот или понудувачот кои се засегнати ќе бидат отстранети само од постапката каде што не постојат други начини за да се обезбеди усогласеност со обврската за придржување на начелото на еднаков третман.

Пред секое такво исклучување, на кандидатите или понудувачите ќе им се даде можност да докажат дека нивното учество во подготовка на постапката за јавна набавка не е во состојба за нарушување на конкуренцијата. Преземените мерки треба да бидат документирани во поединечен извештај како што е наведено во член 100.

Член 60

Технки спецификации

1. Техничките спецификации како што е дефинирано во точка 1 од Анекс VIII се утврдени во документите за јавни набавки. Техничките спецификации ги утврдуваат потребните карактеристики на работите, услугите или понудите.

Овие карактеристики, исто така, може да се однесуваат на специфичен процес или метод на производство или обезбедување на бараните работи, добра или услуги или за специфичен процес за друга фаза на неговиот животен циклус дури и кога таквите фактори не се дел од нивната материјална супстанца, доколку се поврзани со предметот на договорот и пропорционални на неговата вредност и неговите цели.

Техничките спецификации може да определат дали ќе се бара пренос на правата од интелектуална сопственост.

За сите набавки кои се наменети за употреба од страна на физички лица, без разлика дали општата јавност или персоналот на договорниот субјект, техничките спецификации, освен во оправдани случаи, ќе бидат подготвени за да се земат предвид критериумите за пристапност за лицата со посебни потреби или наменети за сите корисници.

Кога задолжителнита услови за пристапност се донесени со правен акт на Унијата, техничките спецификации треба, што се однесува до критериумите за пристапност за лицата со посебни потреби или проектна понуда за сите засегнати корисници, да се дефинирани со упатување на истата.

2. Техничките спецификации ќе овозможат еднаков пристап на економските оператори во постапката за набавка и не смеат да имаат ефект на создавање неоправдани пречки за отворање на јавните набавки за конкуренција.

3. Без да е во спротивност со задолжителните национални технички прописи, до степен до кој тие се усогласени со правото на Унијата, техничките спецификации ќе бидат формулирани на еден од следниве начини:

(a) во однос на условите за извршување или функционални услови, вклучувајќи ги и еколошките карактеристики, под услов параметрите да се доволно прецизни за да им овозможат на понудувачите да го утврдат предметот на договорот и да им овозможат на договорните субјекти да го доделат договорот;

(b) со упатување на техничките спецификации и, заради предност, на националните стандарди кои ги транспонираат европските стандарди, европските технички проценки, заедничките технички спецификации, меѓународните стандарди, други технички референтни системи поставени од европските тела за стандардизација или - кога било која

од овие не постојат - националните стандарди, националните технички одобренија или националните технички спецификации во врска со идејното решение, пресметката и извршувањето на работите и употребата на материјали; Секое упатување треба да биде придружено со зборовите „или еквивалентно“;

(c) во однос на условите за извршување или функционалните услови наведени во точка (а), со упатување на техничките спецификации наведени во точка (б) како начини за претпоставување на усогласеност со извршување или функционални услови;

(d) со оглед на техничките спецификации наведени во точка (б) за одредени карактеристики и со повикување на условите за извршување или функционални услови наведени во точка (а) за други карактеристики.

4. Освен ако не е оправдано со предметот на договорот, техничките спецификации нема да се однесуваат на специфична работа или извор, или на конкретен процес, кој е одлика на производите или услугите обезбедени од страна на одреден економски оператор, или на трговски марки, патенти, видови или специфично потекло или производство на стоки со цел фаворизирање или елиминирање на одредени претпријатија или одредени производи. Такво упатување ќе биде дозволено, во исклучителни случаи, кога не е можно да се даде доволно прецизен и разбирлив опис на предметот на договорот согласно со став 3. Таквите упатувања треба да бидат придружени со зборовите „или еквивалентно“.

5. Кога договорен субјект ја користи опцијата на упатување на техничките спецификации наведени во точка (б) од став 3, тој не смее да одбие понуда врз основа на тоа дека работите, добрата или услугите за кои е поднесена понуда не се во согласност со техничките спецификации на кои тој се повикал, откако понудувачот ќе докаже во неговата понуда, со кои било соодветни средства, вклучувајќи и средства за доказ наведени во член 62, дека решенијата кои се предложени ги задоволуваат на еднаков начин условите дефинирани во техничките спецификации.

6. Кога договорен субјект ја користи опцијата утврдена во точка (а) од став 3 да се формулираат технички спецификации во однос на условите за извршување или функционални услови, нема да се одбие понуда за стоки, услуги или работи кои се во согласност со национален стандард кој транспонира Европски стандард, со европско техничко одобрение, општа техничка спецификација, меѓународен стандард или технички референтен систем утврден од страна на европско тело за стандардизација, каде што тие спецификации се однесуваат на условите за извршување или функционални услови кои се поставени.

Во својата понуда, понудувачот мора да докаже со сите соодветни средства, вклучувајќи ги оние кои се наведени во член 62, дека стоките, услугите или работата во согласност со стандардот ги исполнува условите за извршување или функционални барања на договорниот субјект.

Член 61

Ознаки

1. Кога договорните субјекти имаат намера да набавуваат работи, добра или услуги, со конкретни еколошки, социјални или други карактеристики тие можат, во техничките спецификации, критериумите за доделување или на условите за квалитетно извршување на договорот, да бараат специфични ознаки како средства за доказ дека

работите, добрата или услугите одговараат на бараните карактеристики, под услов сите од следниве услови да се исполнети:

(а) барањата за ознаки се однесуваат само на критериумите кои се поврзани со предметот на договорот и соодветно да ги дефинираат карактеристиките на работите, добрата или услугите кои се предмет на договорот;

(b) барањата за ознаки се базираат на објективно проверливи и недискриминирачки критериуми;

(c) ознаките се утврдени во отворена и транспарентна постапка во која сите релевантни чинители, вклучувајќи ги и владините органи, потрошувачи, социјалните партнери, производителите, дистрибутерите и невладините организации можат да учествуваат;

(d) ознаките се достапни за сите заинтересирани страни;

(е) барањето ознаки е утврдено од страна на трети лица врз кои економскиот оператор кој поднесува барање за ознака не можат да остварат решавачко влијание.

Кога договорните субјекти не бараат на работи, стоки или услуги да ги исполнат узловите за ознака, тие треба да наведат кои услови за ознака се исполнети.

Договорните субјекти кои бараат одредена ознака ќе прифати дека сите ознаки за работите, добрата или услугите ги исполнуваат еквивалентните услови за ознака.

Кога економскиот оператор очигледно нема можност за добивање на специфична ознака наведена од страна на договорниот субјект или еквивалентна ознака во рамките на релевантни временски рокови поради причини кои не се припишуваат на економскиот оператор, договорниот субјект ги прифаќа другите соодветни средства за доказ, кои може да вклучуваат техничко досие на производителот, под услов економски оператор покажува дека работите, добрата и услугите треба да бидат обезбедени со исполнување на условите за специфична ознака или со специфичните услови наведени од страна на договорниот субјект.

2. Кога ознаката ги исполнува условите од предвидени во точките (б), (в), (г) и (д) од став 1, но, исто така, утврдува услови кои не се поврзани со предметот на договорот, договорните субјекти не ја бараат ознаката како таква, туку можат да ги дефинираат техничките спецификации со упатување на оние на детални спецификации на таа ознака, или, ако е потребно, делови од нив, кои се поврзани со предметот на договорот и соодветно да ги дефинираат карактеристиките на оваа тема.

Член 62

Извештаи од тестирање, сертифицирање и други доказни средства

1. Договорните субјекти можат да побараат економските оператори да обезбедат извештај од анализа на телото за оцена на усогласеност или сертификат издаден од такво тело, како начин за докажување на усогласеноста со условите или критериумите утврдени во техничките спецификации, критериумите за доделување или на условите за квалитетно извршување на договорот.

Кога договорните субјекти бараат поднесување на сертификати издадени од страна на

посебно тело за оцена на усогласеност, сертификати од еквивалентните други тела за оцена на усогласеност, исто така, треба да бидат прифатени од страна на договорните субјекти.

За целите на овој став, тело за оцена на усогласеност треба да биде тело што врши работи за оцена на усогласеност, вклучително калибрирање, тестирање, сертифицирање и инспекција, акредитирани во согласност со Регулативата (ЕЗ) бр. 765/2008 на Европскиот парламент и на Советот[1].

2. Договорните субјекти ги прифаќаат другите соодветни докази од оние наведени во став 1, како што е техничкото досие на производителот каде што засегнатиот економски оператор немал пристап до такви сертификати или извештаи од тестирање наведени во став 1, или не постои можност за добивање во рамките на релевантни временски рокови, доколку недостатокот на пристап не е последица на економски оператор и под услов економски оператор со што се докажува дека работите, добрата или услугите ги исполнуваат условите или критериумите утврдени во техничките спецификации, критериумите за доделување или на условите за квалитетно извршување на договорот.

3. Земјите-членки ги стават на располагање на другите земји-членки, на писмено барање, сите информации во врска со докази и документи поднесени во согласност со член 60(6), член 61 и ставовите 1 и 2 на овој член. Надлежните органи на земјата-членка на основање на економскиот оператор треба да ја обезбеди оваа информација во согласност со член 102.

Член 63

Известување за технички спецификации

1. На барање од економските оператори кои се заинтересирани за добивање договор, договорните субјекти им ги стават на располагање техничките спецификации кои редовно се посочувани во нивните договори за набавки, работи или услуги или техничките спецификации што имаат намера да ги применат на договорите за кои повик за прибирање понуди е периодичното информативно известување. Тие спецификации ќе бидат достапни по електронски пат преку неограничен и целосен директен пристап бесплатно.

Сепак, техничките спецификации ќе бидат пренесени со други средства од електронските средства каде неограничен и целосен директен пристап бесплатно преку електронски средства до одредени документи за јавни набавки не можат да бидат понудени за една од причините утврдени во вториот потстав од член 40(1) или каде неограничен и целосен директен пристап бесплатно преку електронски средства до одредени документи за јавни набавки не можат да бидат понудени бидејќи договорните субјекти имаат намера да го применат член 39(2).

2. Кога техничките спецификации се базирани на документи достапни преку електронски средства преку неограничен и целосен директен пристап бесплатен за заинтересираните економски оператори, вклучувањето упатување на тие документи треба да биде доволно.

[1]Регулативата (ЕУ) бр. 765/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 26. јуни 2008 година за утврдување на условите за акредитација и пазарен надзор поврзани со маркетинг на производи и за укинување на Регулативата (ЕЕЗ) бр. 339/93 (Сл. весник L 218, 13.08.2008 година, стр. 30).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Член 64

Алтернативи

1. Договорните субјекти можат да одобрат или да бараат од понудувачите да достават варијанти кои ги исполнуваат минималните услови специфицирани од страна на договорните субјекти.

Договорните субјекти наведуваат во документите за набавка дали го овластуваат или не, или бараат алтернативи и, ако е така, минималните услови да бидат исполнети од алтернативите и кои било специфични услови за нивно презентирање, а особено дали алтернативите може да се поднесат само кога тендер, кој не е алтернатива, исто така, бил поднесен. Кога се дозволени или потребни алтернативи, тие, исто така, ќе се осигураат дека избраните критериуми за доделување може да се примени за да се алтернативите што ги исполнуваат овие минимални барања, како и да се во согласност понуди кои не се алтернативи.

2. Во постапките за доделување договори за добра или услуги, договорните субјекти кои одобруваат или бараат алтернативи нема да одбијат алтернатива само врз основа на тоа дека таа, кога е успешно, би довела или до договор за услуги наместо до договор за набавки или до договор за набавки, наместо договор за услуга.

Член 65

Поделба на договорите на делови

1. Договорните страни можат да одлучат да доделат договор во вид на одделни делови и мжат да ги одредат обемот и предметот на тие делови.

Договорните страни наведуваат во известувањето, во поканата за потврдување интерес, или, каде што средството за повик за прибирање понуди е известување за постоењето на систем за квалификации, во поканата за учество на тендер или за преговарање, без оглед дали понудите се поднесени за еден или за повеќе делови;

2. Договорните страни можат, дури и кога понудите можат да се поднесуваат за неколку или сите делови, да го ограничат бројот на делови кои може да се доделат на еден понудувач доколку максималниот број на делови по понудувач е н во договорното известување или во поканата за потврдување интерес за понуда или преговарање. Договорните субјекти во документите за набавки целта и недискриминирачките критериуми или начела кои имаат намера да ги применат за одредување кои делови ќе се доделат кога примената на критериумите за доделување ќе резултираат со тоа еден понудувач да добие повеќе делови од максималниот дозволен број.

3. Земјите- членки можат да предвидат дека кога повеќе од еден дел може да се додели на истиот понудувач, договорните страни можат да доделат договор кој комбинира неколку или сите делови во кои имаат наведено дека известувањето за договор или во поканата за потврдување интерес, за понуда или за преговарање дека ја резервираат можноста за тоа и наведуваат дека делови или групи на делови може да се комбинираат.

4. Земјите-членки може да го направат задолжително доделувањето на договори во форма на посебни делови во согласност со условите определени во согласност со нивното национално законодавство и имајќи го предвид за правото на Унијата. Вториот потстав од став 1 и, каде што е соодветно, се применува став 3.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Член 66

Одредување временски рокови

1. При утврдувањето на роковите за прием на барањата или на понудите, договорните субјекти ја земаат предвид сложеноста на договорот и времето потребно за подготовка на понуди или барања, без да се во спротивност со минималните временски рокови утврдени во овој членовите од 45 до 49.

2. Кога понуди може да се направат само по посета на лице место или по проверка на лице место на документите кои ги придружуваат документи за јавни набавки, временските рокови за прием на понудите, кои може да бидат подолги од минималните временски рокови утврдени во членовите од 45 до 49, ќе бидат фиксни, така што сите економски оператори може да бидат известени за сите информации потребни за подготовка на понудите.

3. Договорните субјекти може да го продолжат временскиот рок за прием на понудите, така што сите економски оператори може да бидат известени за сите информации потребни за подготовка на понуди во следните случаи:

(a) каде што, за која било причина, дополнителни информации, иако се побарани од страна на економскиот оператор во соодветно време, не се доставени најдоцна шест дена пред истекот на рокот утврден за примање на понудите. Во случај на забрзана отворена постапка како што е наведено во член 45(3), тој период е четири дена;

(b) кога се направени значителни промени на документите за набавки.

Должината на проширувањето треба да биде пропорционална на важноста на информациите или промените.

Кога дополнителни информации или не биле побарани во соодветно време или нивната важност, во поглед на подготвување соодветни понуди е незначителна, договорните субјекти нема да бараат проширување на роковите.

Оддел 2

О б ј а в у в а њ е и т р а н с п а р е н т н о с т

Член 67

Периодични индикативни известувања

1. Договорните субјекти можат да ги обелоденат своите намери на планираните набавки преку објавување на периодично индикативно известување. Овие известувања треба да ги содржат информациите наведени во Дел А, оддел I Анекс VI. Тие треба да се објават или преку Службата за публикации на Европската унија или од страна на договорните субјекти на нивните профили за купувачи во согласност со точка 2(б) од Анекс IX. Кога периодичното индикативно известување се објавува од страна на договорните субјекти на нивниот профил на купувачот, тие испраќаат известување за објавувањето на периодичното информативно известување на профилот на купувачот до Службата за публикации на Европската унија во согласност со точка 3 од Анекс IX. Тие известувања треба да ги содржат информациите наведени во Анекс VI Дел Б.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

2. Кога повикот за прибирање понуди се врши по пат на периодично индикативно известување во однос на ограниченият повик и постапка со преговарање со претходен повик за прибирање понуди, известувањето треба да ги исполнува сите следни услови:

(a) тоа се однесува токму на добрата, работите или услугите кои ќе бидат предмет на договор за јавна набавка;

(b) тоа покажува дека договорот ќе биде доделен преку ограничен повик или постапка со преговарање без понатамошно објавување на повик за прибирање понуди и ги повикува заинтересираните економски оператори да го изразат својот интерес;

(c) ги содржи, покрај информациите наведени во дел А, оддел I од Анекс VI, информациите наведени во дел А, оддел II од Анекс VI;

(d) испратено е за објавување помеѓу 35 дена и 12 месеци пред датумот на кој е испратена поканата за потврдување интерес.

Таквите известувања не се објавуваат на профилот на купувачот. Сепак, дополнително објавување на национално ниво, во согласност со член 72, доколку има, може да се направи на профилот на купувачот.

Периодот опфатен со периодичното информативно известување ќе биде максимум 12 месеци од денот кога известувањето е пренесено за објавување. Меѓутоа, во случај на договори за социјални и други специфични услуги, периодичното информативно известување наведено во точка (б) од член 92(1), може да опфати период кој е подолг од 12 месеци.

Член 68

Известување за постоење на квалификациски систем

1. Кога договорните субјекти ќе изберат да воспостават систем за квалификации во согласност со член 77, системот ќе биде предмет на известување како што е наведено во Анекс X, наведувајќи ја целта на системот на квалификации и како да имаат пристап до прописите во врска со неговото работење.

2. Договорните субјекти го наведуваат на периодот на важење на системот за квалификации во известувањето за постоење на системот. Тие ја известуваат Службата за публикации на Европската унија за какви било промени во периодот на важност, со користење на следните стандардни обрасци:

(a) кога периодот на важност се менува без прекинување на системот, образец за известувањата за постоење на системите за квалификации;

(b) кога системот е прекинат, за доделување на договорот наведен во член 70.

Член 69

Известувања за договори

Известувањата за договори може да се користат како средства за повик за прибирање

понуди во однос на сите постапки. Тие ќе ги содржат информациите наведени во соодветниот дел на Анекс XI и ќе се објават во согласност со член 71.

Член 70

Известувања за доделување договори

1. Најдоцна во рок од 30 дена од денот на склучување на договор или рамковна спогодба по одлуката за доделување или склучување, договорните субјекти испраќаат известување за доделување договор за резултатите од постапката за јавна набавка.

Таквото известување треба да ги содржи информациите утврдени во Анекс XII и ќе се објави во согласност со член 71.

2. Кога повик за прибирање понуди за односниот договор е направен во вид на периодичното информативно известување и договорниот субјект одлучил дека нема да додели дополнителни договори за време на периодот опфатен со периодичното информативно известување, известувањето за склучен договор треба да содржи специфични индикации за тоа.

Во случај на рамковни спогодби склучени во согласност со член 51, договорните субјекти не се обврзани да испратат известување за резултатите од постапката за јавна набавка за секој договор врз основа на таа спогодба. Земјите-членки може да пропишат дека договорните субјекти се должни да ги групираат известувањата за резултатите од постапката за јавна набавка за договори врз основа на рамковна спогодба на квартална основа. Во тој случај договорните субјекти испраќаат групирани известувања во рок од 30 дена по истекот на секој квартал.

Договорните субјекти испраќаат известување за склучен договор во рок од 30 дена по доделувањето на секој договор врз основа на динамичен систем за купување. Тие, меѓутоа, може да ги групираат таквите известувања на квартална основа. Во тој случај тие испраќаат групирани известувања во рок од 30 дена по истекот на секој квартал.

3. Информациите кои се дадени во согласност со Анекс XII и наменети за објавување се објавуваат во согласност со Анекс IX. Одредени информации за доделување на договор за или склучување на рамковна спогодба можат да бидат задржани од објавување кога нивното објавување би го попречило спроведувањето на законот или на друг начин да бидат во спротивност со јавниот интерес или да наштетат на легитимните комерцијални интереси на одреден економски оператор, јавен или приватен, може да ја загрозат фер конкуренција меѓу економските оператори.

Во случај на договори за истражување и развој услуги („услуги за И&Р“), информациите во врска со природата и количината на услуги може да биде ограничена на:

(a) ознаката „услуги за И&Р“, каде што договорот му бил доделен со постапка со преговарање без повик за прибирање понуди во согласност со член 50(б);

(b) информации барем детално како што беше наведено во известувањето кое се користи како средство за повик за прибирање понуди.

4. Информациите кои се обезбедени во согласност со Анекс XII и обележани дека не се наменети за објавување се објавуваат само во поедноставена форма и во согласност со

Анекс IX за статистички цели.

Член 71

Форма и начин на објавување на известувањата

1. Известувања наведени во членовите од 67 до 70 ги содржат информациите утврдени во Анекс VI, Дел А, VI Дел Б, X, XI и XII и во форматот на стандардните обрасци, вклучувајќи стандардни формулари за исправки.

Комисијата ги утврдува тие стандардни обрасци преку акти за спроведување. Овие акти за спроведување се донесуваат во согласност со советодавната постапка наведена во член 105.

2. Известувањата наведени во членовите од 67 до 70 се подготвуваат, преку електронски средства се пренесуваат на Службата за публикации на Европската унија и се објавуваат во согласност со Анекс IX. Известувањата се објавуваат не подоцна од пет дена по нивното испраќање. Трошоците за објавување на известувањата од страна на Службата за публикации на Европската унија се на товар на Унијата.

3. Известувања наведени во членовите од 67-70 се објавуваат целосно на службен(и) јазик(ци) на институциите на Унијата избран(и) од страна на договорниот субјект. Таа јазична верзија или тие јазични верзии го претставуваат единствениот автентичен текст или текстови. Резиме на важните елементи од секое известување се објавува на другите службени јазици на институциите на Унијата.

4. Службата за публикации на Европската унија ќе се осигури дека целиот текст и резиме на периодични индикативни известувања наведени во член 67(2), повиците за прибирање понуди го утврдуваат системот за динамично купување како што е наведено во точка (а) од член 52(4) и известувањата за постоење систем за квалификации што се користи како средство за повик за прибирање понуди во согласност со точка (б) од член 44(4) да продолжи да се објавува:

(a) во случај на периодични индикативни известувања за 12 месеци или до приемот на известување за склучен договор како што е предвидено во член 70(2), што укажува дека без понатамошни договори ќе бидат доделени во текот на 12 месеци опфатени со повик за прибирање понуди. Меѓутоа, во случај на договори за социјално и други специфични услуги, периодичното информативно известување наведено во точка (б) од член 92(1) ќе продолжат да се објавуваат до крајот на првично посочениот период на валидностжност или до приемот на известувањето за склучен договор како што е предвидено во член 70, што значи дека нема повеќе договори да се доделат во текот на периодот опфатен со повик за прибирање понуди;

(b) во случај кога повици за доставување понуди поставуваат динамичен систем за купување за периодот на важење на динамичниот систем за купување;

(c) во случај на известувањата за постоење систем за квалификација за рокот на важност.

5. Договорните субјекти треба да бидат во можност да обезбедат доказ за датумите на испраќање на известувањата.

Службата за публикации на Европската унија на договорниот орган или договорниот субјект им испраќа потврда за прием на известувањето и за објавувањето на испратените

информации, наведувајќи го датумот на објавување што претставува доказ за објавувањето. Тие информации треба да претставуваат доказ за објавување.

6. Договорните субјекти можат да објавуваат огласи за работи, добра или услуги кои не се предмет на условот за објавување утврден во оваа директива, под услов тие известувања се испраќаат до Службата за публикации на Европската унија преку електронски средства во согласност со формата и постапките за пренос на информации наведени во Анекс IX.

Член 72

Објавување на национално ниво

1. Известувањата од членовите од 67 до 70 и информациите содржани во нив, нема да се објавуваат на национално ниво пред објавувањето во согласност со член 71. Сепак, публикација не смее во никој случај да се одржува на национално ниво, каде што договорните субјекти не биле известени за објавување во рок од 48 часа по потврдувањето на приемот на известувањето, во согласност со член 71.

2. Известувањата објавени на национално ниво не може да содржат информации освен информациите кои се содржат во известувањата испратени до Службата за публикации на Европската унија, но во нив се наведува датумот на испраќање на известувањето до Службата за публикации на Европската унија или на профилот на купувачот.

3. Периодичните информативни известувања не смее да се објават на профилот на купувачот пред испраќање до Службата за публикации на Европската унија за известувањето за нивното објавување во таа форма; тие го наведуваат датумот на испраќањето.

Член 73

Електронски пристап до документацијата за јавни набавки

1. Договорните субјекти по електронски пат нудат неограничен и целосен директен пристап бесплатно на документите за набавка од денот на објавување на известувањето, во согласност со членот 71 или датумот на кој била испратена поканата за потврдување интерес.

Кога средство за повик за прибирање понуди е известување за постоењето на систем за квалификации, таквиот пристап ќе им биде понуден во најкраток можен рок, а најдоцна кога се испраќа поканата за поднесување на понуди или за преговарање. Во текстот за известувањето за концесија или во тие покани се наведува интернет адресата на која е достапна документацијата за јавните набавки.

Каде неограничен и целосен директен пристап бесплатен преку електронски средства до одредени документи за јавни набавки не може да бидат понудени за една од причините утврдени во вториот потстав од член 40(1), договорните субјекти може да наведат во известувањето или поканата за потврдување интерес дека односните документи за јавни набавки ќе се пренесува на друг начин освен на електронски средства во согласност со став 2 на овој член. Во таков случај, рокот за доставување на понудите ќе биде продолжен за пет дена, освен во случаите на соодветно поткрепена итност наведена во член 45(3) и кога рокот е определен со меѓусебен договор согласно со вториот потстав од член 46(2) или вториот потстав од член 47(2).

Кога неограничен и целосен директен пристап бесплатен, преку електронски средства до одредени документи за јавни набавки не може да се понуди затоа што договорните субјекти имаат намера да го применат член 39(2), тие го наведуваат во известувањето или поканата за потврдување интерес или кога средство за повик за конкуренцијата е известување за постоењето на систем за квалификации, во документите за набавки кои мерки насочени кон заштита на доверливоста на информациите што ги бараат и како може да се добие пристап до документите во прашање. Во таков случај, рокот за доставување на понудите ќе биде продолжен за пет дена, освен во случаите на соодветно поткрепена итност наведена во член 45(3) и кога рокот е определен со меѓусебен договор согласно со вториот потстав на член 46(2) или вториот потстав од член 47(2).

2. Доколку тоа е побарано навреме, договорните органи треба да им обезбедат на сите понудувачи кои учествуваат во постапката за јавни набавки им обезбедуваат дополнителни информации кои се однесуваат на спецификациите и кои било дополнителни документи, не подоцна од шест дена пред утврдениот рок за прием на понудите. Во случај на забрзана отворена постапка како што е наведено во член 45(3), овој период трае четири дена.

Член 74

Покани за кандидати

1. Во ограничена постапка, постапка на конкурентен дијалог, иновациски партнерства и постапка за преговарање со претходен повик за прибирање понуди, договорните субјекти истовремено и во писмена форма ги покануваат избраните кандидати да ги достават своите понуди, да се учествува во дијалог или да се преговара.

Кога периодично индикативно известување се користи како повик за прибирање понуди во согласност со точка (а) од член 44(4), договорните субјекти истовремено и во писмена форма ги покануваат економски оператори кои изразија интерес да го потврдат својот континуиран интерес.

2. Поканите од став 1 на овој член треба да содржат упатување на електронската адреса на која документите за набавка се директно достапни преку електронски средства. Поканите ќе бидат придружени со документите за јавни набавки, каде што овие документи не биле предмет на неограничен и целосен директен пристап, бесплатно, поради причините утврдени во третиот или четвртиот потстав од член 73(1) и не е веќе на располагање на друг начин. Покрај тоа, поканите од став 1 на овој член треба да ги содржи информациите утврдени во Анекс XIII.

Член 75

Информирање на кандидатите за квалификации, кандидати и понудувачи

1. Договорните субјекти што е можно поскоро го известуваат секој кандидат и понудувач за одлуките во врска со склучувањето на рамковна спогодба, доделувањето на договорот или прием во динамичен систем за купување, вклучувајќи ги и причините за која било одлука да не се склучи рамковна спогодба или додели договор за кој постои повик за понуди или повторно да се почне постапка или да не се спроведе динамичен систем за купување.

2. По барање на кандидатот или понудувачот, договорните субјекти треба, што е можно побрзо, а во секој случај во рок од 15 дена од денот на приемот на писмено барање, да ги

извести:

(a) секој неуспешен кандидат за причините за отфрлање на неговото барање за учество;

(b) секој неуспешен понудувач за причините за отфрлање на неговата понуда, вклучувајќи ги, во случаите наведени во член 60(5) и (6), причините за нивната одлука за нееднаквост или нивната одлука дека работите, добрата или услугите не ги исполнуваат условите за извршување или функционални барања;

(c) секоја понудувач што направил прифатлива понуда, за карактеристиките и релативните предности на избраната понуда, како и името на успешниот понудувач или страните во рамковната спогодба;

(d) секој понудувач што направил прифатлива понуда на однесување и напредокот во преговорите и дијалог со понудувачите.

3. Договорните органи може да одлучат да одбие пристап до одредени информации наведени во ставовите 1 и 2 во врска со договорот, за склучување рамковна спогодба или за пристапување кон динамичен систем за купување треба да се прекине кога неговото објавување би го попречило спроведувањето на законот или би било во спротивност со јавниот интерес, би им наштетило на законските трговски интереси на јавни или приватни економски оператори или би ја довело во прашање праведната конкуренција меѓу нив.

4. Договорните субјекти кои воспоставуваат и раководат со систем за квалификации ги информираат подносителите за нивната одлука што се однесува до квалификацијата во период од шест месеци.

Ако за одлуката е потребно подолго од четири месеци од презентирањето на пријавата, договорниот субјект го информира подносителот, во рок од два месеца од поднесувањето на пријавата, за причините со кои се оправдува подолгиот период и за датумот до кој неговата примена ќе биде прифатена или одбиена.

5. Кандидатите чии квалификации се одбиени треба да бидат информирани за одлуката за одбивање и причините за таа одлука што е можно поскоро и не подолго од 15 дена од датумот на одлуката за одбивање. Причините мора да бидат засновани на критериумите за квалификација од член 77(2).

6. Договорните субјекти кои утврдуваат и раководат со систем за квалификации може да донесат на квалификација на економскиот оператор до крајот само од причини врз основа на критериумите за квалификации од член 77(2). Секоја намера да се донесат квалификации на крајот ќе биде проследена во писмена форма до економскиот оператор, најмалку 15 дена пред датумот на кој квалификацијата е пред крај, заедно со причината или причините со кои ја оправдуваат предложената акција.

Оддел 3

Избор на учесниците и доделување договори

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Член 76

Општи начела

1. За целите на избирање на учесниците во своите постапки за јавни набавки, ќе се применуваат следниве правила:

(a) договорните субјекти, кои пропишале прописи и критериуми за изземање на понудувачите или кандидатите согласно со членот 78(1) или член 80(1), ги изземаат економските оператори идентификувани во согласност со таквите правила и ги исполнуваат таквите критериуми;

(b) тие ги избираат понудувачите и кандидатите во согласност со објективни прописи и критериуми пропишани согласно членовите 78 и 80;

(c) во ограничена постапка, во постапка со преговарање со повик за прибирање понуди во конкурентни дијалози, и иновациски партнерства, што онаму каде што е соодветно да се намалат во согласност со член 78(2) бројот на кандидатите избрани во согласност со точките (а) и (б) од овој став.

2. Кога повикот за прибирање понуди се врши по пат на известување за постоењето на систем за квалификации и за целите на избирање на учесниците во постапките за јавни набавки за одредени договори, кои се предмет на повикот за прибирање понуди, договорните субјекти треба да:

(a) квалификување на економски оператори во согласност со член 77;

(b) ги применуваат на таквите квалификувани економски оператори оние одредби од став 1 кои се релевантни за ограничен повик или постапка со преговарање, со конкурентни дијалози или на иновациски партнерства.

3. При изборот на учесници за ограничен повик или постапка со преговарање, односно конкурентен дијалог или иновациско партнерство, во донесувањето на својата одлука што се однесува до квалификацијата или кога критериумите и правилата се ажурираат, договорните субјекти не смеат да:

(a) воведуваат административни, технички и финансиски услови за одредени економски оператори кои не би им се вовеле на другите;

(b) бараат тестови или докази со кои ќе се удвојат објективните докази што веќе се достапни.

4. Кога податоци или документација се доставуваат до економските оператори или се чини дека се нецелосни или неточни, или кога одредени документи се водат за исчезнати, договорните субјекти, освен ако не е поинаку предвидено со националниот закон за спроведување на оваа директива, може да побараат економските оператори да ги достават, дополнат, појаснат или комплетираат релевантните информации или документи во соодветен рок, под услов таквите барања да се направени во целосна согласност со начелата за еднаков третман и транспарентност.

5. Договорните субјекти потврдуваат дека понудите доставени од страна на избраните

понудувачи во согласност со правилата и условите кои се применуваат на тендери и доделуваат договори врз основа на критериумите утврдени во членовите 82 и 84, земајќи го предвид член 64.

6. Договорните субјекти не можеа да одлучат за доделување на договорот на понудувачот за поднесување на најдобра понуда каде што се утврдило дека тендерот не е во согласност со важечките обврски наведени во член 36(2).

7. Во отворена постапка, договорните субјекти може да одлучат да ги испитаат понудите пред проверка на соодветноста на понудувачите, под услов со релевантните одредби од членовите од 76 до 84 се исполнети, вклучувајќи го правилото дека договорот нема да се додели на понудувачот кој треба да биде исклучен во согласност со член 80, или кој не ги исполнува критериумите за избор утврдени од страна на договорниот субјект во согласност со член 78(1) и член 80.

Земјите-членки можат да ја исклучат употребата на постапката во првиот потстав за, или ја ограничуваат само за одредени видови на набавки или одредени околности.

8. Комисијата е овластена да донесува делегирани акти во согласност со член 103 за измена на списокот во Анекс XIV, кога е потребно, за додавање на нови меѓународни договори ратификувани од сите земји-членки, или кога наведените постојни меѓународни договори веќе не се ратификувани од сите земји-членки или претрпеле други измени, на пример во однос на нивното поле на примена, содржина или назив.

Пододдел 1

Квалитативна и квантитативна селекција

Член 77

Квалификациски системи

1. Договорните субјекти, доколку сакаат, можат да воспостават и да раководат со систем за квалификација на економските оператори.

Договорните субјекти кои пропишуваат или работат на систем за квалификации обезбедуваат дека економските оператори во секое време може да побараат квалификација.

2. Системот од став 1 може да содржи различни фази на квалификации.

Договорните субјекти ќе воспостават објективни правила и критериуми за исклучување и избирање на економските оператори што побарале квалификација и објективни критериуми и правила за функционирање на системот на квалификации, кои ги покриваат прашањата како што се енкриптирање во системот, периодично ажурирање на квалификации, доколку ги има, и времетраење на системот.

Кога тие критериуми и правила вклучуваат технички спецификации, се применуваат членовите од 60 до 62. Критериумите и правилата можат да се ажурираат како што е потребно.

3. Критериумите и начелата наведени во став 2 се достапни на економските оператори на барање. Тие ажурирани критериуми и начела се проследуваат до заинтересираните економски оператори.

Кога договорниот субјект смета дека системот на квалификација на одредени други субјекти или тела ги исполнува неговите услови, тој им ги соопштува на заинтересираните економски оператори имињата на таквите други субјекти или тела.

4. Треба да се води писмена евиденција за квалификуваните економски оператори; тие може да се поделат во категории според видот на договорот за кој е валидна квалификацијата.

5. Кога повик за прибирање понуди се врши по пат на известување за постоењето на систем за квалификации, конкретни договори за изведување на работите, стоките или услугите опфатени со системот на квалификации ќе бидат доделени со ограничена постапка или постапка со преговарање, во кој понудувачите и сите учесници се избираат помеѓу кандидатите кои веќе се квалификувани да работат во согласност со таквиот систем.

6. Сите трошоци кои се фактурирани во врска со барањата за квалификација или со ажурирање или заштедата на веќе добиени квалификации во согласност со системот треба да бидат пропорционални со генерираните трошоци.

Член 78

Критериуми за квалитативна селекција

1. Договорните субјекти можат да воспостават објективни прописи и критериуми за изземање и селекцијата на понудувачите или кандидатите; овие правила и критериуми ќе бидат достапни на заинтересираните економски оператори.

2. Кога договорните субјекти треба да обезбедат соодветна рамнотежа меѓу одделни карактеристики на постапката за набавка и ресурсите потребни за нејзино спроведување, тие можат, во ограничен повик или постапка со преговарање, во конкурентен дијалог или во иновациски партнерства, да воспостават објективни прописи и критериуми кои ја рефлектираат оваа потреба и му овозможуваат на договорниот субјект да го намали бројот на кандидати кои ќе бидат поканети на тендер или за преговарање. Бројот на избраните кандидати мора, сепак, да водат сметка за потребата да се обезбеди соодветна конкуренција.

Член 79

Потпирање на капацитетите на другите субјекти

1. Кога објективните правила и критериуми за исклучување и избор на економски оператор што побарал квалификации во систем за квалификации вклучуваат услови во врска со економската и финансиската способност на економскиот оператор или на неговата техничка и професионална способност, економскиот оператор може, кога е потребно да се потпре на капацитетот на други субјекти, без разлика на правната природа на поврзаноста помеѓу него и тие субјекти. Во поглед на критериумите во однос на образовни и професионални квалификации на давателот на услуги или на изведувачот или квалификациите на раководниот персонал на претпријатието или на релевантно професионално искуство, економските оператори можат да се потпрат на капацитетот на други субјекти каде што тој ќе ги врши работите или услуги за кои овие капацитети се задолжителни. Кога економски оператор сака да ги користи капацитетите на други субјекти, тој мора да докаже на договорниот орган на кој тие ресурсиче му бидат достапни во текот на целиот период на важност на

квалификацискиот систем, на пример со доставување на обврска на тие субјекти за таа цел.

Кога, во согласност со член 80 од оваа директива, договорните субјекти наведени за исклучување или критериуми за избор се предвидени со Директивата бр. 2014/24/ЕУ, договорните субјекти ќе потврдат во согласност со член 80(3) од оваа директива дали другите субјекти чиј капацитет на економскиот оператор има намера да се потпри на исполнување на релевантните критериуми за селекција или дали постојат основи за исклучување, на кои договорните субјекти наведени, во согласност со член 57 од Директивата бр. 2014/24/ЕУ. Договорниот субјект бара од економскиот оператор да го заменува лице во однос на кое постојат задолжителни основи за исклучување на кое договорниот субјект се повикува. Договорниот субјект може да побара или може од него да побараат земјите-членки од економскиот оператор го заменува лице во однос на кое постојат незадолжителни основи за исклучување на кое се повикува договорниот субјект.

Кога економскиот оператор се потпира на капацитетот на други субјекти во поглед на критериумите во однос на економската и финансиската состојба, договорниот субјект може да побара од економскиот оператор и тие субјекти да бидат солидарно одговорни за извршување на договорот.

Под истите услови, група економски оператори како што е наведено во член 37(2) може да ги користи капацитетите на учесниците во групата или на други субјекти.

2. Кога објективните правила и критериуми за исклучување и избор на кандидати и понудувач, ограничени или преговарани постапки, во дијалог за поднесување понуди или во иновациски партнерства вклучуваат услови во врска со економската и финансиската способност на економскиот оператор или на неговата техничка и професионална способност, економскиот оператор може, кога е потребно да се потпре на капацитетот на други субјекти, без разлика на правната природа на поврзаноста помеѓу него и тие субјекти. Во поглед на критериумите во однос на образовни и професионални квалификации на давателот на услуги или на изведувачот или квалификациите на раководниот персонал на претпријатието или на релевантно професионално искуство, економските оператори можат да се потпрат на капацитетот на други субјекти каде што тој ќе ги врши работите или услуги за кои овие капацитети се задолжителни. Кога економски оператор сака да ги користи капацитетите на други субјекти, тој мора да докаже на договорниот орган дека неопходните ресурси ќе му бидат достапни, на пример со доставување на обврска на тие субјекти за таа цел.

Кога, во согласност со член 80 од оваа директива, договорните субјекти наведени за исклучување или критериуми за избор се предвидени со Директивата бр. 2014/24/ЕУ, договорните субјекти ќе потврдат во согласност со член 80(3) од оваа директива дали другите субјекти чиј капацитет на економскиот оператор има намера да се потпри на исполнување на релевантните критериуми за селекција или дали постојат основи за исклучување, на кои договорните субјекти наведени, во согласност со член 57 од Директивата бр. 2014/24/ЕУ. Договорниот субјект бара од економскиот оператор да го замени субјект во однос на кој постојат задолжителни основи за исклучување на кое договорниот субјект се повикува. Договорниот субјект може да побара или може од него да побараат земјите-членки од економскиот оператор го заменува лице во однос на кое постојат незадолжителни основи за исклучување на кое се повикува договорниот субјект.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Кога економскиот оператор се потпира на капацитетот на други субјекти во поглед на критериумите во однос на економската и финансиската состојба, договорниот субјект може да побара од економскиот оператор и тие субјекти да бидат солидарно одговорни за извршување на договорот.

Под истите услови, група економски оператори како што е наведено во член 37 може да ги користи капацитетите на учесниците во групата или на други субјекти.

3. Во случај на договори за работи, договори за услуги и поставување и инсталација во контекст на договор за набавки, договорните субјекти може да побараат одредени критични задачи да се вршат директно од самиот понудувач или, кога понудата е поднесена од страна на група на економски оператори, како што е наведено во член 37 (2), учесник во таа група.

Член 80

Користење на основите за исклучување и критериумите за избор предвидени во Директивата бр. 2014/24/ЕУ

1. Правилата за целите и критериумите за исклучување и избор на економски оператор што побарал обука во системот на квалификации и објективни прописи и критериуми за изземање и селекција на кандидатите и понудувачите во отворена, ограничена или постапка со преговарање, или во конкурентен дијалог во иновациските партнерства може да вклучуваат основи за исклучување наведени во член 57 од Директивата бр. 2014/24/ЕУ за условите утврдени во него.

Кога договорниот субјект е договорен орган, тие критериуми и прописи вклучуваат основи за исклучување наведени во член 57(1) и (2) од Директивата бр. 2014/24/ЕУ за условите и условите утврдени во овој член.

Ако тоа се бара од земјите-членки, тие критериуми и правила, исто така, вклучуваат основи за исклучување наведени во член 57(4) од Директивата бр. 2014/24/ЕУ за условите утврдени во овој член.

2. Критериумите и правилата од став 1 на овој член може да вклучуваат критериуми за избор утврдени во член 58 од Директивата бр. 2014/24/ЕУ за условите утврдени во истата, особено во однос на границите на барањата во врска со годишен промет, како што е предвидено во вториот потстав од став 3 на тој член.

3. За целите на примена на ставовите 1 и 2 на овој член, се применуваат членовите од 59 до 61 од Директивата бр. 2014/24/ ЕУ година ќе се применуваат .

Член 81

Стандарди за обезбедување квалитет и стандарди за управување со животната средина

1. Договорните субјекти треба, каде што имаат потреба од обезбедување на сертификати издадени од независни институции со кои се потврдува дека економскиот оператор се придржува кон одредени стандарди за гаранција на квалитет, вклучително и на пристапност за лицата со хендикеп, се однесуваат на обезбедување на системи за квалитет засновани врз релевантните серија европски стандарди сертифицирани од страна на акредитирани тела. Тие ги признаваат еквивалентните сертификати од телата

основани во други земји-членки. Тие, исто така, прифаќаат друг доказ за еквивалентни мерки за обезбедување на квалитет каде што односниот економски оператор немаше можност за добивање на такви сертификати во рамките на релевантните временски рокови поради причини кои не се припишуваат на економскиот оператор под услов економскиот оператор да докажува дека предложените мерки за обезбедување на квалитет се во согласност со потребните стандарди за системи за квалитет.

2. Кога договорните субјекти бараат да се подготват сертификати од независни институции со кои се потврдува дека економскиот оператор е во согласност со одредени системи за управување со животната средина или стандарди, тие се однесуваат на еко-менаџмент и ревизорска шема (ЕМАС) на Унијата или на други системи за управување со животната средина признаени во согласност со член 45 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1221/2009 или други стандарди за управување со животната средина засновани на релевантните европски или меѓународни стандарди од страна на акредитираните тела. Тие ги признаваат еквивалентните сертификати од телата основани во други земји-членки.

Кога економскиот оператор очигледно нема пристап до такви сертификати, или постои можност за добивање во рамките на релевантните временски рокови од причини кои не се припишуваат на економскиот оператор, договорниот субјект исто така, прифаќа друг доказ за мерките за управување со животната средина, под услов економскиот оператор да докажува дека овие мерки се еднакви на оние кои се бараат согласно важечките системи за управување со животната средина или стандард.

3. По барање, земјите-членки ќе ги стават на располагање на другите земји-членки кои било информации во врска со документите приложени како доказ за согласност со квалитетот и еколошките стандарди наведени во ставовите 1 и 2.

Пододдел 2

Доделување договор

Член 82

Критериуми за доделување договори

1. Без да е во спротивност со националните закони, регулативи или административни одредби за цената на одредени стоки или надоместувањето за одредени услуги, договорните субјекти ќе го базираат доделувањето на договори на економски најповолната понуда.

2. На економски најповолната понуда од гледна точка на договорниот субјект да се идентификува врз основа на цена или чинење, со помош на ценовно ефикасен пристап, како што се на животниот циклус на трошоците во согласност со член 83, и може да вклучуваат најдобриот сооднос цена-квалитет, кој ќе се проценува врз основа на критериумите, вклучувајќи ги и квалитативните, животната средина и/или социјалните аспекти, поврзана со предметот на договорот за кој станува збор. Таквите критериуми можат да се состојат, на пример:

(а) квалитет, вклучувајќи и технички способности, естетски и функционални карактеристики, достапност, дизајнирани за сите корисници, социјални, еколошки и

иновативни карактеристики и тргување и неговите услови;

(b) организација, квалификации и искуство на персоналот на кој е доделено извршувањето на договорот, каде што квалитетот на кадарот кој е назначен може да има значително влијание врз нивото на извршување на договорот; или

(c) услугите за сервисирање и техничка помош, условите за испорака како што се датум на испорака, процес на испорака и рок на испорака или период за завршување, обврски во врска со делови и безбеднос во снабдувањето.

Елементите на чинење, исто така, може да бидат во форма на фиксна цена или цена врз основа на кои економските оператори ќе се натпреваруваат само врз основа на критериумите за квалитет.

Земјите-членки може да пропишат дека договорните субјекти не можат да ги користат само цената или само чинењето како единствен критериум за доделување или ограничување на нивното користење за одредени категории на договорните субјекти или одредени видови договори.

3. Критериумите за доделување ќе се смета дека се поврзани со предметот на договорот за јавна набавка каде што се однесуваат на работите, стоките или услугите кои треба да се обезбедат во рамките на тој договор во секој поглед и во која било фаза на нивниот животен циклус, вклучувајќи фактори кои се вклучени во:

(a) специфичен процес на производство, обезбедување или тргување со тие работи, добра и услуги; или

(b) специфичен процес за друга фаза од нивниот животен циклус,

дури и кога таквите фактори не се дел од нивната материјална супстанца.

4. Критериумите за доделување нема да имаат ефект на доделување неограничена слобода на избор на договорниот субјект. Тие треба да ја обезбедат можноста за ефективна конкуренција и се придружени со спецификации кои им овозможуваат на информациите обезбедени од страна на понудувачите да бидат ефикасно потврдени со цел да се процени колку добро понудите ги исполнуваат критериумите за доделување. Во случај на сомнеж, договорните субјекти треба да ја потврдат ефикасно точноста на доставените податоци и докази обезбедени од страна на понудувачите.

5. Договорниот субјект го наведува во документите за набавка релативниот коефициент кој го дава на секој од критериумите избрани за утврдување на економски најповолната понуда, освен кога тоа се идентификувани врз основа на самата цена.

Тие коефициенти може да се изразат преку обезбедување низа со соодветен максимален распон.

Кога коефициентот не е можен поради објективни причини, договорниот субјект ги наведува критериумите со опаѓачки редослед на значење.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Член 83

Животниот циклус на трошоците

1. Животниот циклус на трошоците до степен на релевантно покривање на делови или сите од следниве трошоци во текот на животниот циклус на производи, услуги или работи

(а) трошоци кои ги сноси договорниот субјект или други корисници, како што се:

(i) трошоци поврзани со спојување;

(ii) трошоци за користење, како што е потрошувачка на енергија или други ресурси,

(iii) трошоци за одржување,

(iv) трошоци по завршување на животниот век, како што се торшоци за собирање или рециклирање

(б) трошоците се припишуваат на надворешните фактори на животната средина поврзани со производи, услуги или работи во текот на својот животен циклус, под услов да нивната парична вредност да може да се утврди и потврди; таквите трошоци може да ја вклучуваат и цената на емисиите на стаклени гасови и на други емисии на загадувачки материи и други трошоци за ублажување на климатските промени.

2. Кога договорните субјекти ги проценуваат трошоците за пристап на користење на животниот циклус на трошоците, во документите за набавка ќе сеаведат податоците кои треба да бидат обезбедени од страна на понудувачите и методот кој договорниот субјект ќе се користи за да се утврди животниот циклус на трошоците врз основа на тие податоци.

Методот што се користеше за проценка на трошоците кои се припишуваат на надворешните фактори на животната средина треба да ги исполнуваат сите од следниве услови:

(а) се базираат на објективно проверливи и недискриминирачки критериуми. Посебно во случаите каде што не е утврдена повеќекратна или континуирана примена, тој не смее прекумерната корист или штета на определени економски оператори;

(b) достапни за сите заинтересирани страни;

(c) потребните податоци може да се обезбедат со разумни напори од страна на нормално вредни економски оператори, вклучувајќи економски оператори од трети земји на ГПА или други меѓународни договори со кои Унијата е обврзана.

3. Секогаш кога заеднички метод за пресметување на животниот циклус на трошоците е задолжителен со на законодавен акт на

Унијата така што ќе се применува за процена на животниот циклус на трошоците.

Листа на такви законодавни акти, и каде што е потребно на делегирани акти за дополнување, е дадена во Анекс XV.

Комисијата, ќе биде овластена да донесува делегирани акти во согласност со член 103 во врска со ажурирање на списокот, кога е потребно ажурирање на листата поради донесување на новите закони за правење заеднички метод задолжителен или укинување или менување на постојните правни акти.

Член 84

Невообичаено ниски понуди

1. Договорните субјекти ги бараат од економските оператори да ги објаснат цените или трошоците предложени во понудата каде што понудите се чинат невообичаено ниски во однос на работи, стоки или услуги.

2. Објаснувањата наведени во став 1 може особено се однесуваат на:

(a) економиката на процесот на производство, на услугите или на градежниот метод;

(b) избраните технички решенија или кои било исклучително поволни услови кои се достапни на понудувачот за снабдување со производи или услуги или за извршување на работата;

(c) оригиналноста на стоките, услугите или работата понудени од понудувачот;

(d) усогласеност со обврските наведени во член 36(2);

(e) усогласеност со обврските од членот 88;

(f) можноста на понудувачот да добие државна помош.

3. Договорниот субјект ги процени информациите обезбедени со консултација со понудувачот. Може да ја одбие понудата каде доказите што биле доставени не се задоволителни за ниското ниво на цените или на трошоците кои се предложени, земајќи ги предвид елементите наведени во став 2.

Договорните субјекти ќе ја одбијат понудата, ако се утврди дека понудата е невообичаено ниска, бидејќи тоа не е во согласност со важечките обврски наведени во член 36(2).

4. Кога договорен субјект утврдува дека понудата е невообичаено ниска, бидејќи понудувачот добил државна помош, понудата може да биде отфрлена по таа основа само по консултација со понудувачот, тој не може да докаже, во доволен временски рок, фиксно одреден од страна на договорниот субјект, дека помошта за која станува збор е компатибилна со внатрешниот пазар во рамките на значењето на член 107 од ДФЕУ. Кога договорниот субјект одбива понуда во овие услови, тој ја известуваат Комисијата за тоа.

5. По барање, земјите-членки ќе стават на располагање на другите земји-членки, со помош на административна соработка, какви било информации, како што се законите, прописите, универзално применливите колективни договори или национални технички стандарди, кои се однесуваат на докази и документи подготвени во врска со деталите наведени во став 2.

Оддел 4

Понуди кои ги сочинуваат производи со потекло од трети земји и поврзаност со тие земји

Член 85

Понуди кои ги сочинуваат производи со потекло од трети земји

1. Овој член се применува и на понудите кои ги опфаќаат производите што потекнуваат од трети земји со кои Унијата нема склучено, без разлика дали мултилатерално или билатерално, договори кои гарантираат споредлив и ефективен пристап за претпријатијата во Унијата на пазарите од тие трети земји. Тоа не е во спротивност со обврските на Унијата или нејзините земји-членки во поглед на трети земји.

2. Секоја поднесена понуда за доделување на договор за снабдување може да биде одбиен онаму каде што делот на производите со потекло од трети земји, како што е определено во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 952/2013 на Европскиот парламент и на Советот[1], надминува 50% од вкупната вредност на производите што ја сочинуваат понудата.

За целите на овој член, софтверот што се користи во опремата за телекомуникациски мрежи се смета за производ.

3. Во согласност со вториот потстав од овој став, кога две или повеќе понуди се еквивалентни во смисла на критериумите за доделување на договорот утврдени во член 82 се дава приоритет на оние понуди кои не можат да бидат одбиени во согласност со став 2 на овој член. Цените на тие понуди се сметаат за еквивалентни на целите на овој член доколку разликата во цената не надминува 3%.

Сепак, на понудата нема да даде предност на друга според првиот потстав, каде што нејзиното прифаќање би го обврзало договорниот субјект да купи опрема која има поинакви технички карактеристики од оние на постојната опрема, што резултира со некомпатибилност, технички тешкотии во работењето и одржувањето или несразмерни трошоци.

4. За целите на овој член, оние трети земји во чија корист оваа директива е проширена со одлука на Советот во согласност со став 1 нема да бидат земени предвид при утврдување на сообносот, наведен во став 2, на производи со потекло од трети земји.

5. До 31 декември 2015 година и секоја наредна година, Комисијата поднесува годишен извештај до Советот за постигнатиот напредок во мултилатерални или билатерални преговори во врска со пристапот на претпријатијата од Унијата на пазарите на трети земји во областите опфатени со оваа директива, за секој резултат што со таквите преговори може да се постигне, и за спроведувањето во практика на сите договори кои се склучени.

[1]Регулативата (ЕУ) бр. 952/2013 на Европскиот парламент и на Советот од 9. октомври 2013 година за утврдување на Царинскиот законик на Унијата (OJ L 269, 10.10.2013 година, стр. 1).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Член 86

Односи со трети земји во однос на работи, стоки и услуги

1. Земјите-членки ја информираат Комисијата за сите тешкотии, во законот или во практиката, со кои се соочиле и пријавиле од страна на нивните претпријатија, при обезбедување на доделувањето на договори за услуги во трети земји.

2. Комисијата поднесува извештај до Советот до 18. април, 2019 година и потоа периодично за отворањето на договорите за услуги во трети земји и за напредокот во преговорите со овие земји на оваа тема, особено во рамките на Светската трговска организација (СТО).

3. Комисијата ќе настојува, преку обраќање на односните трети земји, да ја поправи секоја ситуација за која таа смета, врз основа на извештаите од став 2 или други информации, кои, во поглед на доделувањето на договори за услуги третата земја да:

(a) не им дава на претпријатијата на Унијата ефективен пристап споредлив со оној што Унијата им го дава на претпријатијата од таа земја;

(b) не им дава на претпријатијата на Унијата национален третман или исти конкурентски можности какви што им се достапни на националните претпријатија; или

(c) им дава на претпријатија од трети земји поповолен третман отколку на претпријатијата на Унијата.

4. Земјите-членки ја информираат Комисијата за сите тешкотии, во законот или во практиката, со кои се соочиле и се пријавени од страна на нивните претпријатија, а кои се резултат на непочитување на одредбите на меѓународното право за трудот наведени во Анекс XIV кога тие претпријатија се обидувале да обезбедат награда на договори во трети земји.

5. Во околностите од ставовите 3 и 4, Комисијата може во секое време да предложи Советот да донесе акт за спроведување за да прекине или ограничи, во текот на еден период за утврдување во тој акт за спроведување, доделување на договори за услуги на:

(a) претпријатија регулирани со законот на третата земја за која станува збор;

(b) претпријатија поврзани со претпријатијата наведени во точка (a), кои имаат регистрирана дејност во Унијата, но немаат директна и ефективна врска со економијата на земјата-членка;

(c) претпријатија кои поднеле понуди кои имаат за предмет услуги кои потекнуваат од третата земја за која станува збор.

Советот постапува со квалификувано мнозинство гласови, што е можно поскоро.

Комисијата може да ги предложи овие мерки по своја иницијатива или по барање на земја-членка.

6. Овој член не е во спротивност со заложбите на Унијата во врска со трети земји кои произлегуваат од меѓународните договори за јавни набавки, посебно во рамките на СТО.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

ПОГЛАВЈЕ 1V

Извршување на договорот

Член 87

Услови за извршување на договорите

Договорните субјекти може да утврдат посебни услови во врска со извршувањето на договорот, под услов тие да се поврзани со предметот на договорот во смисла на членот 82(3) и наведени во повикот за прибирање понуди или во документите за јавни набавки. Тие услови можат да вклучуваат економски, иновациски, еколошки, социјални или вработувања поврзани со размислувања.

Член 88

Склучување поддоговори

1. Надлежните национални органи постапувајќи во рамките на својата одговорност и надлежност, осигуруваат почитување на обврските од член 36(2) од страна на подизведувачи преку соодветни активности.

2. Во документите за набавки, договорниот субјект може да побара од понудувачот да го наведе во својата понуда секој дел од понудата за кој има намера да го даде на поддоговор на трети страни и сите предложени подизведувачи.

3. Земјите-членки може да пропишат дека по барање на подизведувачот и каде што природата на договорот дозволува, договорниот субјект да исплати директно на подизведувач за услуги, добра или работи предвидени на економскиот оператор на кој е доделен договорот (главниот изведувач). Таквите мерки може да вклучуваат соодветни механизми за дозволување на главниот изведувач да приговара на непотребните исплати. Аранжманите кои се однесуваат на начин на плаќање се утврдени во документите за јавни набавки.

4. Ставовите од 1 до 3 не се во спротивност со прашањето за одговорноста на главниот договарач.

5. Во случај на договори за работи и во однос на услуги кои треба да се обезбедат во објекти под директен надзор на договорниот орган, по доделувањето на договорот, а најдоцна при започнувањето на извршувањето на концесијата, договорниот орган бара од договорниот субјект да му ги наведе името, податоците за контакт и правните претставници на своите подизведувачи, вклучени во тие работи или услуги, доколку се познати во тој момент. Договорниот орган бара од концесионерот да го извести за какви било промени на тие информации во текот на спроведувањето на договорот, како и да му ги обезбеди потребните информации за сите нови подизведувачи кои се последователно вклучени во тие работи или услуги.

Независно од првиот потстав, земјите-членки можат да воведат обврска да ги обезбеди потребните информации директно на главниот изведувач.

Кога е потребно за целите на точка (б) од став 6 на овој член, на бараната информација треба да биде придружена со самостојни декларации на подизведувачи како што е наведено во член 80 (3). Мерките за спроведување во согласност со став 8 на овој член можат да

обезбедат дека подизведувачите кои се презентирани по доделувањето на договорот ќе обезбедат сертификати и други придружни документи, наместо на самостојна декларација.

Првиот потстав не се применува за снабдувачи.

Договорните органи можат да ја прошират или земјиоте- членки можат да побараат проширување на обврските предвидени во првиот потстав, на пример кон:

(a) договори за снабдување, различни од оние кои се однесуваат на услуги кои се обезбедуваат на објекти под директен надзор на договорниот орган или договорниот субјект или на снабдувачите кои се вклучени во работи или услуги;

(b) подизведувачи на подизведувачите на изведувачот или уште подолу од синџирот на подизведувачите.

6. За да се избегнат прекршувања на обврските наведени во член 36(2), можат да се преземат соодветни мерки, на пример:

(a) Кога националното право на земјата-членка предвидува механизам за заедничка одговорност меѓу подизведувачи и главен изведувач, засегнатата земја-членка гарантира дека релевантните правила да се применуваат во согласност со условите утврдени во член 36(2).

(b) Договорните органи можат, во согласност со член 80(3) од оваа директива, потврдуваат или бараат земјите-членки за да се потврди дали постои основа за исклучување на подизведувачи во согласност со член 57 од Директивата бр. 2014/24/ЕУ. Во таков случај, договорниот орган бара од економскиот оператор да го замени подизведувачот во однос на кој проверката покажала дека има задолжителни основи за исклучување. Договорниот орган, по сопствена иницијатива или на барање на земја-членка, да побара од економскиот оператор да го замени подизведувачот во однос на кој проверката покажала дека има незадолжителни основи за исклучување.

7. Земјите-членки можат да предвидат построги правила за одговорност според националното законодавство или да се оди понатаму, според националниот закон за директни плаќања на подизведувачи, на пример, преку обезбедување на директни плаќања на подизведувачи, без да биде неопходно за нив да побара ваква директна исплата.

8. Земјите-членки кои одлучуваат да воведат мерки согласно ставовите 3, 5 или 6, ги прецизираат условите за примена на овие мерки со закони, регулативи или административни одредби во согласност со правото на Унијата. При тоа, земјите-членки можат да ја ограничат нивната употреба, на пример, во однос на одредени видови договори, одредени категории на договорните органи, договорните субјекти или економски оператори или на определени износи.

Член 89

Измена на договорите во текот на нивното траење

1. Договори и рамковни спогодби може да се менуваат без нова постапка за набавка во

согласност со оваа директива, во кој било од следниве случаи:

(a) кога измените, без оглед на нивната парична вредност, се предвидени во почетните документи за набавка на јасен, прецизен и недвосмислен преглед на клаузули, кои може да вклучуваат клаузули за ревизија на цените, или опции. Ваквите клаузули ги наведуваат обемот и природата на можните измени или опции, како и условите под кои може да се користат. Тие не обезбедуваат измени или опции кои би ја промениле целокупната природа на договорот или рамковната спогодба;

(b) за дополнителни работи, услуги или добра од страна на оригиналниот изведувач, без оглед на нивната вредност, кои станаа неопходни и не беа вклучени во првичните набавки каде што промена на изведувачот:

(i) не може да се направи за економски и технички причини, како што се барањата на меѓусебната заменливост и интероперабилност со постојната опрема, софтвер, услуги или инсталации набавени во рамките на почетните набавки; и

(ii) би предизвикало значителна непријатност или значително удвојување на трошоците за договорниот субјект;

(в) каде што сите од следниве услови се исполнети:

(i) потребата за промена беше изведена од страна на околностите кои договорниот орган не можел да ги предвиди;

(ii) промената не ја менува целокупната природа на договорот;

(г) Когае нов изведувач го заменува оној на кој договорниот субјект најпрво го доделил договорот како последица на:

(i) недвосмислена клаузула за ревизија или опција во согласност со точка (а),

(ii) универзална или делумна сукцесија во позиција на почетниот изведувач, по реструктурирање, вклучувајќи преземање, спојување, стекнување или несолвентност, на друг економски оператор кој ги исполнува критериумите за квалитетна селекција првично формирана под услов да не наметнува други значителни измени на договорот и не е наменета за заобиколување на примената на оваа директива; или

(iii) во случај кога договорен субјект ги презема обврските на главниот изведувач кон своите подизведувачи каде што е предвидена оваа можност во согласност со националното законодавство во согласност со член 88;

(д) кога измените, без оглед на нивната вредност, не се големи во смисла на став 4.

Договорните субјекти, кои изменуваат договор во случаите утврдени во ставовите (б) и (в) на овој став ќе објават оглас за таа цел во *Службениот весник на Европската унија*. Таквото известување треба да ги содржи информациите утврдени во Анекс XVI и ќе се објави во согласност со член 71.

2. Понатаму, без никаква потреба да се провери дали се исполнети условите утврдени во точките (а) до (г) од став 4, договорите можат поедначкво да бидат изменети без нова постапка за набавка во согласност со оваа директива кои се неопходни кога вредноста

измената е под две од следните вредности:

(i) праговите утврдени во член 15; и

(ii) 10% од почетната вредност на договорот за услуги и набавка на стоки и под 15% од почетната вредност на договорот за договори за работи.

Сепак, изменувањето може да не ја промени целокупната природа на договорот или рамковната спогодба. Кога неколку последователни измени се направени, вредноста се проценува врз основа на нето кумулативна вредност на последователните измени.

3. За целите на пресметување на цената од став 2, ажурираната цена ќе биде референтна вредност, кога договорот вклучува индексациска клаузула.

4. Изменување на договор или рамковна спогодба за време на својот мандат се смета за значително, во смисла на точка (д) од став 1, каде што го прави на договорот или рамковната спогодба материјално различен по карактер од оној кој на почетокот е заклучен. Во секој случај, не е во спротивност со ставовите 1 и 2 на понудата нема да се смета за суштински кога една или повеќе од следниве услови е исполнет:

(a) изменувањето воведува услови кои, доколку се дел од почетната постапка за набавки, ќе им овозможи за прием на другите кандидати од оние што се првично избрани или за прифаќање на понудата, друга од првично прифатената или би привлекла дополнителни учесници во постапката за јавни набавки;

(b) изменување ја променува економската рамнотежа на договорот или рамковната спогодба во корист на носителот на набавката во таков начин што не беше предвидено во првичниот договор или рамковната спогодба;

(c) изменувањето го проширува полето на примена на договорот или рамковната спогодба значително;

(d) кога новиот изведувач го заменува оној на кој договорниот субјект најпрво го доделил договорот во други случаи од оние предвидени во точка (г) од став 1.

5. Нова постапка за набавка во согласност со оваа директива се бара за други измени на одредбите на работи, набавки или договори за услуги или рамковна спогодба за време на својот мандат од оние предвидени во ставовите 1 и 2.

Член 90

Раскинување на договорите

Земјите-членки обезбедуваат дека договорните субјекти имаат можност, барем во следниве околности и под услови утврдени со важечките национални закони, да се прекинат со работи, набавки или договори за услуги за време на својот мандат, при што:

(a) договорот е предмет на значителна измена која ќе бара нова постапка за јавна набавка согласно со член 89;

(b) изведувачот, во времето на доделување на договорот, бил во еден од случаите

наведени во член 57(1) од Директивата бр. 2014/24/ЕУ и затоа треба да се исклучи од постапката за јавна набавка согласно со вториот потстав од член 80(1) од оваа директива;

(c) договорот не треба да се доделува на изведувачот во поглед на сериозно прекршување на обврските од договорите и оваа директива, која е прогласена од страна на Судот на правдата на Европската унија во постапка согласно со член 258 од ДФЕУ.

НАСЛОВ III

ПОСЕБНИ РЕЖИМИ ЗА НАБАВКИ

ПОГЛАВЈЕ 1

Социјални и други посебни услуги

Член 91

Доделување на договори за социјални и други специфични услуги

Договори за социјални и други специфични услуги, наведени во Анекс XVII се доделуваат во согласност со ова поглавје, каде што вредноста на договорите е еднаква или поголема од прагот наведен во точка (в) член 15.

Член 92

Објавување на известувањата

1. Договорните субјекти кои имаат намера за доделување на договор за услуги наведен во член 91 ја објавуваат својата намера на кој било од следниве начини:

(a) со известување; или

(b) по пат на периодично индикативно известување, кое ќе биде објавувано во континуитет. Периодичното информативно известување се однесува конкретно на видот на услугите кои ќе бидат предмет на договорите што ќе бидат доделени. Треба да се наведе дека договорите ќе се доделуваат без понатамошно објавување и ги повикува заинтересираните економски оператори да го изразат својот интерес во писмена форма; или

(c) по пат на известување за постоењето на систем за квалификации, кои ќе бидат објавувани во континуитет.

Првиот потстав, сепак, не се применува кога постапката со преговарање без претходен повик за прибирање понуди може да се користи во согласност со член 50 за доделување на договор за услуги.

2. Договорните субјекти кои доделиле договор за услуги од членот 91 ги објавуваат резултатите по пат на известување за склучен договор. Тие, меѓутоа, може да ги групираат таквите известувања на квартална основа. Во тој случај тие испраќаат групирани

известувања во рок од 30 дена по истекот на секој квартал.

3. Известувањата од ставовите 1 и 2 на овој член треба да ги содржат информациите наведени во Анекс XVIII, односно во делови A, B, C или D, во согласност со стандардниот модел за известувања. Комисијата ги утврдува тие стандардни обрасци преку акти за спроведување. Овие акти за спроведување се донесуваат во согласност со советодавната постапка наведена во член 105.

4. Известувањата од овој член се објавува во согласност со член 71.

Член 93

Начела на доделување на договори

1. Земјите-членки ги воведуваат националните правила за доделување на договори кои се предмет на оваа глава, со цел да се обезбеди договорните субјекти во согласност со начелата на транспарентност и еднаков третман на економските оператори. Земјите-членки слободно утврдуваат процедурални правила кои се применуваат сè додека таквите правила им овозможуваат на договорните субјекти да ги земат предвид специфичностите на услугите.

2. Земјите-членки обезбедуваат дека договорните субјекти можат да ја земат предвид потребата да се обезбеди квалитет, континуитет, пристапност, дозволивост, достапност и сеопфатност на услуги, специфичните потреби на различни категории на корисници, вклучувајќи ги и маргинализираните и ранливите групи, вклучување и јакнење на корисниците и иновации. Земјите-членки може да предвидат дека изборот на давателот на услуги треба да се направи врз основа на понуда која претставува најдобар сооднос на цена-квалитет, земајќи ги предвид критериумите за квалитет и одржливост за социјални услуги.

Член 94

Резервирани договори за одредени услуги

1. Земјите-членки може да предвидат дека договорните субјекти кои се договорни органи може да го задржат правото за организации да учествуваат во постапките за доделување на договори за јавни набавки исклучиво за оние за здравствени, социјални и културни услуги наведени во член 91, кои се опфатени со ОПЈН/CPV ознаки 75121000- 0, 75.122.000-7, 75.123.000-4, 79.622.000-0, 79.624.000-4, 79.625.000-1, 80.110.000-8, 80.300.000-7, 80.420.000-4, 80.430.000-7, 80.511.000-9, 80.520.000-5, 80.590.000-6, 85.000.000-9 да 85.323.000-9, 92.500.000-6, 92.600.000-7, 98.133.000-4, 98.133.110-8.

2. Организација наведена во став 1 треба да ги исполнува сите од следниве услови:

(a) неговата цел е извршување на мисија за јавни услуги поврзана со испорака на услуги во смисла на став 1;

(b) добивката се реинвестира во поглед на остварување на целите на организацијата. Кога добивката се распределува или дистрибуира, тоа треба да биде врз основа на партиципативни причини;

(c) структурите на управување или сопственост на организацијата за извршување на договорот се базираат на сопственички или партиципативни начела за вработениот, или бара активно учество на вработените, корисниците или акционерите; и

(d) организацијата не додели договор за односните услуги од страна на договорниот орган во согласност со овој член, во текот на изминатите три години.

3. Максималното времетраење на договорот не е подолго од три години.

4. Повикот за прибирање понуди ќе содржи упатување на овој член.

5. По исклучок на член 108, Комисијата ќе изврши проценка на ефектите од овој член и ќе достави извештај до Европскиот парламент и на Советот од 18 април 2019 година.

ПОГЛАВЈЕ 1I

Правила за уредување на проектните понуди

Член 95

Опсег

1. Ова поглавје се применува на проектни понуди организирани како дел од постапката за јавни набавки за договор за услуги, под услов проценетата вредност на договорот, без ДДВ, вклучувајќи ги сите потенцијални награди или плаќања на учесниците, да е еднаква или поголема од износот наведен во точка (а) од член 15.

2. Ова поглавје се применува на сите за проектни понуди каде што износот на наградите и плаќањата на учесниците, вклучувајќи ја проценетата вредност без ДДВ на договорот за услуги што би можело подоцна да биде склучено според точка (s) од членот 50 доколку договорниот субјект не исклучил таква награда во известувањето за повикот, е еднаква или поголема од износот утврден во точка (а) од член 15.

Член 96

Известувања

1. Договорните субјекти кои сакаат да организираат повик за проектни понуди, го организираат со известување за повикот.

Кога имаат намера да ги доделат следните договори за услуги во согласност со точка (s) од член 50, ова се посочува во повик за проектни понуди.

Договорните субјекти кои одржале повик за проектни понуди ги објавуваат резултатите кои им се познати по пат на известување.

2. Повикот за прибирање понуди ќе ги содржи информациите утврдени во Анекс XIX и известување за резултатите од повик за проектни понуди ги содржи информациите утврдени во Анекс XX во форматот на стандардните обрасци. Комисијата ги утврдува тие стандардни обрасци преку акти за спроведување. Овие акти за спроведување се донесуваат во согласност со советодавната постапка наведена во член 105.

Известувањето за резултатите од повик за проектни понуди се проследува до Службата за публикации на Европската унија во рок од 30 дена од денот на затворањето на повикот за

проектна понуда.

Кога објавувањето информации за резултатот од повикот за понуди би го би го попречило спроведувањето на законот, ќе биде во спротивност со јавниот интерес на легитимните комерцијални интереси на одреден економски оператор, јавен или приватен, или може да ја загрозат фер конкуренцијата меѓу економските оператори, тие информации може да не бидат достапни за јавност.

3. Член 71 од (2) до (6), исто така се применува на известувањата во врска со повици за проектни понуди.

Член 97

Правила за организација на повици за проектни понуди, избор на учесници и комисија за одлучување

1. При организирање повици за проектни понуди, договорните субјекти ги применуваат постапките кои се приспособени на Наслов I и ова поглавје.

2. Приемот на учесници во конкурсите за проектни понуди нема да биде ограничеан:

(a) со посочување на територијата или дел од територијата на земја-членка;

(b) врз основа на тоа дека, според законот на земјата-членка во која се организира повикот, тие би морале да бидат или физички или правни лица.

3. Кога повици за проектни понуди се ограничени на ограничен број учесници, договорните субјекти пропишуваат јасни и недискриминаторни критериуми за селекција. Во секој случај, бројот на поканетите кандидати или понудувачи треба да биде доволен за да се обезбеди вистинска конкуренција.

4. Комисијата за одлучување се состои само од физички лица кои се независни од учесниците на повикот. Кога одредена професионална квалификација се бара од учесниците на повикот, барем една третина од членовите на комисијата за одлучување мора да ја имаат таа квалификација или еквивалентна квалификација.

Член 98

Одлуки на комисијата за одлучување

1. Комисијата за одлучување е независна во своите одлуки или мислења.

2. Комисијата за одлучување ги разгледува плановите и проектите поднесени од страна на кандидатите анонимно и единствено врз основа на критериумите наведени во известувањето за повикот за прибирање понуди.

3. Комисијата за одлучување ги евидентира своите рангирања на проектите во извештај, потпишан од нејзините членови, направени според критериумите на секој проект, заедно со своите забелешки и сите точки за кои може да е потребно појаснување.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

4. Анонимноста опстанува сè додека комисијата за одлучување не донесе мислење или одлука.

5. Кандидатите можат да бидат повикани, доколку е потребно, да одговорат на прашањата што ги евидентирала комисијата за одлучување во записникот со цел појаснување на сите аспекти на проектите.

6. Комплетниот записник се подготвува со дијалог меѓу членовите на комисијата за одлучување и кандидатите.

НАСЛОВ IV

УПРАВУВАЊЕ

Член 99

Спроведување

1. Со цел ефикасно да се обезбеди правилно и ефикасно спроведување, земјите-членки треба да бидат сигурни дека барем на задачите утврдени во овој член се врши од страна на еден или повеќе органи, тела или структури. Тие ги наведуваат до Комисијата сите органи или структури надлежни за тие задачи.

2. Земјите-членки обезбедуваат дека примената на правилата за јавни набавки се следи.

Кога органите за контрола или структури идентификуваат со своја иницијатива или по приемот на информациите специфични повреди или системски проблеми, тие ќе бидат овластени да укажат на тие проблеми со националните ревизорски власти, судови или трибунали или друг соодветен орган или структури, како што се Народниот правобранител, националните парламенти или комитети за тоа.

3. Резултатите од активностите за следење согласно со став 2 треба да бидат достапни за јавноста преку соодветни средства за информирање. Овие резултати, исто така, ќе бидат ставени на располагање на Комисијата. На пример, тие може да се интегрираат во извештаите за следење наведени во вториот потстав од овој став.

До 18 Април 2017 година и на секои три години потоа земјите-членки ги доставуваат до Комисијата, во извештајот за следење кој покрива, каде што е применливо, информации за најчестите извори на погрешна примена или на правна несигурност, вклучувајќи и можни структурни или периодични проблеми во примената на правила на ниво на учество на мали и средни претпријатија во јавните набавки и за спречување, откривање и соодветно пријавување на случаи на набавки измама, корупција, конфликт на интереси и други сериозни нерегуларности.

Комисијата може, не повеќе од секои три години, да побара од земјите-членки да обезбедат информации за практичното спроведување на националните стратешки политики за јавни набавки.

За целите на овој став, "мали и средни претпријатија треба да се толкува како што е

дефинирано во Препорака на Комисијата 2003/361 / ЕЗ[1].

Врз основа на податоците добиени според овој став, Комисијата редовно ќе издава извештај за спроведувањето и најдобрите практики на националните политики за набавки во внатрешниот пазар.

4. Земјите-членки гарантираат дека:

(a) информации и насоки во врска со толкувањето и примената на правото на Унијата за јавни набавки е достапно бесплатно да им помогне на договорните органи и економските оператори, особено малите и средните претпријатија, со правилна примена на прописите за јавни набавки на Унијата; и

(b) поддршка на располагање на договорните органи во поглед на планирањето и извршувањето на постапките за јавни набавки.

5. Земјите-членки, без да е во спротивност со општите процедури и работни методи утврдени од Комисијата за своите врски и контакти со земјите-членки, назначува референтна точка за соработка со Комисијата во однос на примената на законодавството за јавните набавки.

6. Договорните органи, барем за време на траењето на договорот, да чуваат копии од сите склучени договори со вредност еднаква или поголема од:

(a) 1 000 000 евра во случај на договори за добра или услуги;

(b) 10 000 000 евра во случај на договори за работи.

Договорните органи одобруваат пристап до тие договори; Сепак, пристапот до одредени документи или делови од информации може да се забрани во обем и на условите предвидени со важечките правила на унијата или националните правила за пристап до документи и заштита на податоците.

Член 100

Поединечни извештаи за постапките за доделување на договори

1. Договорните субјекти чуваат соодветни информации за секој договор или рамковна спогодба опфатени со оваа директива и секогаш кога ќе се воспостави систем за динамично купување. Овие информации треба да бидат доволни за да им дозволат подоцна да ги оправдаат одлуките донесени во врска со:

(a) квалификации и избор на економските оператори и доделување на договори;

(b) примена на постапки со преговарање без повик за прибирање понуди во согласност со член 50;

(c) непримена на поглавјата од III до IV од Наслов II врз основа на отстапувањата пропишани во поглавјата II и III од Наслов I;

[1]Препорака на Комисијата од 6 мај 2003 година во врска со дефиницијата за микро, мали и средни претпријатија (OJ L 124, 20.5.2003 година, стр. 36).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

(d) кога е потребно, причините поради кои се користеле други средства за комуникација од електронските средства за електронско поднесување.

До степен до кој на известувањето за доделување на договор изготвено во согласност со членот 70 или членот 92(2) содржи информации што се бараат во овој став, договорните субјекти може да се однесуваат на тоа известување.

2. Договорните субјекти го евидентираат напредокот на сите постапки за јавни набавки, без разлика дали процедурите се спроведуваат по електронски пат. За таа цел, тие треба да се осигураат дека тие се задржи доволно документација за да се оправдаат одлуките донесени во сите фази на постапката за јавни набавки, како документација за комуникација со економските оператори и внатрешните дискусии, подготовка на документи за набавката, дијалог и преговори доколку ги има, избор и доделување на договорот. Документацијата треба да се чува најмалку три години од датумот на доделување на договорот.

3. Информациите или документацијата или главните елементи во нив, ќе бидат доставени до Комисијата или до државните органи, органи или структури наведени во член 99 каде што тие тоа го бараат.

Член 101

Национални извештаи и статистички податоци

1. Комисијата ги разгледува квалитетот и комплетноста на податоците кои може да се извадат од огласите, наведени во членовите од 67 до 71, 92 и 96, кои се објавуваат во согласност со Анекс IX.

Кога квалитетот и комплетноста на податоците наведени во првиот потстав од овој став не се во согласност со обврските утврдени во членовите 67(1), член 68(1), член 69, член 70(1), член 92(3) и член 96(2), Комисијата треба да побара дополнителни информации од земјата-членка. Во разумен рок, засегнатата земја-членка треба да достави барање на Комисијата на статистичките информации кои недостасуваат.

2. До 18 април 2017 година и на секои три години потоа, земјите-членки ќе ги проследат до Комисијата статистички извештај за набавка кои би биле опфатени со оваа директива ако нејзината вредност ги надминува релевантните прагови утврдени во член 15, што укажува на проценка на збирната вкупна вредност на овие набавки во текот на односниот период. Таа проценка може, особено, да се заснова на податоците со кои располага во согласност со националното објавување барања или на мостри врз основа проценки.

Тој извештај може да биде вклучен во извештајот наведен во член 99(3).

Член 102

Административна соработка

1. Земјите-членки ќе обезбедат меѓусебна помош, а ќе се утврди мерки за ефективна меѓусебна соработка, со цел да се обезбеди размена на информации во врска со прашањата наведени во членовите 62, 81 и 84. Тие ја гарантираат доверливоста на информациите кои ги разменуваат.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

2. Надлежните органи на сите земји-членки разменуваат информации во согласност со правилата за заштита на личните податоци предвидени во Директивата бр. 95/46/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот[1] и Директивата бр. 2002/58/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот[2].

3. Да се тестира погодноста за користење Информациски систем на внатрешниот пазар (ИМИ), основана со Регулативата (ЕУ) бр. 1024/2012 за цел размена на информации опфатена со оваа директива, пилот проект ќе биде лансиран на 18 април 2015 година.

НАСЛОВ V

ДЕЛЕГИРАНИ ОВЛАСТУВАЊА, ОВЛАСТУВАЊА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 103

Извршување на делегирањето

1. Овластувањето за донесување делегирани акти се доделува на Комисијата на условите утврдени во овој член.

2. Овластувањето за донесување делегирани акти наведени во членовите

4. 17, 40, 41, 76 и 83 ќе бидат доделени на Комисијата за неопределен временски период од 17 април 2014 година.

3. Делегацијата на власта наведени во членовите 4, 17, 40, 41, 76 и 83 може да се отповика во секое време од страна на Европскиот парламент или на Советот. Решение за одземање треба да се стави крај на делегирањето овтувања утврдени во таа одлука. Таа влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на одлуката во *Службен весник на Европската унија* или на подоцнежен датум наведен во него. Тоа нема да влијае на важноста на сите делегирани акти кои се веќе во сила.

4. Веднаш откако ќе се донесе делегиран акт, Комисијата ќе гиа известува истовремено Европскиот парламент и Советот.

5. Делегиран акт донесен согласно со членовите 4, 17, 40, 41, 76 и 83 ќе стапи во сила само ако немало приговор од страна на Европскиот парламент или Советот во рок од два месеци од објавувањето на актот за Европскиот парламент и на Советот или ако пред

истекот на тој период, Европскиот парламент и Советот и ја информирале Комисијата дека тие нема да го оспорат. Овој период може да се продолжи за два месеци по иницијатива на Европскиот парламент и на Советот.

[1]Директива 95/46/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 24 октомври 1995 година за заштита на лицата во однос на обработката на личните податоци и на слободното движење на таквите податоци (Сл. весник L 281, 23.11.1995 година, стр. 31).
[2]Директивата бр. 2002/58/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 12 јули 2002 година за обработка на личните податоци и заштитата на приватноста во секторот за електронски комуникации (Директива за приватност и електронски комуникации) (Сл. весник L 201, 31.7.2002 година , стр. 37).

Член 104

Итна постапка

1. Делегирани акти донесени во согласност со овој член влегуваат во сила веднаш и се применуваат доколку нема забелешки во согласност со став 2. Во известувањето за делегиран акт до Европскиот парламент и до Советот ќе се наведат причините за користење на постапката на итност.

2. Европскиот парламент или Советот може да се спротивставиат на делегиран акт во согласност со постапката наведена во член 103(5). Во таков случај, Комисијата ќе ги укине без одложување по известувањето за одлуката да поднесе приговор од страна на Европскиот парламент и на Советот.

Член 105

Постапка на комитет

1. Комисијата ќе биде помогната од Советодавниот комитет за јавни набавки утврдени со Одлуката бр. 71/306/ЕЕЗ[1] на Советот. Тој комитет е комитет во рамките на значењето на Регулативата (ЕУ) бр. 182/2011.

2. Кога се упатува на овој став, се применува член 4 од Регулативата (ЕУ) бр. 182/2011.

3. Кога се упатува на овој став, се применува член 5 од Регулативата (ЕУ) бр. 182/2011.

Член 106

Транспонирање и преодни одредби

1. Земјите-членки ги стават во сила законите, регулативите и административните одредби потребни за усогласување со оваа директива најдоцна до 18 април 2016 година. Тие веднаш ја известуваат Комисијата за текстот на овие мерки.

2. По исклучок од став 1 на овој член, земјите-членки може да ја одложат примената на член 40(1) до 18 октомври 2018 година, освен кога користењето на електронските средства е задолжително согласно членовите 52, 53, 54, член 55(3), член 71(2) или член 73.

По исклучок од став 1 на овој член, земјите-членки може да ја одложат примената на член 40(1) за централни тела за купување во согласност со член 55(3) до 18 април 2017 година.

Кога земјата-членка ќе одлучи да ја одложи примената на член 40(1), земјата-членка треба да обезбеди дека договорните субјекти можат да изберат помеѓу следниве средства за комуникација за целокупната комуникација и размена на информации:

(a) електронски средства во согласност со член 40;

(b) пошта или друг соодветен носител;

[1]Одлуката бр. 71/306/ЕЕЗ на Советот од 26 јули 1971 година за основање на Советодавниот комитет за јавни работи (Сл. весник L 185, 16.8.1971 година, стр. 15).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

(c) фах;

(d) комбинација на тие средства.

3. Кога земјите-членки ги донесуваат мерките наведени во ставовите 1 и 2, тие содржат упатување кон оваа директива или се придружени со такво упатување при нивното официјално објавување. Земјите-членки одредуваат како ќе се направи упатувањето.

Земјите-членки го доставуваат до Комисијата текстот на главните одредби од националното законодавство што се донесуваат на полето кое се регулира со оваа директива.

Член 107

Укинување

Директивата бр. 2004/17/ЕЗ се укинуваат од 18 април 2016 година.

Упатувањата на укинатата директива ќе се сметаат за повикувања на оваа директива и се читаат во согласност со табелата за корелација во Анекс XXI.

Член 108

Преглед

Комисијата ги разгледува економските ефекти на внатрешниот пазар, особено во однос на фактори како што се доделување на прекугранични договори и трансакциски трошоци, кои произлегуваат од примената на праговите утврдени во член 15 и за тоа ги известува Европскиот парламент и Советот до 18 Април 2019 година.

Комисијата, кога е можно и соодветно, треба да ја разгледа можноста да предложи зголемување на износите на праговите кои се применуваат согласно ГПА, за време на следната рунда преговори. Во случај на промена на износите на прагови кои се применуваат според ГПА, извештајот треба, каде што е соодветно, да биде проследен со законодавен предлог за промена на праговите утврдени во оваа директива.

Член 109

Влегување во сила

Оваа директива влегува во сила на дваесеттиот ден по нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Член 110

Адресати

Оваа директива се однесува на земјите-членки.

Стразбур, 26 февруари 2014 година.

За Европскиот парламент *За Советот*

Претседател *Претседател*

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

М. ШУЛЦ Д. КУРКУЛАС

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

АНЕКС I

ЛИСТА НА АКТИВНОСТИ КАКО ШТО Е НАВЕДЕНО ВО ТОЧКА (А) ОД ТОЧКА 2 ОД ЧЛЕН 2

Во случај на разлика во толкувањето меѓу ОПЈН/CPV и НАЦЕ, се применува ОПЈН/CPV-номенклатурата.

NACE ([1])					ОПЈН/CPV-ознака
ДЕЛ Ѓ			ГРАДЕЖНИШТВО		
Оддел	Група	Класа	Предмет	Забелешки	
45			Градежништво	Овој оддел вклучува: градење нови згради и работи, реставрација и поправки.	45000000
	45,1		Подготовка на локацијата		45100000
		45,11	Уривање згради; поместување земјиште	Оваа класа вклучува: — уривање згради и други структури, — расчистување градежни локации, — поместување земјиште: ископување, пополнување, порамнување на нивоа на земјиште и класифицирање на градежните локации, копање ровови, отстранување карпи, минирање, итн., — подготовка на терен за минирање, — отстранување на вишокот на материјал и	45110000

		45,12	Пробно дупчење и пробивање	Оваа класа вклучува: — пробно дупчење, пробно пробивање и земање примерок од почвата за градежни, геофизички, геолошки и слични цели. Оваа класа исклучува: — дупчење бунари за нафта и гас, види 11.20, — дупчење бунари за вода, види 45.25, — вметнување прстени,	45120000
	45,2		Изградба на комплетни конструкции или делови од нив, градежништво		45200000

		45,21	Општа изградба на згради и градежни работи	Оваа класа вклучува: — изградба на сите видови згради изградба на градежни конструкции, — мостови, вклучувајќи и мостови за надвозници, виј адукти, тунели и подземни железници, — цевководи, далноводи и телефонски водови, комуникациски линии, — урбани цевководи, урбани далноводи и комуникациски линии, — дополнителни урбани работи, — монтажа и подигнување на префабрикувани конструкции на локацијата. Оваа класа исклучува: — услужни активности поврзани за екстракција на нафта и гас, види 11.20, — подигнување на префабрикувани конструкции од небетонски делови направени од страна на изведувачот, види оддели 20, 26 и 28, — градежни работи, освен згради, за стадиони, базени, спортски сали, тениски игралишта, голф-терени и	45210000 Освен: – 45213316 45220000 45231000 45232000
		45,22	Ставање покриви и рамки	Оваа класа вклучува: — подигнување на покриви, — конструкции на покриви,	45261000

		45,23	Изградба на автопати, патишта, аеродромски писти и спортски објекти	Оваа класа вклучува: — изградба на автопатишта, улици, патишта, други возни и пешачки патеки, — изградба на железнички конструкции, — изградба на авионски писти, — градежни работи, покрај згради, за стадиони, базени, гимнастички сали, тениски игралишта, терени за голф и други спортски инсталации, — бојосување на ознаки на површината на патот и на паркинзите.	45212212 и DA03 45230000 освен: – 45231000 – 45232000 – 45234115
		45,24	Изградба на проекти за вода	Оваа класа вклучува — изградба на: — водени патишта, пристанишни и речни работи, пристаништа (марини), системи за заклучување итн., — брани и насипи, — ископување,	45240000
		45,25	Други градежни работи што вклучуваат конкретни занаети	Оваа класа вклучува: — градежни активности што се специјализирани за еден аспект што е заеднички за различни видови структури и кои бараат специјализирани квалификации или опрема, — изградба на темели, вклучувајќи набивање на земјиштето, — дупчење и изградба на бунари за вода, вметнување прстени, — подигнување челични елементи што не се самостојно произведени,	45250000 45262000

				— подигнување и демонтирање скелиња и работни платформи, вклучувајќи најмување скелиња и работни платформи, — подигнување оџаци и индустриски печки. Оваа класа исклучува: — најмување скелиња без подигнување и расклопување, види 71.32.	
	45,3		Инсталации во згради		45300000
		45,31	Инсталација на електрични кабли и елементи	Оваа класа вклучува: инсталација во згради или други градежни проекти на: — електрични водови и приклучоци, — телекомуникациски системи, — електрични системи за греење, — станбени антени и воздушни антени, — противпожарни аларми,	45213316 45310000 Освен: – 45316000
		45,32	Работа на изолација	Оваа класа вклучува: — инсталација на термичка, звучна и вибрациска изолација во згради или други градежни проекти. Оваа класа исклучува: — поставување системи за	45320000

		45,33	Водоводна инсталација	Оваа класа вклучува: — инсталација во згради или други градежни проекти на: — водоводна и санитарна опрема, — приклучоци за гас, — опрема и цевки за греење, вентилација, ладење	45330000
NACE ([1])					ОПЈН/CPV-ознака
ДЕЛ Ѓ			ГРАДЕЖНИШТВО		
Оддел	Група	Класа	Предмет	Забелешки	
				Оваа класа исклучува: — инсталација на електрични системи за греење, види 45.31.	
		45,34	Останата инсталација во зградата	Оваа класа вклучува: — инсталација на системи за осветлување и сигнализација за патишта, пруги, аеродроми и пристаништа, — инсталација во згради или други градежни	45234115 45316000 45340000
	45,4		Завршување на изградбата		45400000
		45,41	Малтерисување	Оваа класа вклучува: — нанесување внатрешен и надворешен малтер или гипс во згради или во други градежни проекти, вклучувајќи поврзани стругарски материјали.	45410000
		45,42	Инсталација на столарија	Оваа класа вклучува: — инсталација на врати, прозорци, рамки за врати и прозорци, монтирани кујни, скалила, приклучоци и слично кои не се направени од страна на изведувачот, од дрво и други материјали, — довршување на внатрешен простор, како што се тавани, дрвени sидни облоги, мобилни прегради итн.	45420000

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

		45,43	Подни и sидни облоги	Оваа класа вклучува: — поставување, поплочување, закачување или вклопување на следново во згради или други градежни проекти: — керамички, бетонски sидни или подни плочки, или sидни и подни плочки од режан камен, — паркет и други дрвени подни облоги, теписи и подни облоги од линолеум,	45430000
		45,44	Бојосување и застаклување	Оваа класа вклучува: — внатрешно и надворешно бојосување згради, — бојосување градежни структури, Оваа класа не опфаќа: Оваа класа исклучува:	45440000
		45,45	Друго довршување на зграда	Оваа класа вклучува: — поставување приватни базени, — чистење со пареа, чистење со песочен млаз и слични активности за екстериери, — друго довршување на зграда и завршни работи кои не се посебно наведени. Оваа класа исклучува:	45212212 и DA04 45450000
	45,5		Најмување градежна опрема или опрема за уривање со оператор		45500000
		45,50	Најмување градежна опрема или опрема за уривање со оператор	Оваа класа исклучува: — најмување градежни машини или машини за уривање и опрема без оператори, види 71.32.	45500000

([1]) Регулатива на Советот (ЕЕЗ) бр. 3037/90 од 9 весник С 293, 24.10.1990 година, стр. 1).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

АНЕКС II

ЛИСТА НА ПРАВНИ АКТИ НА УНИЈАТА НАВЕДЕНА ВО ЧЛЕН 4(3)

Права кои се обезбедени преку постапка во која бил обезбеден соодветен публицитет и каде што обезбедувањето на тие права се заснова на објективни критериуми, не претставуваат „договорни субјекти“ во рамки на значењето на член 4 од оваа директива. Подолу се наведуваат постапки, обезбедувајќи соодветна транспарентност врз основа на други правни акти на ЕУ кои не претставуваат „посебни или ексклузивни права“ во рамките на значењето на член 4 од оваа дДиректива:

(a)давање на овластување за работа на инсталации за природен гас, во согласност со постапките утврдени во член 4 од Директивата бр. 2009/73/ЕЗ;

(b)овластување или покана за учество на тендер за изградба на нови инсталации за производство на електрична енергија во согласност со Директивата бр. 2009/72/ЕЗ;

(c)одобрувањето во согласност со постапките утврдени во член 9 од Директивата бр. 97/67/ЕЗ за овластувања во однос на поштенски услуги кои не се или не треба да се резервирани;

(d)постапка за доделување на одобрение за вршење на дејност која вклучува експлоатација на јагленоводороди во согласност со Директивата бр. 94/22/ЕЗ;

(e)договори за јавни услуги во рамките на значењето на Регулативата (ЕЗ) бр. 1370/2007 за обезбедување на јавни транспортни услуги со автобус, трамвај, железница или метро кои се доделуваат врз основа на конкурентна тендерска постапка, во согласност со член 5(3) од истата, доколку неговата должина е во согласност со член 4(3) или (4) од таа регулатива.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

АНЕКС III

ЛИСТА НА ПРАВНИ АКТИ НА УНИЈАТА НАВЕДЕНА ВО ЧЛЕН 34(3)

А. **Транспорт или дистрибуција на гас или греење**Директива бр. 2009/73/ЕЗ

Б. **Производство, пренос или дистрибуција на електрична енергија** Директива бр. 2009/72/ЕЗ

В. **Производство, транспорт или дистрибуција на вода за пиење**[Празно]

Г. **Договорни субјекти во областа на железнички услуги**Железнички товарен транспорт

Директива бр. 2012/34/ЕУ

Меѓународен железнички патнички транспорт

Директива бр. 2012/34/ЕУ

Национален железнички патнички транспорт

[Празно]

Д. **Договорни субјекти во областа на градски железнички, трамвајски, тролејбуски или моторни автобуски услуги** [Празно]

Ѓ. **Договорни субјекти во областа на поштенски услуги**Директива бр. 97/67/ЕЗ

Е. **Вадење нафта или плин** Директива 94/22/ЕЗ

Ж. **Истражување и вадењена јаглен или други течни горива** [Празно]

З. **Договорните субјекти од областа на пристаниште или внатрешни пристаништа или друга терминална опрема** [Празно]

S. **Договорните субјекти од областа на аеродромските инсталации** [Празно]

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

АНЕКС IV

РОКОВИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА АКТИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 35

1. Актите за спроведување наведени во член 35 ќе се донесат во следните периоди:

(a)90 работни дена, каде што слободниот пристап на одреден пазар се претпоставува врз основа на првиот потстав од член 34(3);

(b)130 работни дена, во случаи различни од оние наведени во точка (a).

Периодите наведени во точките (а) и (б) од овој став ќе бидат продолжени за 15 работни дена кога барањето не е придружено со образложение и поткрепена позиција, донесено од страна на независен национален орган кој е надлежен за односната активност, кој темелно ги анализира условите за можна примена на членот 34(1) за односната дејност, во согласност со член 34(2) и (3).

Тие рокови ќе започнат на првиот работен ден по денот на кој Комисијата го добила барањето од член 35(1) или, кога информацијата треба да биде доставена со барањето е некомплетна, во работниот ден по приемот на целосни информации.

Периодите наведени во првиот потстав може да бидат продолжени од страна на Комисијата во договор со земјата-членка или договорниот субјект кој го презентирал барањето.

2. Комисијата може да бара од земјата-членка или на договорниот субјект или независен национален орган наведен во став 1 или друг надлежен државен орган за да ги обезбеди сите потребни информации или да ги дополни или појасни информациите дадени во соодветен временски рок. Во случај на задоцнети или нецелосни одговори, периодите наведени во првиот потстав од став 1, ќе биде суспендиран за периодот по истекот на рокот определен во барањето за информации, а приемот на целосни и точни информации.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

АНЕКС V

УСЛОВИ ПОВРЗАНИ СО АЛАТИ И УРЕДИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДИ, БАРАЊА ЗА УЧЕСТВО, БАРАЊА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ КАКО И ПЛАНОВИ И ПРОЕКТИ ВО ПОВИЦИ ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ

Алатките и уредите за електронски прием на понуди, барања за учество, барања за квалификации, како и планови и проекти во конкурсите мора да гарантираат, преку технички средства и соодветни постапки, барем дека:

(а)точното време и датум на прием на понуди, барања за учество, апликации за квалификација, како и поднесување планови и проекти може да се утврдат прецизно;

(b)може разумно да се осигури дека, пред пропишаните временски рокови, никој не може да има пристап до податоците што се пренесени под овие услови;

(c)само овластени лица можат да ги одредат или сменат датумите за отворање на добиените податоци;

(d)во текот на различните фази на постапката за квалификација, постапката за набавка или понуди, пристапот до сите податоци доставени или да дел од нив, мора да биде овозможен само за овластени лица;

(е)само овластени лица мора да овозможат пристап до пренесените податоци и само по пропишаниот датум;

(f) добиените и отворени податоци во согласност со овие услови мора да бидат достапни само за лицата кои се овластени да се запознаени со нив,

(g)кога забраните или условите за пристап наведени во точките од (б) до (ѓ) се повредени или постои обид да се стори тоа, може да биде разумно да се обезбеди дека прекршувањат или обидите се јасно забележливи.

АНЕКС VI

ДЕЛ А

ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ПЕРИОДИЧНИТЕ ИНДИКАТИВНИ ИЗВЕСТУВАЊА

(како што е наведео во член 67)

3. **Информации кои треба да се вклучат во сите случаи**

1. Име, број за идентификација (каде што е предвидено во националното законодавство), адреса, вклучувајќи НУТС ознака, телефон, факс, електронска пошта и интернет адреса на договорниот субјект и, кога се различни, на службата од која се добиени дополнителни информации.

2. Основна активност.

3. (а) за набавка на стоки: природата и количината или вредноста на услугите или производите што треба да се обезбедат (CPV шифри).

(b)За договори за работи: природата и степенот на услугите што треба да се обезбедат, општите карактеристики на работата или на деловите со упатување на работата (CPV шифри).

(c)За договори за услуги: наменета вкупна набавка во секоја од категориите на услуги кои се предвидени (CPV шифри).

4. Датум на испраќање на известувањето или на испраќање на известувањето за објавување на ова известување на профилот на купувачот.

5. Која било соодветна информација.

II. **Дополнителни информации кои треба да бидат доставени кога известувањето се користи како средство за повик за прибирање понуди или овозможува намалување на роковите за приемот на понуди (член 67(2))**

6. Упатување на фактот дека заинтересираните економски оператори треба да го советуваат субјектот за нивниот интерес за договорот или договорите.

7. Електронска пошта или интернет адреса на која спецификациите на документите за јавни набавки ќе бидат достапни за неограничен и целосен директен пристап, бесплатно.

Кога неограничен и целосен директен пристап, бесплатно, не е достапен за причините утврдени во третиот и четвртиот потстав од член 73(1), што е показател за тоа како

може да се пристапи до документи за јавни набавки.

8. Каде што е соодветно, да се наведе дали договорот е резервиран за заштитени работилници или дали неговите перформанси се резервирани во контекст на заштитните програми за вработување.

9. Временски рок за прием на апликациите за добивање покана за доставување понуди или за преговарање.

10.Природата и количината на производите на работата или категоријата на услуга и опис наведува ако рамковен договор(и) е предвиден(и), вклучувајќи какви било опции за понатамошна набавка и проценетото време на располагање за остварување на овие опции, како и природата и количината на производите доставени, наведувајќи бројот на обновување, ако има. Во случај на повторување на договорите, исто така, процена на времето на подоцнежните повици за прибирање понуди. Наведува дали купувањето, закупување, лизинг или купување на одложено плаќање или било која комбинација од овие се вклучени.

11.НУТС ознака за главната локација на дела во случај на работите или НУТС ознака за главното место на испорака или извршување на материјали и услуги; ако договорот е поделен на делови, оваа информација ќе биде обезбедена за секој дел.

12.Временските рокови за испорака или завршување или траење на договорот за услуги и, колку што е можно, за започнување.

13.Адресата на која заинтересираните претпријатија треба да ги испратат своите изрази на интерес во писмена форма.

14.Рок за прием на изразите на интерес.

15.Јазик или јазици дозволени за презентирање на кандидатурите или понудите.

16.Економските и техничките услови и финансиски и технички гаранции што се бараат од снабдувачите.

17.(а) Проценет датум за започнување на постапките за јавни набавки во поглед на договорот или договорите (доколку е познат);

(б) Вид на постапка за јавни набавки (ограничена постапка, без разлика дали вклучуваат систем за динамично купување, или постапка со преговарање).

18.Каде што е соодветно, посебни услови на кои е предмет извршувањето на договорот.

19.Каде што е соодветно, наведување дали:

(а)електронско доставување на понудите или пријавите за учество ќе се бараат/прифатат,

(b)ќе се користи електронско издавање налози,

(c)ќе се користи електронско издавање фактури,

(d)ќе се прифаќа електронско плаќање.

20.Назив и адреса на телото одговорно за жалби и, кога е соодветно, медијациски постапки. Прецизни информации кои се однесуваат на рокови за поднесување на жалби, или доколку има потреба, назив, адреса, телефонски број, број на факс и електронска пошта на службата од која овие информации можат да се добијат.

21.Онаму каде што се познати, критериуми од член 82 ќе се користат за доделување на договорот:. Освен кога се идентификува економски најповолната понуда врз основа на самата цена, критериумите за застапување на економски најповолната понуда, како и нивниот коефициент или, каде што е соодветно, редоследот на важност на овие критериуми се наведува, каде што тие не се појавуваат во спецификациите или нема да бидат наведени во поканата за потврдување интерес наведена во точка (б) од член 67(2) или во поканата за учество на тендер или да се преговара.

ДЕЛ Б

ИНФОРМАЦИИТЕ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ИЗВЕСТУВАЊАТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЕРИОДИЧНИ ИНДИКАТИВНИ ИЗВЕСТУВАЊА ЗА ПРОФИЛОТ НА КУПУВАЧОТ НЕ СЕ КОРИСТАТ КАКО СРЕДСТВА ЗА ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ

(како што е наведено во член 67(1))

1. Име, број за идентификација (каде што е предвидено во националното законодавство), адреса, вклучувајќи НУТС ознака, телефон, факс, електронска пошта и интернет адреса на договорниот субјект и, кога се различни, на службата од која се добиени дополнителни информации.

2. Основна активност.

3. CPV шифри.

4. Интернет адреса на „профил на купувачот“ (УРЛ).

5. Датум на испраќање на известувањето за објавување со претходното известување за информации за профилот на купувачот.

АНЕКС VII

ИНФРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ДОКУМЕНТИТЕ ЗА НАБАВКИ ПОВРЗАНИ СО ЕЛЕКТРОНСКИТЕ АУК (ЧЛЕН 53(4))

Кога договорните субјекти одлучиле да се одржи електронска аукција, документите за јавни набавки ги содржат најмалку следните податоци:

(a)карактеристиките чии вредности ќе бидат предмет на електронска аукција, под услов таквите карактеристики да се определат и може да се изрази во бројки или проценти;

(b)сите ограничувања на вредностите кои може да се поднесат, бидејќи тие произлегуваат од спецификациите во врска со предметот на договорот;

(c)информации кои ќе им бидат достапни на понудувачите во текот на електронската аукција и, кога е соодветно, кога ќе им бидат ставени на располагање;

(d)релевантни информации во врска со електронската аукција;

(e)условите под кои понудувачите ќе можат да поднесуваат понуди и, особено, минималните разлики кои, онаму каде што е соодветно, се барат при наддавање;

(f) релевантни информации во врска со електронската опрема која што се користи и аранжманите и техничките спецификации за поврзување.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

АНЕКС VIII

ДЕФИНИЦИИ ЗА ОДРЕДЕНИ ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

За целите на оваа директива,

(1) „техничка спецификација“ е една од следните:

(a)во случај на договори за услуги или понуди, спецификациите во документ што ги дефинира потребните карактеристики на производ или услуга, како што се нивоа на квалитет, нивоа на еколошки и климатски перформанси, дизајн за сите услови (вклучувајќи достапност за инвалидизирани лица) и процена на сообразноста, перформанси, употреба на производот, безбедност или димензии, вклучувајќи ги условите што се релевантни за производот во однос на името под кое се продава производот, терминологија, симболи, тестирање и методи за тестирање, пакување, означување и етикетирање, упатство за употреба, производствени процеси и методи во која било фаза од животниот циклус на добра или услуги и оцена на процедури за сообразност;

(b)во случај на договори за работи, вкупните технички прописи кои се вклучени конкретно во документите за јавни набавки, ги дефинираат потребните карактеристики на материјал, производ или услуга и овозможуваат материјалот, производот или услугата да бидат опишани на таков начин на кој ја исполнува целта што ја планирал договорниот субјект; тие карактеристики вклучуваат нивоа на животната средина и климатските промени, дизајн за сите услови (вклучувајќи достапност за инвалидизирани лица) и процена на усогласеноста, перформанси, безбедност или димензии, вклучувајќи ги постапките во врска со гарантирање на квалитетот, терминологија, симболи, тестирање и методи за тестирање, пакување, означување и етикетирање, инструкции за корисниците и производствени процеси и методи во која било фаза од животниот циклус на работите; тие карактеристики, исто така, вклучуваат правила во врска со подготовка и процена на трошоците, тестирање, инспекција и прифаќање на условите за работи и техники или методи на изградба и сите други технички услови кои договорниот субјект е во позиција да ги пропише според општите или посебните прописи во однос на завршените работи и материјалите или деловите што тие ги вклучуваат;

(2) „стандард“ значи техничка спецификација, усвоена од страна на признат орган за стандардизација за повеќекратна или континуирана примена, со кој усогласеноста не е задолжителна, и е еден од следниве:

(a)„меѓународен стандард“ е стандард кој е усвоен од меѓународна организација за стандардизација и на располагање на јавноста,

(b)„Европски стандард“ е стандард кој е усвоен од страна на Европската организација за стандардизација и ставен на располагање на јавноста,

(c)„национален стандард“ е стандард кој е усвоен од страна на национална организација за стандардизација и ставен на располагање на јавноста;

(3)„Европската техничка оценка“ е документирана проценка на перформансите на градежен производ, во однос на неговите основни карактеристики, во согласност со соодветните европски документи за оценка, како што е дефинирано во точка 12 од член 2 од Регулативата (ЕУ) бр. 305/2011 на Европскиот парламент и на Советот[1];

(4)„заедничка техничка спецификација“ е техничка спецификација во областа на ИКТ утврдена во согласност со членовите 13 и 14 од Регулативата (ЕУ) бр. 1025/2012;

(5)„технички референци“ значи кој било остварлив производ од европските тела за стандардизација, освен европските стандарди, според постапки приспособени на развојот на потребите на пазарот.

[1]Регулатива (ЕУ) бр. 305/2011 на Европскиот парламент и на Советот од 9 март 2011 година за утврдување на хармонизирани услови за маркетинг на градежни производи и за укинување на Директива 89/106/ЕЕЗ (Сл. весник L 88, 14.8.2009 година, стр. 5).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

АНЕКС IX

КАРАКТЕРИСТИКИ ВО ВРСКА СО ОБЈАВУВАЊЕТО

1. **Објавување на известувањата**

Известувањата наведени во членовите од 67, 68, 69, 70, 92 и 96 мора да ги испратат договорните субјекти до Службата за публикации на Европската унија и да се објават во согласност со следните начела:

(а) Известувањата од членовите 67, 68, 69, 70, 92 и 96 ќе бидат објавени од Службата за публикации на Европската унија или од договорните субјекти во случај на периодичното информативно известување објавено на профилот на купувачот во согласност со член 67(1).

Покрај тоа, договорните субјекти можат да ја објават оваа информација на интернет на „профилот на купувачот“, како што е наведено во точка 2(б) подолу;

(б) Службата за публикации на Европската унија ќе му даде на договорниот субјект потврда наведена во вториот потстав од член 71(5).

2. **Објавување комплементарни или дополнителни информации**

(a)Освен ако не е поинаку предвидено во третиот и четвртиот потстав од член 73(1), договорните субјекти ќе ги објават документите за набавка во целост на интернет;

(b)Профилот на купувачот може да вклучува периодични индикативни известувања како што е наведено во член 67(1), информации за тековните покани за учество на тендер, планирани набавки, склучени договори, откажани постапки и сите корисни општи информации, како точка на контакт, телефон и факс број, адреса и електронска пошта. Профилот на купувачот може да вклучува периодични индикативни известувања кои се користат како средство за повик за прибирање понуди, кои се објавени на национално ниво во согласност со член 72.

3. **Формат и постапки за електронски пренос на известувања**

Форматот и постапките за електронско испраќање на известувањата како што утврдила Комисијата може да се видат на интернет адресата „http://simap.europa.eu“

АНЕКС X

ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ПОСТОЕЊЕ НА СИСТЕМ ЗА КВАЛИФИКАЦИИ

(како што е наведено во точка (б) од член 44(4) и во член 68)

1. Име, број за идентификација (каде што е предвидено во националното законодавство), адреса, вклучувајќи НУТС ознака, телефон, факс, електронска пошта и интернет адреса на договорниот субјект и, кога се различни, на службата од која се добиени дополнителни информации.

2. Основна активност.

3. Каде што е соодветно, да се наведе дали договорот е резервиран за заштитени работилници или дали неговите перформанси се резервирани во контекст на заштитните програми за вработување.

4. Целта на квалификацискиот систем (опис на производи, услуги или работи или категории од него треба да се набават преку системот - CPV ознаки). НУТС ознака за главната локација на дела во случај на работите или НУТС ознака за главното место на испорака или извршување на материјали и услуги.

5. Услови што треба да бидат исполнети од страна на економскиот оператор во поглед на нивните квалификации според системот и методите според кои секој од овие услови ќе биде потврден. Онаму каде што описот на таквите услови и методи на верификација е обемен и врз основа на документи достапни за заинтересираните економски оператори, резиме на главните услови и методи и упатување на тие документи треба да бидат доволни.

6. Период на важење на квалификацискиот систем и формалностите за негово обновување.

7. Упатување на фактот дека известувањето делува како повик за прибирање понуди.

8. Адреса на која може да се добијат дополнителни информации и документација во врска со квалификацискиот систем (каде што е различен од адресите наведени под точка (1).

9. Назив и адреса на телото одговорно за жалби и, кога е соодветно, медијациски постапки. Прецизни информации кои се однесуваат на рокови за поднесување на жалби, или доколку има потреба, назив, адреса, телефонски број, број на факс и електронска пошта на службата од која овие информации можат да се добијат.

10. Онаму каде што се познати, критериумите од член 82 ќе се користат за доделување на договорот. Освен кога се идентификува економски најповолната понуда врз основа на самата цена, критериумите за застапување на економски најповолната понуда, како и нивниот коефициент или, каде што е соодветно, редоследот на важност на овие

критериуми се наведува, каде што тие не се појавуваат во спецификациите или нема да бидат наведени во поканата за потврдување интерес за учество на тендер или за преговарање.

11.Каде што е соодветно, наведување дали:

(a)електронско доставување на понудите или пријавите за учество ќе се бараат/прифатат,

(b)ќе се користи електронско издавање налози,

(c)ќе се користи електронско издавање фактури,

(d)ќе се прифаќа електронско плаќање.

12.Која било соодветна информација.

АНЕКС XI

ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ИЗВЕСТУВАЊАТА ЗА ДОГОВОРИ

(како што е наведео во член 69)

а. ОТВОРЕНИ ПОСТАПКИ

1. Име, број за идентификација (каде што е предвидено во националното законодавство), адреса, вклучувајќи НУТС ознака, телефон, факс, електронска пошта и интернет адреса на договорниот субјект и, кога се различни, на службата од која се добиени дополнителни информации.

2. Основна активност.

3. Каде што е соодветно, да се наведе дали договорот е резервиран за заштитени работилници или дали неговите перформанси се резервирани во контекст на заштитните програми за вработување.

4. Природа на договорот (набавки, работи или услуги, каде што е соодветно, да се наведе дали тоа е рамковна спогодба или динамичен систем на набавки), опис (CPV ознаки). Каде што е соодветно, да се наведе дали тендерите се бараат за купување, лизинг, најмување или купување или која било комбинација од овие.

5. НУТС ознака за главната локација на дела во случај на работите или НУТС ознака за главното место на испорака или извршување на материјали и услуги.

6. За набавки и работи:

(а)природа и количина на производите кои треба да се обезбедат (CPV ознаки), вклучувајќи какви било опции за понатамошна набавка и доколку е можно, проценетото време на располагање за остварување на овие опции, како и бројот на обновување, ако има. Во случај на обновени договори, исто така, доколку е можно, процена на времето на подоцнежните повици за прибирање понуди за производите кои треба да се набават или за природата и степенот на услугите што треба да се обезбедат и општата природа на работата (CPV ознаки) ;

(b)показател за тоа дали снабдувачите можат да поднесат понуда за некои и/или сите потребни производи.

Доколку, за договорите за работи, работата или договорот е поделен на неколку делови, редоследот на големината на различните делови и можноста да се поднесе понуда за еден, за неколку или за сите делови;

(в) за договори за работи: информации во врска со целта на работата или договорот каде што вториот исто така вклучува подготвување проекти.

7. За услуги:

(a)Природа и количина на производите кои треба да се обезбедат, вклучувајќи какви било опции за понатамошна набавка и доколку е можно, проценетото време на располагање за остварување на овие опции, како и бројот на обновување, ако има. Во случај на повторување на договорите, исто така, доколку е можно, процена на времето на подоцнежните повици за прибирање понуди, за услугите кои треба да се набават;

(b)Наведување дали извршувањето на услугата е резервирано со закон, регулатива или административна одредба за конкретна професија;

(c)Упатување на закон, регулатива или административна одредба;

(d)Наведување дали правните лица треба да ги наведат имињата и професионалните квалификации на персоналот кој ќе биде одговорен за извршување на услугата;

(e)Наведување дали вршителите на услуги можат да поднесат понуда за дел од односните услуги.

8. Каде што е познато, наведување дали овластувањето поднесување на алтернативни понуди постои или не.

9. Временските рокови за испорака или завршување или траење на договорот за услуги и, колку што е можно, за почетниот датум.

10. Електронска пошта или интернет адреса на која документите за јавни набавки ќе бидат достапни за неограничен и целосен директен пристап, бесплатно.

Кога неограничен и целосен директен пристап, бесплатно, не е достапен за причините утврдени во третиот и четвртиот потстав од член 73(1), што е показател за тоа како може да се пристапи до документи за јавни набавки.

11. (a) Краен датум за доставување на понуди или индикативни понуди кога се воведува систем за динамично купување;

(b)Адреса на која тие се испраќаат;

(c)Јазик или јазици на кои се изготвуваат.

12.(a) Кога се применува, лицата кои се овластени да бидат присутни на отворањето на понудите; (б) датум, време и место на таквото отворање.

13.Каде што е применливо, кои било депозити и гаранции кои се потребни.

14.Основни услови за финансирање и плаќање и/или упатување на одредбите во кои се содржани.

15.Каде што е соодветно, правната форма која што треба да ја добие со групирање на економските оператори на кои е доделен договорот.

16.Минимални економски и технички услови кои се бараат од економскиот оператор на кој се доделува договорот.

17.Период во текот на кој понудувачот е обврзан да ја има понудата отворена.

18.Каде што е соодветно, посебни услови на кои е предмет извршувањето на договорот.

19.Критериумите наведени во член 82 треба да се користат за доделување на договорот. Освен кога се идентификува економски најповолната понуда врз основа на самата цена, критериумите за застапување на економски најповолната понуда, како и нејзиниот коефициент или, каде што е соодветно, редоследот на важност на овие критериуми наведува дали тие се појавуваат во спецификациите или не.

20.Каде што е соодветно, датумите и упатувањата на објавувањето во *Службениот весник на Европската унија* за периодично информативно известување или за известувањето за објавувањето на ова известување на профилот на купувачот на кој упатува договорот.

21.Назив и адреса на телото одговорно за жалби и, кога е соодветно, медијациски постапки. Прецизни информации кои се однесуваат на рокови за поднесување на жалби, или доколку има потреба, назив, адреса, телефонски број, број на факс и електронска пошта на службата од која овие информации можат да се добијат

22.Датум на проследување на известувањето од страна на договорниот субјект.

23.Која било соодветна информација.

В. ОГРАНИЧЕНИ ПОСТАПКИ

1. Име, број за идентификација (каде што е предвидено во националното законодавство), адреса, вклучувајќи НУТС ознака, телефон, факс, електронска пошта и интернет адреса на договорниот субјект и, кога се различни, на службата од која се добиени дополнителни информации.

2. Основна активност.

3. Каде што е соодветно, да се наведе дали договорот е резервиран за заштитени работилници или дали неговите перформанси се резервирани во контекст на заштитните програми за вработување.

4. Природа на договорот (набавки, работи или услуги, каде што е соодветно, да се наведе дали станува збор за рамковна спогодба); Опис (CPV ознаки). Каде што е соодветно, да се наведе дали тендерите се бараат за купување, лизинг, најмување или купување или која било комбинација од овие.

5. НУТС ознака за главната локација на дела во случај на работите или НУТС ознака за главното место на испорака или извршување на материјали и услуги.

6. За набавки и работи:

(а)Природа и количина на производите кои треба да се обезбедат (CPV ознаки), вклучувајќи какви било опции за понатамошна набавка и доколку е можно,

проценетото време на располагање за остварување на овие опции, како и бројот на обновување, ако има. Во случај на обновени договори, исто така, доколку е можно, процена на времето на подоцнежните повици за прибирање понуди за производите кои треба да се набават или за природата и степенот на услугите што треба да се обезбедат и општата природа на работата (CPV ознаки) ;

(b)Показател за тоа дали снабдувачите можат да поднесат понуда за некои и/или сите потребни производи.

Доколку, за договорите за работи, работата или договорот е поделен на неколку делови, редоследот на големината на различните делови и можноста да се поднесе понуда за еден, за неколку или за сите делови;

(c) Информации во врска со целта на работата или договорот каде што вториот исто така вклучува подготвување проекти.

7. За услуги:

(a)Природа и количина на производите кои треба да се обезбедат, вклучувајќи какви било опции за понатамошна набавка и доколку е можно, проценетото време на располагање за остварување на овие опции, како и бројот на обновување, ако има. Во случај на повторување на договорите, исто така, доколку е можно, процена на времето на подоцнежните повици за прибирање понуди, за услугите кои треба да се набават;

(b)Наведување дали извршувањето на услугата е резервирано со закон, регулатива или административна одредба за конкретна професија;

(c)Упатување на закон, регулатива или административна одредба;

(d)Наведување дали правните лица треба да ги наведат имињата и професионалните квалификации на персоналот кој ќе биде одговорен за извршување на услугата;

